# СОЕДИНУВАЊЕ НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА

## – ХРИСТОС ВО ПОСЛАНИЈАТА ДО ФИЛИПЈАНИТЕ И КОЛОШАНИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2026

**СОЕДИНУВАЊЕ НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА – ХРИСТОС ВО ПОСЛАНИЈАТА ДО ФИЛИПЈАНИТЕ И КОЛОШАНИТЕ**

Автор: Клинтон Волен

Број 1/2026

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:


1. Прогонет, но не и напуштен ..................................................... 7

2. Причини за благодарност и молитва ...................................... 14

3. Живот и смрт ............................................................................ 21

4. Единство преку понизност ....................................................... 28

5. Како светилки во ноќта ............................................................ 35

6. Доверба само во Христа ........................................................... 42

7. Небесно државјанство .............................................................. 49

8. Христовата превозвишеност .................................................... 56

9. Помирување и надеж ................................................................ 63

10. Целосни во Христа .................................................................. 70

11. Животот со Христос ................................................................ 77

12. Живот еден со друг ................................................................. 84

13. Стоејќи во сета Божја волја ..................................................... 91


**Додаток**


Утрински стихови – јануари ......................................................... 98

Утрински стихови – февруарии ..................................................... 99

Утрински стихови – март ............................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата ............................................... 102

Текстови за вечерно богослужение .............................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ............................ 104

# СОЕДИНУВАЊЕ НА НЕБОТО И ЗЕМЈАТА



Сетете се на најтешката работа што некогаш сте ја правеле. Што ја правело тешка? Дали тоа биле високите очекувања или рокот за завршување на работата, или и двете? Дали бил во прашање вашиот став кон доделената задача? Или можеби луѓето со кои сте работеле? Или едноставно ви се чинело дека никогаш нема да успеете во тоа?

Размислете за целта на планот на спасението – соединување на небото и земјата. Звучи невозможно? Човечки кажано, невозможно е. И сепак, непосредно пред неговото вознесение на небото, Исус им дал на своите апостоли навидум невозможна задача: „Затоа одете и направете од сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да го чуваат сето она што ви го заповедав" (Матеј 28,19.20).

Исус го испратил и Павле кај незнабошците за да изврши една навидум невозможна задача: „Да им ги отвориш очите нивни, та да се обратат од темнината во светлина и од власта на сатаната кон Бога, па преку верата во Мене да примат простување на гревовите и наследство меѓу осветените" (Дела 26,18).

Некои едноставно би кренале раце кога би им била понудена таква работа. Но, обраќајќи им се на своите апостоли, Исус додал: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот" (Матеј 28,20). А на Павле му рекол: „Но стани и исправи се на нозете свои; затоа и ти се јавив, да те направам служител и сведок на ова што го виде и што ќе ти откријам" (Дела 26,16).

Накратко, Исус ни доделува, човечки гледано, невозможни задачи, така што, наместо на самите нас, мора да се потпреме на Него за да ги оствариме. Тој никогаш не ни дава работа без да ни обезбеди сила да ја извршиме. „Кога човечката волја соработува со Божјата волја, таа станува семоќна. Сè што треба да се прави по негова заповед, направи го тоа со негова сила. Сите негови заповеди едновремено и оспособуваат заповедта да се изврши" (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи* , стр. 333 оригинал).

Едноставно е неверојатно, но до времето кога Павле го напишал Посланието до Колошаните, евангелието веќе било „проповедано на секое

поднебесно создание“ (Колошаните 1,23). Секако, не сите го прифатиле. Но, ако внимателно ги погледнеме налозите што Исус им ги дал на другите апостоли (Матеј 28,18-20) и на Павле, ќе видиме дека Тој никогаш воопшто и не ветил дека сите ќе станат ученици или дека сите ќе се обратат. „И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14). Какво сведоштво е тоа? И како точно се постигнува таа цел?

Во ова тримесечје ќе ги проучуваме Павловите посланија до Филипјаните и Колошаните. Тие имаат важни сличности. Пред сè, тие го откриваат Христос, кој единствено е способен да ги обедини небото и земјата. Тој ја претставува таа скала што Јаков ја видел како се протега од земјата до небото (1. Мојсеева 28,12; споредете со стихот Јован 1,51). Како Син Човечки, Тој нè избавува од гревот, а како Син Божји, Тој посредува за нас.

Додека ги проучуваме овие посланија, ќе ги согледаме тие два аспекти на Исусовата личност. Ќе разгледаме некои од највозвишените изјави кои можат да се најдат во врска со Христовото божество и Неговото откажување од сè за да нè спаси. Ќе го видиме Павле како од затвор се бори со проблеми во една црква што самиот ја основал (во Филипи) и во една црква што тој лично никогаш не ја посетил (во Колоси). Врските што ги воспоставил Павле во целата „глобална црква“ од тоа време му овозможиле да се справува со предизвиците, дури и од римски затвор. Тој бил свесен дека неговото време е кратко и правел сè што можел за да ги доближи припадниците на црквата до небото и едни до други. Правејќи го тоа, тој ни покажува како Божјата црква и денес може да се соедини со небото денес за да го исполни налогот за последното време од текстот Откровение 14, кој ни е познат како „трите ангелски пораки“.

*Д-р Клинтон Волен е помошник директор на Институтот за библиски истражувања при Генералната конференција. Неговата стручна област го опфаќа Новиот завет, херменевтиката и адвентистичката историја. Тој живеел и работел во Германија, на Нов Зеланд, во Русија, Обединетото Кралство и на Филипините. Тој и неговата сопруга, Цина, имаат две возрасни деца, снаа и две внучиња.*

**1. Лекција**
**Од 27 декември 2025 до 2 јануари 2026**

# ПРОГОНЕТ, НО НЕ И НАПУШТЕН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 3,1; 2. Коринќаните 4,7-12; Дела 9,16; Филимон 1,15.16; Колошаните 4,9; Филипјаните 1,1-3; Колошаните 1,1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Радувајте се секогаш во Господ, и пак ќе речам: радувајте се!“ (Филипјаните 4,4)**

Еден адвентистички пастор, уапсен под лажни обвиненија, поминал речиси две години зад решетки. Иако на почетокот бил мошне збунет, со текот на времето сфатил дека затворот бил негово од Бога дадено мисионско поле. Кога другите затвореници дознале дека е пастор, барале од него да проповеда, и тој тоа и го правел, а делел и литература. Дури и крштевал затвореници и одржувал Господова вечера. „Понекогаш“, признал тој, „беше тешко да се служи во затворот, но имаше и радост, особено кога гледате одговори на молитвите и променети животи“.

На Филипјаните и на Колошаните Павле им пишувал од затвор (видете Филипјаните 1,7; Колошаните 4,3). Во самиот град Филипи, кога Павле и Сила биле неправедно обвинети, затворскиот чувар „нозете им ги стегна во клада“ (Дела 16,24). А потоа, на полноќ, тие „се молеа и Го славеа Бога, а затворениците ги слушаа“ (Дела 16,25). Тие навистина знаеле како да се радуваат „секогаш“.

Оваа седмица ќе ги разгледаме околностите со кои се соочил Павле. Тој видел поширока смисла во она што му се случувало, и можеби можеме да научиме од него како и самите да се соочиме со нашите сопствени искушенија кога ќе дојдат, како што неизбежно ќе се случи.

# ПАВЛЕ, ЗАТВОРЕНИК НА ИСУСА ХРИСТА

Посланијата до Филипјаните и Колошаните се нарекуваат затворски посланија бидејќи се напишани додека Павле бил во затвор (други такви посланија се Ефесјаните и до Филимон). Повеќето коментатори сметаат дека тие се напишани додека Павле бил во Рим, околу 60-62 година од н. е. (видете Дела 28,16).

**Прочитајте Ефесјаните 3,1 и Филимон 1. Зошто е значаен начинот на кој Павле го опишува своето заточеништво?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Павле го посветил својот живот во служба на Исуса Христа. Ако таа служба го вклучува и тоа да се биде затвореник, тој бил подготвен. Павле се опишува себеси како „пратеник во окови“ (Ефесјаните 6,20). Тој одел на мисионски патувања, основал цркви и обучувал работници за Господа. Можеби затоа сега се прашувал: „Зошто сум тука, кога би можел да направам многу повеќе да не бев во овие окови?“ Павле бил во затвор и подоцна, кога го пишувал Второто послание до Тимотеј. Според тоа, најмалку пет книги од Новиот завет биле напишани додека тој се наоѓал во затвор.

Меѓутоа, во ниту едно од неговите затворски посланија Павле не споменува каде точно бил затворен. Затоа некои ги спомнуваат Ефес или Цезареја. Меѓутоа, нема библиски докази дека Павле некогаш бил затворен во Ефес. Цезареја се чини како поверојатна можност, иако во тоа време немало очигледна закана за животот на Павле. Но, до таа закана секако дошло кога било пишувано Посланието до Филипјаните (видете Филипјаните 1,20; Филипјаните 2,17).

Ова послание ни дава некои други назнаки за тоа каде се наоѓал Павле за време на неговото заточеништво. Прво, таму постоела судница (преториум), што може да се однесува на официјалната резиденција на покраинскиот управител, како што била онаа во Ерусалим, каде што Пилат го испитувал Исуса (Матеј 27,27; Јован 18,33), и во Цезареја, каде што Павле бил затворен (Дела 23,35). Меѓутоа, Павле јасно го користи тој израз, не за местото, туку во врска со луѓето. Тој вели дека „целата царска стража“ се запознала со евангелието (Филипјаните 1,13). Во Рим, тоа биле елитните војници, околу 9.000 на број, кои го штителе царот и ги чувале неговите затвореници.

Павле испраќа и поздрави од верниците кои се од „Цезаревиот дом“ (Филипјаните 4,22). Ова укажува дека Павле бил затвореник во Рим и дека бил во контакт со оние кои служеле во царскиот дом.

**Како да научиме да го извлечеме најдоброто од која било ситуација во која ќе се најдеме? Зошто тоа не е секогаш лесно?**

# ПАВЛЕ ВО СИНЏИРИ

Додека бил во Македонија, Павле споменува повеќекратни затворања (2. Коринќаните 6,5; 2. Коринќаните 11,23; 2. Коринќаните 7,5). Првиот забележан случај бил во Филипи (Дела 16,16-24). Подоцна бил затворен во Ерусалим, кратко пред да биде префрлен во затворот во Цезареја.

На друго место, Павле споменува дека бил „во окови“ (Филимон 1,10. 13). Иако бил во домашен притвор во Рим, бил врзан со синџир за еден елитен римски војник. Игнатиј, христијанин од почетокот на вториот век, кој на ист начин бил врзан во окови, го опишал однесувањето на тие војници и вели дека биле како „диви ѕверови... кои стануваат уште полоши кога се однесувате добро кон нив“ (Michael W. Holmes, ed., The Apostolic Fathers; Grand Rapids, MI: Baker Academic, 2007; стр. 231).

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 4,7-12. Што ни открива овој пасус за тоа како Павле успеал да ги издржи искушенијата со коишто се соочил? Што се чини дека е фокусот на неговиот живот?**

---

Колку и да му станал животот тежок, Павле бил во состојба да ја согледа и посветлата страна, а тоа му давало храброст да издржи под каков било стрес. И покрај тоа што сатаната го опсипувал со што ќе стигнел, Павле знаел дека не е напуштен.

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 6,3-7. Кои духовни извори му биле на располагање на Павле за да му помогнат да се соочи со тие тешкотии?**

---

Честопати можеме да бидеме во искушение да гледаме на нашите околности, на своите слабости или на неуспесите од минатото и да се обесхрабриме. Токму во таквите моменти треба да се сетиме на чудесните ресурси што Бог ги обезбедил за нашиот успех во борбата против злото. Еден од најважните е самата Библија, „словото на вистината“, бидејќи преку неа можеме да учиме од туѓите грешки, а исто така и да дознаеме како тие луѓе постигнале успех. Исто така, Светиот Дух „го прави делотворно она што го извојувал Откупителот на светот. Светиот Дух го чисти срцето. Со посредство на Духот верникот станува учесник во божествената природа. Христос го подарил својот Дух како божествена сила во совладувањето на сите наследени и стекнати склоности кон злото и Црквата да прими печат на неговиот карактер“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 671 оригинал).

**Како можеме ние, како лаици или свештенство, секогаш да се покажеме како „служители Божји“ (2. Коринќаните 6,4)? Што значи тоа?**

## ПАВЛЕ ВО ФИЛИПИ

За време на второто мисионерско патување на Павле, набргу откако Тимотеј бил додаден во неговиот тим, Светиот Дух им забранува да продолжат со патување низ Мала Азија (Дела 16,6). Потоа, во едно ноќно видение, Павле видел еден човек како го моли: „Дојди во Македонија и помогни ни“ (Дела 16,9). И така, тие веднаш се упатиле кон морското пристаниште кое е најблиску до Македонија, пловејќи од Троада преку Егејското Море до Неаполис на европскиот континент. Но, наместо тука да го проповедаат евангелието, Павле, Сила, Тимотеј и Лука, кој им се придружил во Троада (како што е назначено со употребата на заменката „ние“ во стихот Дела 16,11), се упатиле кон Филипи.

Павле, во своето евангелско делување, секогаш размислувал стратешки. Филипи бил „главен град во тој дел на Македонија“ (Дела 16,12). Всушност, тој бил еден од најценетите градови во Римското Царство, со оглед на тоа дека му бил доделен статусот *Jus Italicum* – највисокото можно признание што еден град можел да го добие. Неговите жители уживале исти привилегии како тој да се наоѓал во Италија, вклучително и ослободување од данок на земја и персонален данок, а секој што се родил таму автоматски станувал римски граѓанин. Тоа била важна станица долж патот *Via Egnatia* (Игнациев пат), кој бил главен копнен пат што го поврзувал Рим со Истокот. Воспоставувањето на значајно христијанско присуство во него, им овозможило да го донесат евангелието во многу други околни градови, вклучувајќи ги Амфипол, Аполонија, Солун и Верија (видете Дела 17,1.10).

Интересно е што официјалниот јазик во Филипи во првиот век бил латински, а тоа го докажува преовладувачкото присуство на латински натписи. Во стихот Филипјаните 4,15, Павле дури и ги спомнува Филипјаните со име кое има латински призвук, Филипесои, очигледно како признание за нивниот посебен статус во рамки на Римското царство. Сепак, грчкиот бил јазик на пазарите, околните места и градови и јазик на кој се ширело евангелието. Лука опишува како Павле и неговиот тим им се придружиле на луѓето покрај реката во молитва, каде што се преобратиле Лидија и нејзиниот дом (Дела 16,13-15). Како деловна жена („која продаваше црвени ткаенини“), таа ќе стане една од главните финансиски поддржувачи на Павловата служба во Филипи. А времето што Павле и Сила го поминале во тамошниот затвор, довело до преобратување на уште едно цело домаќинство – она на затворскиот чувар.

Светиот Дух знаел дека Филипи ќе биде идеално упориште за ширење на евангелието низ цела Европа, и покрај прогонството. Колку и да е лошо прогонството, тоа може, во одредени околности, да овозможи евангелието да допре до луѓе кои инаку не би можеле да бидат досегнати.

**Прочитајте го стихот Дела 9,16. Како ова ни помага да разбереме некои од Павловите неволји? Како тоа може да ни помогне да разбереме и некои од нашите сопствени?**

## ПАВЛЕ И КОЛОСИ

Немаме никаков пишан извештај за тоа дека Павле некогаш го посетил Колоси, што повторно ни кажува нешто за ефикасноста на неговата евангелска стратегија. Прво, Епафрас, жител на Колоси (Колошаните 4,12), бил тој што го донел евангелието во својот град (Колошаните 1,7). Но, како се преобратил тој? Ова најверојатно се случило во средината на 50-тите години, кога Павле престојувал во блискиот Ефес и „сите жители на Азија, како Јудејците, така и Елините, можеа да го слушаат словото за Господ Исус“ (Дела 19,10; споредете со стихот Дела 20,31).

Книгата Откровение сведочи за тоа во колкава мера евангелието се проширило на целото тоа подрачје (Откровение 1,4). Најверојатното објаснување за овој успех, вклучувајќи го и ширењето на евангелието до Колоси, е дека тоа било резултат на дејствувањето на Павловите обратеници, кои првпат ја слушнале пораката во Ефес, најважниот град и главно пристаниште во Мала Азија. Епафрас го слушал Павловото проповедање во Ефес и, откако станал еден од неговите соработници, го однел евангелието назад во својот роден град, Колоси.

Самиот град, околу 15 километри југоисточно од Лаодикеја, дури сега се ископува, па затоа знаеме помалку за него во споредба со позначајните градови во тој регион. Знаеме дека имал значително еврејско население, со „дури десет илјади Евреи кои живееле во таа област на Фригија“ (Arthur G. Patzia, *New International Biblical Commentary: Ephesians, Colossians, Philemon;* Peabody, MA: Hendrickson Publishers Inc., 1990, кн. 10, стр. 3). Монетите ковани во Колоси укажуваат дека народот тука, како и во многу римски градови, обожавал разни богови. Паганските обичаи и силните културолошки влијанија очигледно претставувале огромни предизвици за тамошните христијани, не само во врска со евангелизирањето на градот, туку и за тоа едноставно да се остане верен на чистата вера на евангелието. Друг истакнат христијанин во Колоси бил Филимон, кој веројатно се преобратил во исто време кога и Епафрас.

**Прочитајте ги стиховите Филимон 1,15.16. Видете и Колошаните 4,9. Кој пат требало да го следи Филимон во врска со Онисим, а на тоа Павле, со љубезни зборови, решително го поттикнувал?**

---

Иако римскиот закон барал од него да го врати Онисим, Павле му се обраќа на Филимон како на соверник, апелира до неговото срце и совест и го поттикнува да не се однесува кон Онисим како кон роб, туку како кон брат (Филимон 16).

**Колку и да ја презираме идејата за ропство во кој било облик и да посакуваме Павле да ја осудил таа практика, како можеме да се помириме со она што Павле го кажува овде? (Колку е фасцинантно тоа што, за време на ропството во Америка, Елена Г. Вајт отворено им кажувала на адвентистите да не се потчинуваат на законот што барал од луѓето да ги враќаат избеганите робови.)**

## ЦРКВИТЕ ВО ФИЛИПИ И ВО КОЛОСИ

**Прочитајте Филипјаните 1,1-3 и Колошаните 1,1.2. Како се опишани црквите во Филипи и Колоси, и какво е значењето на тој опис?**

Во својот вообичаен поздрав во посланијата, Павле ги нарекува христијаните во овие места „свети“, а тоа подразбира дека тие биле издвоени како Божји посебен народ преку крштевањето, исто како што Израелците, преку практиката на обрежување (2. Мојсеева 19,5.6; споредете 1. Петрово 2,9.10), биле издвоени како „свет народ“. (Ова нема апсолутно никаква врска со обичајот на Римската црква да ги канонизира луѓето како „светци“.)

Интересна е и паралелата меѓу поздравите во овие две посланија. Павле се обраќа до „старешините и ѓаконите“ (Филипјаните 1,1) во Филипи и на „верните браќа во Исус Христос“ (Колошаните 1,2) во Колоси. Кога во Новиот завет се зборува за „верни браќа“, тоа значи дека тие имаат посебна служба во црквата (видете: Ефесјаните 6,21; Колошаните 4,7; 1. Петрово 5,12). Според тоа, Павле очигледно им се обраќа не само на членовите на црквата, туку и на црковните водачи во тие градови. Ова споменување на службите, кои се опишани поконкретно на други места (на пример, во 1. Тимотеј 3,1-12; Тит 1,5-9), сведочи за постоењето и важноста на организацијата уште од најраниот период на црквата.

Обуката на соработниците, како што биле Тимотеј и Епафрас, и обезбедувањето водство за локалните цркви претставувало приоритет за Павле и нешто што ги унапредило неговите евангелски напори. Со други зборови, постоел стратешки пристап и во досегнувањето и во задржување на верниците. Нашите пионери адвентисти го следеле новозаветниот модел на црковна организација, како што покажуваат многу статии во списанието Преглед и гласник („Review and Herald“) од 1850-тите. Џејмс Вајт всушност рекол: „Новозаветниот божествен поредок бил доволен за да се организира Христовата црква. Ако било потребно нешто повеќе, преку вдахновението би било и дадено повеќе“ („Gospel Order“, The Advent Review, and Sabbath Herald, 6 декември 1853, стр. 173). Долго пред Павле да им пишува на овие цркви, апостолите веќе почнале да поставуваат служители во црквата во Ерусалим (видете Дела 6,1-6; Дела 11,30), што „требало да служи како пример за организација на црквите во сите други места во кои гласниците на вистината би придобиле верници за евангелието“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 91 оригинал).

**Добро е познато дека Павле повремено користел писари како помошници при составувањето на своите посланија. Исто така, Тимотеј на некои места се споменува како испраќач на посланијата заедно со Павле (видете, на пример, 2. Коринќаните 1,1; Филимон 1). Фактот дека Павле понатаму во текстот ја користи заменката „јас“ наместо „ние“, покажува дека тој авторитативно стои и зад овие посланија.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Бог ве избрал за спасение преку посветување на духот и вера во вистината. Затоа, стојте цврсто... Ако верно му служите на Бога, ќе се соочите со предрасуди и противење. Но немојте да се гневите кога страдате неправедно. Не возвраќајте. Држете се цврсто за вашиот интегритет во Исуса Христа. Свртете го лицето како кремен кон небото. Другите нека изговараат сопствени зборови и нека го следат сопствениот правец на дејствување, а ваше е да продолжите напред со Христовата кротост и понизност. Извршувајте ја вашата должност со непоколеблива намера, со чистота на срцето, со сите свои способности и сили, потпирајќи се на раката Божја. Вистинската и возвишена природа на вашата работа можеби никогаш нема да ја спознаете. Вредноста на своето битие можете да ја мерите само со животот што е предаден за да ве спаси...

За секоја душа што расте во Христа ќе настапат моменти на сериозна и долготрајна борба, бидејќи силите на темнината се решителни да ви се спротивстават на патот на напредокот. Но, кога гледаме на Христовиот крст барајќи ја благодатта, не можеме а да не успееме. Ветувањето на Спасителот е: ‘Никогаш нема да те оставам, ниту ќе те напуштам’. ‘Јас сум со вас во сите дни, до свршетокот на светот’“ (Ellen G. White, *The Youth’s Instructor,* 9 февруари 1899 година).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Павле бил затворан повеќе пати, секогаш неправедно. Како реагирате вие кога кон вас постапуваат неправедно? Кои библиски ветувања можете да ги предложите за таквите прилики?**
2. **Тертулијан, еден од раните црковни водачи, за прогонството на христијаните рекол: „Колку повеќе нѐ косите, толку повеќе нѐ има. Крвта на христијаните е семе“ (Alexander Roberts and James Donaldson, eds., Ante-Nicene Fathers; Peabody, MA: Hendrickson Publishers, Inc., 1999; кн. 3, стр. 55). Од друга страна, прогонството на некои места и во некои периоди во голема мера ја попречувало работата на црквата. На кои сѐ начини можеме да ги поддржиме оние кои трпат прогонство поради својата вера?**
3. **Размислете за стихот што треба да се научи напамет за оваа седмица, во светлината на тешкотиите што ги трпел Павле. „Радувајте се секогаш“? Што значи тоа? Како е тоа воопшто можно? Некој што го сакате е болен или умира. Ја губите работата. Трпите силна физичка болка. Можеби клучот за разбирање на ова се крие во прашањето: „Радувајте се секогаш на што (во кого)?“ Односно, без оглед на приликите, на што (кого) можеме секогаш да му се радуваме?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**2. Лекција**
**Од 3 до 9 јануари 2026**

# ПРИЧИНИ ЗА БЛАГОДАРНОСТ И МОЛИТВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 1,1-18; 1. Коринќаните 13,1-8; Еремија 17,9; Колошаните 1,1-12; 1 Петрово 1,4; Псалм 119,105; Исаија 30,21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Уверен уверен во тоа дека Оној, Кој го започна во вас доброто дело, ќе го доврши сѐ до Денот на Исус Христос“ (Филипјаните 1,6).**

Павле многу промислено ги започнува своите посланија со зборови на поздрав – и благодарност. „Благодат вам и мир од Бога нашиот Отец и Господ Христос! Му благодариме на Бога и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, секогаш кога се молиме за вас“ (Колошаните 1,2.3).

Ние, како и Павле, имаме многу причини да бидеме благодарни. Сме ја искусиле Божјата благодат толку длабоко, на начини што дури ни ангелите не можат да ги сфатат. Истото важи и за Божјиот дар на мирот, кој опфаќа хармонија со Бога и надеж што произлегува од Божјата љубов.

На чисто човечко ниво, можеме да пружаме и покажуваме почит кон луѓето, и да се надеваме дека и другите ќе умеат да го ценат она што го правиме за нив. Родителите се молат нивните деца да го засакаат Бога и еден ден, ако не е тоа сега, да покажат благодарност за вистинските жртви што тие ги поднеле за да им го обезбедат најдоброто можно воспитување. Меѓутоа, како човечки суштества, ние правиме многу грешки и учиме од нив (или барем би требало).

Оваа седмица ќе ги разгледаме Павловите воведни зборови на благодарност и молитва во посланијата до Филипјаните и Колошаните, кои можат да го збогатат и зајакнат нашиот сопствен молитвен живот.

# СОУЧЕСНИЦИ ВО ЕВАНГЕЛИЕТО

**Прочитајте Филипјаните 1,3-8. За што е Павле благодарен? Какви охрабрувања им упатува тој на Филипјаните, и зошто е тоа важно?**

---

Павле ја основал црквата во Филипи, и затоа можеме да ја видиме топлината на христијанското заедништво што го проникнува неговото послание. Иако е одвоен од неа стотици километри, Павле, во окови во затворот, ја носи црквата и нејзините членови во своето срце, копнее по нив, ги сака „со љубовта на Христос Исус“ (Филипјаните 1,8) и му благодари на Бога за нив. Павловата молитва на благодарност дури ни дава увид во Исусовото посредување за нас на небото.

Во старозаветно време, на надградникот на првосвештеникот имало 12 камења кои ги претставувале 12-те племиња на Израел. Тој требало да го носи народот „над срцето свое“ додека посредувал за нив (2. Мојсеева 28,29). Во една уште повозвишена смисла, Исус, нашиот Првосвештеник во небесното светилиште, ги носи имињата на својот народ со себе пред Отецот.

Интересно е што формулацијата на стихот Филипјаните 1,3 може да има двојно значење, со што се истакнува блискиот однос меѓу Павле и Филипјаните. Ова обично се преведува како Павле да се сеќава на нив во молитва, но може да се однесува и на тоа дека тие се сеќаваат на него. Во секој случај, овде се нагласува нивната блиска заемна поврзаност, а тоа го истакнува и самиот збор „заедница“ (грчки: *koinonia*). Исто како што Павле имал заедништво во Христовите маки (Филипјаните 3,10), Филипјаните „учествувале“ (грчки: *sunkoinōneō*) во Павловите неволји и финансиски ја поддржувале неговата служба (Филипјаните 4,14.15). Оваа заемност, која постоела „од првиот ден, па сè досега“ (Филипјаните 1,5), го наведува да му благодари на Бога за нив и да се моли за нив „со радост“ (Филипјаните 1,4).

Изненадува тоа што Павле го опишува своето затворско окружение доста позитивно – како нешто што му пружа можност да учествува „во одбраната и утврдувањето на евангелието“ (Филипјаните 1,7). Употребата на овие два правни изрази укажува дека неговото судење се приближувало, но исто така и дека Павле активно ги запознавал војниците и посетителите со евангелието. И одбраната на евангелието (грчки: апологија) од нападите и утврдувањето на неговите вечни вистини се од суштинска важност. Павле помалку се грижи за сопствената иднина отколку за одбраната на самото евангелие. Без оглед дали ќе живее или умре, Павле е уверен дека Бог ќе го доврши „доброто дело“ што го започнал во сите што имаат доверба во Него (Филипјаните 1,6).

**Како го разбирате тоа ветување дека Бог ќе го доврши „доброто дело“ во вас (Филипјаните 1,6)? Што значи тоа? Дали тоа дело некогаш ќе заврши пред Второто доаѓање?**

## МОЛИТВЕНИТЕ БАРАЊА НА ПАВЛЕ

Пред неколку години, еден пастор зборуваше за молитви што се вртат само околу *мене, мене, мене и моите* потреби и желби. Тој соодветно ги окарактеризира како „ситни себични молитви“, бидејќи Бог има нешто многу поголемо на ум за нас.

**Прочитајте ја молитвата на Павле во текстот Филипјаните 1,9-11. Што е во нејзиниот фокус и кои големи барања ги упатува Павле? Што ви кажува ова за молитвата?**

---

Оваа молитва на грчки јазик има само четириесет и три збора, но ги опфаќа сите Павлови преокупации, кои тој поопширно ќе ги изнесе во остатокот од посланието: љубов, знаење, расудување, чистота, непредизвикување сопки и праведноста што ја имаме преку Исуса Христа. Во основата на таа молитва, како и во Павловите претходни изрази на благодарност, ставен е нагласок на црквата како целина. Павловата молитва е целосно сосредоточена на другите, изречена во полза и за доброто на целата црква. Да разгледаме подетално некои од поединечните елементи на оваа молитва:

*Вашата љубов сè повеќе и повеќе да изобилува.* Павле не се моли само за повеќе љубов, туку за љубов насочена во одредена насока: „преку познанието и разбирањето на сè“ (Филипјаните 1,9). Познанието споменато овде не се однесува само на интелектуалното знаење, туку подразбира и познавање на она што е духовно, кое може да се стекне само преку заедништво со Бога и проучување на Неговата Реч (видете Ефесјаните 1,17; Ефесјаните 4,13; 1. Тимотеј 2,4).

*Расудување.* Павле тоа го објаснил како способност „да го распознавате најдоброто“ (разликувајќи го од она што е морално штетно) и „да бидете чисти и беспрекорни“ (Филипјаните 1,10).

*Чистота.* Овој збор на грчки значи „оценето според сончевата светлина“ и се однесува на неизвалканата чистота на дејствувањето: „Сè што прави христијанинот треба да биде јасно како сончевата светлина“ (Елена Г. Вајт, *Слични на Христа*, стр. 71 оригинал).

*Беспрекорни.* Да не се предизвикува сопнување. Ова значи да не се биде камен на сопнување, да не се зборува или прави нешто што би му отежнало на некого да поверува.

*Праведност преку Христа.* Павле опширно се занимава со оваа тема во Посланието до Римјаните и Галатјаните, а малку поопширно за тоа зборува и во 3. глава од Посланието до Филипјаните. Ние немаме сопствена праведност, туку само онаа што ја примаме преку Христа.

**Без оглед на сè друго што правиме, како може нашата „љубов сè повеќе и повеќе да изобилува“ (Филипјаните 1,9)? Зошто е ова толку важно за христијанскиот живот? (Видете и 1. Коринќаните 13,1-8.)**

## ПРИМЕНЕТО ДУХОВНО РАСУДУВАЊЕ

Разбирливо е што Филипјаните биле вознемирени кога слушнале дека Павле е во затвор. Сега неговото дејствување било сериозно ограничено. Не можел да патува. Не можел да проповеда. Не можел да посетува синагоги и да ги поучува луѓето за Исуса како Месија. Повеќе не можел да основа цркви. Затоа го испратиле Епафродит да утврди во каква состојба е апостолот, да го охрабри и да се погрижи неговите физички потреби да бидат задоволени.

**Прочитајте го текстот Филипјаните 1,12-18. Како Павле гледал на своето затворање? Кои поуки можеме да ги извлечеме од неговиот став, и покрај околностите во коишто се нашол?**

---

Пораката што Павле им ја испратил преку Епафродит, сигурно ги изненадила Филипјаните. Тој гледал на своите околности со поинакви очи. Неговата духовна проникливост го навела да го гледа своето затворање како нешто добро. Тоа воопшто не ја спречило неговата работа, тоа всушност послужило „за поголем успех на Евангелието“ (Филипјаните 1,12). Додека другите во тоа гледале само синџири и решетки, Павле ги гледал своите римски стражари како потенцијални души во Божјето царство. Тој исто така видел дека неговото затворање во голема мера ги охрабрило другите да бидат поактивни и порешителни во ширењето на евангелието, да зборуваат смело за Христа без страв од последици.

Можеби е тешко да се замисли, но некои всушност помислиле дека ќе имаат корист од затворањето на Павле. Очигледно, тие мислеле дека неговото затворање ќе доведе до тоа самите тие и нивното проповедање на евангелието да привлече поголемо внимание. Каков моќен, но тажен пример за човечка себичност, дури и во црквата. Како што рекол Еремија долго пред Павле: „Лукаво е човечкото срце повеќе од сѐ и е наполно расипано; кој ќе го разбере?“ (Еремија 17,9).

За среќа, за разлика од тоа, и некои верни работници исто така станале поревносни во ширењето на евангелието. Тие толку го сакале Павле што, гледајќи го како тој трпи поради својата вера, ги навело тие уште повеќе да се надеваат во Христа и ги охрабрило да бидат уште поактивни за Господа. Тоа им влеало сила да одат таму каде што претходно се плашеле да одат и ги навело да зборуваат во ситуации во кои претходно молчеле, што довело до тоа уште повеќе луѓе да го прифатат Христа и да почнат да го шират евангелието за спасението.

**Која поука ја извлековте од искуствата кои, иако несомнено лоши, донеле и некои придобивки? Дури и во случаи во кои тие придобивки можеби не се очигледни, како можеме да научиме да му веруваме на Бога без оглед на сѐ?**

# ПЛОДОТ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Односот на Павле кон Колошаните бил поинаков од оној кон оние во Филипи, со оглед на тоа дека ги вбројал меѓу оние кои „не ме видоа лично“ (Колошаните 2,1). И покрај тоа, Павле ги уверува, како и Филипјаните, дека му благодари на Бога и се моли „секогаш“ за нив.

**Прочитајте го текстот Колошаните 1,3-8. За кои три подробности Павле му се заблагодарува на Бога?**

---

Павле поврзува три доблести што ги споменува и на други места: вера, надеж и љубов (видете 1. Коринќаните 13,13; 1. Солуњаните 1,3; 1. Солуњаните 5,8). Забележете дека Павле не им ја припишува заслугата за овие доблести на Колошаните. Тој му се заблагодарува на Отецот, затоа што тие се некои од „добрите и совршени“ дарови што ги примаме од Него (Јаков 1,17). Кога ја согледуваме љубовта која Бог ја има кон нас, тоа нè води кон вера во Христа (Ефесјаните 2,4–8) и ние ја примаме надежта на небото. Петар тоа го опишува како „наследство што не пропаѓа, чисто, кое не свенува, запазено на небесата за вас“ (1. Петрово 1,4).

Павле исто така нагласува дека треба да имаме совршена доверба во евангелието затоа што е засновано на „словото на вистината“. Ова е израз што Павле го користи на други места во врска со вдахновеното Божјо слово (видете 2. Коринќаните 6,7; 2. Тимотеј 2,15). За разлика од „слово човечко“, тоа „дејствува“ во оние што веруваат (1. Солуњаните 2,13) и ја остварува Божјата волја (Исаија 55,11). Значи, кога се објавува евангелието, Божјата сила се пројавува преку дејствувањето на Светиот Дух врз срцата на слушателите, и луѓето одговараат на него. Евангелието само по себе донесува плод, бидејќи тоа е „словото на животот“ (Филипјаните 2,16).

Можеби најчудесно од сè е ширењето на евангелието во толку краток временски период. Во рок од околу триесет години по Христовата смрт и воскресение, Павле веќе можел да каже дека тоа се проширило „во целиот свет“ (Колошаните 1,6). Нешто подоцна во истата глава, тој вели дека евангелието било „проповедано на секое поднебесно создание“ (Колошаните 1,23). Добро развиениот систем на римските патишта овозможувал брза комуникација и патувања, поради што Павловите посланија можеле да циркулираат толку брзо и нашироко. Но, всушност, Божјата сила, која дејствува преку тоа слово, е таа што раѓа духовен живот во човекот (Јаков 1,18; 1 Петрово 1,23), правејќи го ново создание во Христа (2. Коринќаните 5,17).

**Во стихот Колошаните 1,5, Павле пишува за надежта „која се чува за вас на небесата“. Како вие ја разбирате оваа надеж и зошто таа се однесува и на вас лично, иако всушност не сте достојни за неа?**

## СИЛАТА НА МОЛИТВАТА

**Прочитајте го текстот Колошаните 1,9-12. Кои посебни барања ги наоѓате во таа молитва на Павле?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Павле се моли „да се исполните со познание на Неговата волја“. Тој зборува за познавањето на Божјата волја како за „секоја мудрост и духовно разбирање“ (Колошаните 1,9). Мудроста доаѓа, пред сѐ, преку целосна доверба во Бога, подготвеност да ја твориме Неговата волја (Јован 7,17) и да не се потпираме врз сопственото расудување (Мудри изреки 3,5). Меѓутоа, често се поставува прашањето: „Која е Божјата волја за мене во оваа ситуација?“ Постојат три главни извори од кои можеме да дознаеме која е Божјата волја кога ја бараме со молитва:

1. Најважниот извор на мудрост е самата Библија. „Твоето слово е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја“ (Псалм 119,105).
2. Божјата волја и Неговото водство можат да се спознаат и преку околностите на провидението, барајќи од Него да отвори или затвори врати (видете Колошаните 4,3).
3. Светиот Дух нѐ води откако ќе научиме да го препознаваме Неговиот глас: „Ако свртите надесно, ако свртите налево, ушите ваши ќе го слушаат словото, кое говори зад вас – ете го патот, врвете по него!“ (Исаија 30,21)

Павле се моли Колошаните да живеат „достојно за Бога“ (Колошаните 1,10). Секако, никој од нас по природа не е „достоен“ пред Бога, но Тој, во Својата благодат, нѐ смета за достојни и нѐ повикува да живееме во согласност со тој возвишен повик (Ефесјаните 4,1; 1. Солуњаните 2,12). Павле го користи глаголот „живее“ (во некои преводи: „оди“) уште три пати само во ова писмо (Колошаните 2,6; Колошаните 3,7; Колошаните 4,5). Ова значи да се живее и постапува во согласност со Божјиот закон (2. Мојсеева 18,20), а тоа е можно само преку дејствувањето на Светиот Дух (Езекиел 36,27).

Исто така, Павле се моли тие (и ние) да му угодуваат на Бога „во сѐ“ во својот живот, а потоа наведува неколку начини како да се постигне тоа: „принесувајќи плод во секое добро дело“ (Колошаните 1,9.10); потоа „да растете во познанието на Бога“ (Колошаните 1,10); и конечно, „благодарејќи Му на Бога“ (Колошаните 1,12).

**Ако некој ве праша: „Како знаете дали Бог ве води во оваа или онаа насока?“ – што би одговориле и зошто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Многумина не се способни да направат одредени планови за иднината. Нивниот живот не е среден. Тие не можат да го видат излезот од своите животни потешкоти и тоа често ги исполнува со страв и немир. Да не заборавиме дека животот на Божјите деца во овој свет е живот на туѓинци. Ние немаме мудрост за да го планираме нашиот сопствен живот. Не е наша работа да ја обликуваме нашата иднина. „Со вера Авраам, бидејќи повикан, послуша да појде во местото, што сакаше да го добие во наследство, и тргна, не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8).

Во својот живот на Земјата, Христос не правел никакви планови за Себе. Тој ги прифатил Божјите планови одредени за Него, и од ден на ден Отецот му ги откривал своите планови. И ние треба така да зависиме од Бога и нашиот живот треба едноставно да биде исполнување на Неговата волја. Ако му ги потчиниме нашите патишта, Тој ќе ги насочи нашите чекори.

Многу луѓе прават сериозна грешка со тоа што си планираат блескава иднина. Дозволете Му на Бога да планира за вас. Како мало дете, имајте доверба во Оној, кој ‘ги чува чекорите на Своите свети’ (1. Самоилова 2,9). Бог никогаш не ги води своите деца поинаку отколку што самите тие би избрале да бидат водени кога би можеле од самиот почеток да го согледаат крајот и да ја разберат славната намера што ја исполнуваат како Негови соработници“ (Елена Г. Вајт, *Здрав и среќен живот*, стр. 478, 479 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за изминатата седмица и наведете го сето она за што сте благодарни. Можеби имате повеќе причини за што да бидете благодарни отколку што мислите?**

**2. Размислувајте малку повеќе за последната реченица од горенаведениот цитат од Елена Г. Вајт. Тоа е многу моќна изјава за верата. Како можете да научите толку длабоко да му верувате на Бога?**

**3. Во светлината на стиховите Колошаните 1,6.23, разговарајте за следнава изјава: „Полни четириесет години неверството, мрморењето и духот на бунтовноста го одвојувале стариот Израел од хананската земја. Истите гревови го одложиле влегувањето на современиот Израел во небесниот Ханан. Во ниту еден од овие два случаи не можеме да ги обвиниме Божјите ветувања. Неверството, световноста, непосветеноста и кавгите меѓу оние кои се сметаат за Божји народ, нè задржаа толку години во овој свет на грев и страдање. Кога Христовата Црква би ја извршила својата одредена работа онака како што тоа Господ ѝ го наложил, целиот свет до сега би бил предупреден и Господ Исус би дошол на нашата Земја во сила и голема слава“ (Елена Г. Вајт,** ***Настани на последните денови*****, стр. 38 оригинал). Во која смисла и ние денес би можеле да бидеме виновни за истите работи?**

**3. Лекција**
**Од 10 до 16 јануари 2026**

# ЖИВОТ И СМРТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 1,19-30; 1. Коринќаните 4,14-16; 2. Коринќаните 10,3-6; Јован 17,17-19; Михеј 6,8; Дела 14,22.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За мене, 'да се живее' значи Христос, а 'да се умре' – придобивка " (Филипјаните 1,21).**

Често ни велат дека смртта е само дел од животот. Тоа е лага. Смртта е спротивност на животот, непријател на животот. Смртта не е вградена во животот, исто како што ни крш не е вграден во некој автомобил. Павле недвосмислено вели дека Христос умрел „та преку смртта да го победи оној што ја има власта над смртта, односно ѓаволот; па да ги ослободи оние што од страв пред смртта преку целиот живот беа подложени на ропство" (Евреите 2,14.15).

Иако готов да умре за Христа, Павле бил уверен во својата долгорочна судбина. Во меѓувреме, за него најважно било да го прослави Христа со својот живот или смрт, и да го проповеда евангелието на што е можно повеќе луѓе. Можеби ова е една од причините зошто имаме толку многу посланија што го носат неговото име. Преку своите списи, тој можел да допре до многу луѓе и места, вклучувајќи ги и местата што самиот никогаш не ги посетил.

Животот е краток, и затоа е од пресудна важност да извршиме што е можно поголемо влијание во полза на Божјето царство во текот на животниот век што ни го дава Бог. Значаен дел од тоа влијание има врска со поттикнување на „единство во верата". Како што ќе видиме на почетокот од оваа седмица, таа тема била една од важните причини Павле да го напише Посланието до Филипјаните.

## „ЌЕ СЕ ВОЗВЕЛИЧИ ХРИСТОС“

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 1,19.20. Кои, најверојатно, биле очекувањата на Павле во поглед на исходот од неговото судење? Што сметал тој дека е уште поважно од тоа да биде ослободен?**

---

Иако не бил злосторник, ова не било прв пат Павле да се најде во затвор, а ни прогонството не му било непознато. Тој им напишал на Коринќаните детално за своите страдања до тој момент: „Служители Христови ли се? Во безумство зборувам, јас сум уште повеќе: во напори - изобилно, во затвори - изобилно, во камшикување - прекумерно, во смртна опасност - често. Од Јудејците примив петпати по четириесет без еден удар; трипати сум тепан со стапови, еднаш каменуван, трипати претрпев бродолом, и ноќ и ден поминав во длабоко море; многупати сум патувал, сум бил во опасност од реки, во опасност од разбојници, во опасност од сонародници, во опасност од незнабошци, во опасност по градови, во опасност по пустини, во опасност по море, во опасност меѓу лажни браќа; во труд и мака, во често неспиење, во глад и жед, во многу постење, на студ и голотија“ (2. Коринќаните 11,23-27).

Но, за да не помислиме дека овие страдања најмногу го окупирале неговиот ум, Павле веднаш додава: „А покрај сѐ друго, тука се уште и секојдневните напади против мене, како и грижата за сите цркви“ (2. Коринќаните 11,28).

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 4,14-16; 1. Солуњаните 2,10.11; Галатјаните 4,19; и Филимон 1,10. Каков однос имал Павле спрема црквите што ги основал и луѓето што ги придобил за Христа?**

---

Како Исус, кој не штедел ништо за да нѐ спаси, Павле бил спремен да се „жртвувам и ќе се жртвувам“ за доброто на другите верници (2. Коринќаните 12,15). Меѓутоа, парадоксално, колку повеќе нечии постапки потсетуваат на Исусовите, толку помалку некои ги сакаат и ги ценат. „А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети“ (2. Тимотеј 3,12). Но, верните христијани остануваат веројатно најмоќниот начин за да се прослави Бог и да се открие вистината на евангелието (споредете со Филипјаните 1,7). „Трпението на Павле и неговата ведрина во текот на неговото долготрајно и неправедно заточение, неговата храброст и вера, претставувале постојана проповед (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 464 оригинал).

**Размислете за тоа како живеете и како се однесувате кон луѓето, особено кон оние кои не постапуваат добро кон вас. Какво сведоштво давате за Исус?**

## „’ДА СЕ УМРЕ’– ПРИДОБИВКА“

Во случај да не сте забележале, сите ние, особено како верници, сме вклучени во големата борба што беснее насекаде околу нас, па дури и во самите нас. Сите ние, на еден или друг начин, ја доживуваме реалноста на космичката борба и ќе ја доживуваме до денот на нашата смрт, кога и да дојде тоа и како и да дојде.

**Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 10,3-6. Која е основата на духовната војна што ја водиме и кое е нашето оружје?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Најсмртоносните духовни оружја се идеите, без разлика дали се добри или лоши. Сатаната користи критицизам, предавство, срам, страв, притисок од средината и мноштво други оружја што христијаните никогаш не би требало да ги користат. Наместо тоа, ние треба да ги користиме љубовта, милоста, мирот, нежноста, трпението, љубезноста и самоконтролата. Нашето најмоќно оружје, кога се користи разумно, е „словото Божјо“ со кое управува Духот (Ефесјаните 6,17), бидејќи само Бог може да ја расветли вистината во нечие срце. Ние сме само орудија што Бог ги користи за да ги оствари своите намери и цели.

**Прочитајте Филипјаните 1,21.22. Како ја разбираме поентата на тоа што го кажува Павле, особено во контекст на големата борба?**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Бидејќи оваа битка е духовна по природа, ние всушност сме во војна на идеи и вредности. Сепак, Христос извојувал победа на крстот за нас, и сè додека остануваме поврзани со Него, никогаш не можеме да бидеме поразени, дури и ако бидеме убиени. Павле го предал својот живот, што и да му се случи овде на земјата, колку и да било неправедно, затоа што се доверил себеси и својата иднина на еден повисок суд.

Како христијани, ние не треба да се бориме толку за нашите права колку за она што е исправно. Не е вистина дека „моќта прави нешто да биде исправно“, туку „моќта се состои во она што е исправно“. Покорувањето на Божјата волја е она што е чесно. Всушност, тоа е единствениот начин да се победи во оваа војна во која сме се нашле. Се разбира, Исус е врвен пример за покорување на Божјата волја, како што Павле ќе го изнесе тоа во 2. глава во Посланието до Филипјаните.

**На кои начини, токму сега, ја доживувате реалноста на големата борба? Како можете да црпите утеха и сила од сознанието дека Христос веќе извојувал победа за нас?**

# ДА БИДЕШ ПОЛН СО САМОДОВЕРБА

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 1,23.24. Што мисли Павле кога вели дека „да заминам и да бидам со Христос“, е „многу подобро“?**

---

Овој текст во голема мера бил погрешно сфатен низ вековите. Во исечокот што ќе го проучуваме оваа седмица, Павле се занимава со спротивност меѓу живеењето и умирањето. Христијанинот живее за Христа, и може дури и да умре за Него. Во таа смисла, „смртта“ е добивка, бидејќи нашето сведоштво со тоа е помоќно и поубедливо (Филипјаните 1,21). Нема сомнение дека човекот верува кога е спремен да умре за она во што верува.

Но, исто така, мора да бидеме свесни дека мртвите се навистина мртви. Тие „не знаат ништо“. Тие почиваат во гробот до воскресението (видете ги стиховите Проповедник 9,5; Јован 5,28.29). Затоа Исус рекол за Лазар, кој умрел: „Лазар, пријателот наш, заспал; но ќе отидам да го разбудам“ (Јован 11,11).

Ако луѓето одат на небото веднаш по смртта, замислете како би изгледало тоа во случајот со Лазар. По четири дена забавување во Рајот, му приоѓа ангел со „лоша“ вест: „Жал ми е, Лазаре, но Исус те повикува назад на земјата. Не можеш да останеш тука.“

Кога ја следиме заблудата до нејзиниот логичен завршеток, тогаш гледаме колку е погрешна. Смртта е како сон без соништа од кој Исус ќе ги разбуди своите верни следбеници при своето Второ доаѓање. Потоа тие, заедно со живите свети, ќе бидат земени и однесени на небото за да бидат со Исуса засекогаш (видете 1. Солуњаните 4,16.17).

Павловото „заминување“ од овој сегашен живот за да биде со Христа подразбирало да биде со Него во страдањето и умирањето (2. Тимотеј 4,6), за да го „достигнам воскресението на мртвите“ (Филипјаните 3,11). Исто така, тој несомнено бил свесен дека, кога ќе умре, ќе ги затвори своите очи и во следниот момент, „за еден миг на око“, ќе го види Исус, кој ќе го однесе, заедно со целиот Божји народ, на местото што Исус го подготвил за сите што Го сакаат (Јован 14,3; 1. Коринќаните 2,9).

Иако бил спремен да умре за Христа, Павле знаел дека „да останам во телото“ е подобро за Филипјаните (Филипјаните 1,24). Интересно е што за еден христијанин не е секогаш лесно да одговори дали е подобро да живее или да умре за Христа. Павле бил „измачуван... и од едното, и од другото“ (Филипјаните 1,23), меѓу останувањето во живот или почивањето во гробот.

**И повторно, иако никој не сака да умре, дали некогаш сте размислувале за тоа дека во моментот кога ќе умрете, следното нешто за кое ќе бидете свесни ќе биде Христовото враќање? Како таа мисла може да ви помогне да го разберете Павловиот начин на размислување овде?**

## СТОЈТЕ ЦВРСТО ВО ЕДИНСТВОТО

Во Исусовата последна молитва за Неговите ученици преовладувала една клучна тема – единството. Исус гледал подалеку од крстот кон повторно обединување со Отецот и со нас: „Оче, сакам и оние што си Ми ги дал да бидат со Мене, каде што сум Јас, за да ја гледаат Мојата слава што си Ми ја дал“ (Јован 17,24). Исус се молел Отецот да ги зачува Своите деца „за да бидат едно, како што сме и Ние“ (Јован 17,11). Тој, исто така, ги нагласил и кобните последици од неединството – а тоа за многумина станува причина за неверување. Двапати во оваа кратка молитва, Исус нагласува дека нашето единство со Него и со Отецот служи за тоа – „да дознае светот дека Ти си Ме испратил“ за „да поверува светот дека Ти си Ме пратил“ (Јован 17,21.23).

**Прочитајте го стихот Филипјаните 1,27 и споредете го со текстот Јован 17,17-19. Според Исусовите и Павловите зборови, што е неопходно за единството на црквата?**

---

Грчкиот збор во Филипјаните 1,27 преведен со изразот „живејте само достојно“ е *politeuomai*, што значи „да се живее како граѓанин“ – не на кое било земно царство, туку како граѓанин на небесното царство. Проповедта на гората на преубав начин прикажува какви се децата на небесниот Татко и жителите на Неговото царство: сиромашни по дух, кротки, гладни и жедни за праведност, милостиви, чисти по срце, миротворци, кои го свртуваат и другиот образ, ги сакаат своите непријатели, ги благословуваат оние што ги проколнуваат, им прават добро на оние што ги мразат. Накратко, тоа значи „да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ (Михеј 6,8).

Тешко е да се вознемириш или да се налутиш на некој таков, зар не? Понекогаш им замеруваме на луѓето кои изгледаат премногу добри. Можеби дури и сме во искушение да ги понижуваме или да им бараме некоја слаба точка, за да докажеме дека не се толку добри како што изгледаат, сѐ само за ние да се чувствуваме подобро во сопствената кожа. Зошто, наместо тоа, да не се обидеме да откриеме колку повеќе ние можеме да сакаме, колку повеќе ние сме во состојба да бидеме повеликодушни, помилостиви, попонизни?

Елена Г. Вајт зборувала за оние кои „го сакаат светот и неговата добивка повеќе отколку што го сакаат Бога и вистината“ (*Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 277).

Неединството во црквата, на крајот на краиштата, често произлегува од гордоста. „Кога се негуваат гордоста и световната амбиција, Христовиот дух се повлекува, а соперништвото, раздорот и судирите влегуваат во црквата за да ја збунат и ослабнат“ (*Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 240, 241).

**Колку е важно секој од нас да научи да биде понизен и кроток според Исусовиот пример! Колку поинаква црква би имале, зар не?**

## ОБЕДИНЕТИ И БЕСТРАШНИ

**Прочитајте Филипјаните 1,27-30. Како нашето единство и настојувањето да живееме „достојно за Христовото Евангелие“ се поврзани со бестрашноста?**

___

___

Стратегијата на сатаната е да внесе поделба и да освои. Неединството е смртоносно. Исус рекол: „Ако еден дом се раздели на делови, еден против друг, тој дом не може да опстане“ (Марко 3,25). Ова е едноставен принцип кој сатаната сака да го заборавиме. Единството нѐ оспособува да ја исполниме нашата пророчка улога како остаток од библиското пророштво (Откровение 12,17), на тој начин што ќе го објавуваме „вечното евангелие... на секое племе и колено, јазик и народ“ (Откровение 14,6). Бидејќи единството е од суштинско значење за исполнување на нашата мисија да ја објавиме оваа од Бога дадена порака, а Исус во својата молитва во текстот Јован 17 ја нагласува „вистината“ од Божјата Реч како еден од најважните клучеви за единство (Јован 17,17.19), нашата порака не може да се одвои од нашата мисија или од нашето единство. Сите три стојат или паѓаат заедно. Ако еден од овие клучеви недостасува, не можеме да успееме. Меѓутоа, ако сите три се на своето место, немаме од што да се плашиме. Не треба „во ништо“ да се плашиме од противењето (Филипјаните 1,28). Сатаната е поразен непријател. Дури и да бидете погубени поради вашата вера, ништо не може да ви наштети „ако правите добро“ (1. Петрово 3,13). Ѓаволот е немоќен да го спречи напредувањето на Божјата вистина.

**Прочитајте ги следните библиски пасуси и накратко резимирајте ја нивната заедничка тема: Матеј 10,38; Дела 14,22; Римјаните 8,17; 2. Тимотеј 3,12.**

___

На овој паднат свет, животот е сам по себе тежок, дури и за „најдобрите“ од нас. Јов бил праведен човек. И самиот Бог рекол за него дека е „непорочен, праведен, богобојазлив и го одбегнуваше злото“ (За Јов 1,1). Па сепак, преку ноќ, несреќа го снашла него и неговото семејство. Кој од нас не сфатил, дали од лично искуство или од набљудување на она што им се случувало на другите, дека животот овде, по сѐ изгледа, се води на самиот раб на пропаста, и никогаш не знаете кога ќе прескокнете преку неа. Страдањето е, до одреден степен, судбина на сите нас. На крајот на краиштата, сепак подобро е да страдаме за Христа отколку за што било друго.

**Каква надеж, каква утеха треба да имаме ние, како христијани, среде нашите страдања?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Од мачилиштата, од огнените клади, од темниците, јамите и пештерите на земјата, до Неговите уши допирале триумфалните извици на мачениците. Тој (Спасителот) го слушал сведоштвото на непоколебливата душа, која, иако отфрлена, измачена и прогонувана, дава бестрашно и свечено сведоштво за својата вера, велејќи: ‘Знам во кого сум поверувал.’ Сите тие, давајќи го својот живот за својата вера, му објавуваат на светот дека Оној, во кого се надевале, може да им обезбеди целосно спасение“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 512 оригинал).

„Во христијанството никогаш порано немало толку различни верувања како денес. Ако даровите [на апостолите, пророците, евангелистите, пасторите и учителите (Ефесјаните 4,11-13)] биле потребни да го сочуваат единството на првата црква, тогаш колку се понеопходни денес кога повторно треба да се воспостави тоа единство! А дека повторното воспоставување на единство во црквата на последните денови е токму Божја цел, потполно јасно следи од пророштвата. Ветено ни е дека стражарите ‘со очите свои гледаат дека Господ се враќа во Сион’. Исто така, веруваме дека во последното време ‘мудрите ќе разберат.’ Кога ова ќе се исполни, до единство во верата ќе дојдат сите оние кои Господ ги смета за разумни, зашто оние кои навистина правилно ќе разберат, нужно мора да го разберат на ист начин... Од ваквите размислувања очигледно произлегува дека совршената состојба во црквата, што е проречена овде, сè уште е некаде во иднина; според тоа, овие дарови сè уште не ја исполниле својата цел“ (Р. Ф. Р.Ф. Котрел, „Вовед“ во делото на Елена Г. Вајт, *Рани списи;* R. F. Cotrel, „Introduction“, Ellen G. White, *Early Writings*, стр. 140).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Во светлината на горенаведениот цитат од Р. Ф. Котрел, што е неопходно за Светиот Дух да внесе единство во Божјата црква денес? Колку е важно за црковното единство да се спроведат во дело советите дадени преку Духот на пророштвото?**
2. **Како, на некој пријател кој верува дека Павле и другите христијани кои умреле, сега се „со Христос“ на небото, би му го објасниле библиското учење за смртта?**
3. **Како ја разбираме ужасната реалност на страдањата во овој свет? Зошто мотивот на големата борба е толку корисен за да го разбереме сето ова? Зошто, на крајот на краиштата, сепак мора да гледаме на Исуса на крстот како на најцелосен можен израз на љубовта на Отецот, и да научиме да Му веруваме дури и во најтешки времиња?**

**4. Лекција**
**Од 17 до 23 јануари 2026**

# ЕДИНСТВО ПРЕКУ ПОНИЗНОСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 2,1-8; Еремија 17,9; Филипјаните 4,8; 1. Коринќаните 8,2; Римјаните 8,3; Евреите 2,14-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исполнете ја мојата радост: бидете со една мисла, бидејќи имате една и иста љубов, и бидете еднодушни и едномислени“ (Филипјаните 2,2).**

Единството е сила. Меѓутоа, да се знае што е исправно не е исто како и да се прави истото. Сите ние понекогаш доживуваме неуспеси, и покрај нашите најдобри напори да постигнеме единство. Сепак, ова не е исто што и намерно поткопување на единството. Затоа не е чудно што Павле, продолжувајќи да им пишува на Филипјаните, ја изразува својата желба тие „да бидат еднодушни и едномислени“.

Неопходноста од единство Павле ја темели на Исусовите учења и Неговиот пример. Тоа е тема што ја наоѓаме во целиот Нов завет, а особено во посланијата. Потеклото на неединството во универзумот произлегло од гордоста и жедта за позиција и моќ на еден единствен ангел на небото, чувство кое се ширело брзо, дури и во совршено окружение (видете Исаија 14,12-14). Потоа нашло упориште во Едем преку слично незадоволство од правилата што ги воспоставил Бог и желба за издигнување во една „повисока“ сфера од онаа што Бог ја замислил (1. Мојсеева 3,1-6).

Оваа седмица ќе ја разгледуваме библиската основа за единство во црквата, фокусирајќи се посебно на Исусовото чудесно доброволно понижување, на поуките кои можеме да ги извлечеме гледајќи го Него и на тоа како можеме да растеме за да бидеме послични на Него.

# НЕЕДИНСТВОТО ВО ФИЛИПИ

**Прочитајте Филипјаните 2,1-3. Кои се очигледните фактори кои довеле до разединетост во самата црква? Што предлага Павле како лек?**

---

Сигурно за Павле претставувало големо разочарување кога гледал како црквата што ја основал, и која толку многу ја сакал, била измачувана од соперништво, обземена со кавги и натпреварување. Тој користи многу моќен јазик за да ги опише овие проблеми. „Пркос“ или „суетно честољубие“ (на англиски: „себична амбиција“) е превод на зборот (грчки: eritheia) употребен претходно во Филипјаните 1,16, каде што се однесува на Павловите соперници во Рим, кои ги гледале само личните интереси и биле склони да се величаат себеси, наместо да го унапредуваат Христовото дело.

„Пркос“ или „себична амбиција“ спаѓа во дела на телото (Галатјаните 5,20) и, како што забележува Јаков, „каде што има завист и карање, таму има неслога и сè е лошо“ (Јаков 3,16). Грчкиот збор за „вообразеност, суета“ се користи само овде во Новиот завет, но се појавува во вонбиблиската книжевност во смисла на арогантност, суетна гордост и претерано чувство за сопствена важност. Павле користи еден сроден збор кога ги опоменува Галатјаните: „Да не бараме лажна слава, еден друг да не се предизвикуваме, еден на друг да не си завидуваме“ (Галатјаните 5,26).

Забележете ги решенијата за тие проблеми што ги наведува Павле:

1. *Поучување во Христа.* Во продолжение Павле го користи Христовиот личен пример како моќна мотивација.
2. *Утехата на љубовта.* Исус ја открива божествената љубов и ни заповеда: „Да се љубите еден со друг, како што ве возљубив Јас“ (Јован 15,12).
3. *Заедница со Духот.* Присуството на Светиот Дух воспоставува блиски христијански односи како оние што ја проникнувале раната црква (Дела 2,42; споредете со 2. Коринќаните 13,14).
4. *Жалостиво срце (сочувство).* Гледаме дека оваа божествена доблест често се пројавувала во Христовиот живот (видете: Матеј 9,36; Матеј 20,34; Марко 1,41), а е опишана и во параболите за добриот Самарјанец (Лука 10,33) и изгубениот син (Лука 15,20).
5. *Милост.* Оваа особина, која Исус ја покажувал со личен пример, треба да се види и во животот на Неговите следбеници (Лука 6,36).
6. *Да бидеме едно во намерите и љубовта, да бидеме усогласени во мислењето и дејствувањето.* Каква слика! Тешко е да се замисли како Павле можел посилно да ја нагласи важноста на единството. Како што тој подоцна истакнува, треба да го имаме истиот ум, односно „истите мисли, што ги има Исус Христос“ (Филипјаните 2,5).

# ИЗВОР НА ЕДИНСТВО

Размислувајте повеќе за нагласокот на Павле на единството во стихот Филипјаните 2,2, каде што тој во суштина го кажува истото на четири различни начини. Забележете го и фокусот што тој го става на умот, мислите и чувствата. Додека верските водачи имале тенденција да го нагласуваат надворешното однесување, Исус се сосредоточувал на мислите и чувствата. На пример, богатиот млад управник тврдел дека отсекогаш го држел законот. Меѓутоа, велејќи му да продаде сè што има, тоа да им го раздели на сиромашните и да го следи, Исус ја испитал неговата приврзаност кон световните работи. Тој исто така рекол дека она што доаѓа од срцето (умот) е она што всушност го осквернува човекот: „Зашто од срцето излегуваат лоши помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули“ (Матеј 15,19) и „устата го зборува она што излегува од преполнетото срце“ (Матеј 12,34)..

**Прочитајте го текстот Филипјаните 2,3.4. На кои практични чекори поттикнува Павле за да се постигне единство во црквата?**

---

Зборовите на Павле ја доловуваат сликата за понизност: скромност на умот, да се сметаат другите подобри од себе, грижа за интересите на другите, а не само за своите. Полесно е ова да се каже отколку да се направи, зар не? Меѓутоа, тоа се важни принципи кои треба да ги имаме предвид во сите наши односи со другите. Честопати во разговорот сме склони повеќе да се фокусираме на сопствениот одговор на нешто што е кажано отколку на тоа да слушнеме за да разбереме што кажува другата личност и да се обидеме да го согледаме проблемот од нејзината гледна точка. Честопати до судир доаѓа поради обични недоразбирања, кои би можеле да се избегнат едноставно со активно слушање. Можеби нема да се согласуваме, но слушањето и настојувањето да го разбереме гледиштето на другата личност, претставува прв чекор во негувањето здрава комуникација и доверба.

Павле зборува за „единството на Духот“ (Ефесјаните 4,3), што води до тоа да се запази единството „преку врските на мирот“ (Ефесјаните 4,3). Ако постои судир во црквата, Светиот Дух може да ја смири ситуацијата и да нè доведе до единство, создавајќи хармонија. Во истата глава, Павле го споменува „единството на верата и познанието на Синот Божји“ (Ефесјаните 4,13). Овие две се поврзани. Тоа што имаме иста вера, исто сфаќање на Светото писмо кое произлегува од познавањето на Христа и Неговите учења, е од пресудна важност за да преовлада единството меѓу нас.

**Какво е тоа „умирање за себе“ кое би нè довело до тоа навистина да почнеме да ги цениме другите повеќе отколку себеси? Како можеме да го научиме тоа? Колку поинакви би биле нашите односи кога сите би живееле така?**

# ПРЕСАДУВАЊЕ НА УМОТ ИЛИ ОПЕРАЦИЈА НА МОЗОКОТ?

Сè поголем број компании ширум светот работат на технологии кои ја комбинираат процесорската моќ (способност за обработка на податоци) на компјутерите со човечкиот мозок. Со други зборови, научниците се надеваат дека со спојување на човечкиот ум со компјутер, ќе можат да влијаат врз нашите мисли преку тие компјутери. Иако употребата на вакви мозочни импланти кај луѓето би можела да ветува позитивни резултати, кои вклучуваат и помош во контролата на епилепсијата, депресијата и Паркинсоновата болест, не е тешко да се замислат ни многу позлокобни употреби. Најверојатно, не сме далеку од контрола над умот (т. н. „перење на мозокот“).

Во извесна смисла, тоа веќе постои. Нашиот ум е како компјутер, само многу помоќен. Постојаниот проток на информации на кои сме секојдневно изложени го „програмира“ нашиот ум, ги условува нашите мисли и управува со нашите постапки. Кога се задлабочуваме во медиумските содржини, световниот начин на размислување на другите луѓе се врежува во нашиот ум и ние почнуваме да размислуваме на ист начин. Тоа е исто како умовите на другите луѓе да се всадени во нашиот или да се претопени со нашиот ум.

Но ние, исто како и Исус, треба да го имаме „мудрувањето на Духот“ (Римјаните 8,6). „Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух “, и тоа, вели Павле, е потполно спротивно од „духот од овој свет“ (1. Коринќаните 2,11.12). Кој е нашиот учител? И што учиме?

**Прочитајте го стихот Филипјаните 2,5. Што мислите, што значи да се има „ум“ Христов?**

---

На крајот на краиштата, ние можеме да го „промениме“ нашиот ум, нашиот начин на размислување, но не и нашето срце. Само Бог може да го направи тоа. Светиот Дух мора да изврши операција на нашето срце, користејќи го „духовниот меч“ (Ефесјаните 6,17), Божјото „живо“ и „силно“ слово, кое „дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12). Само со помош на Светиот Дух можеме навистина да се запознаеме себеси, бидејќи нашето срце, по самата своја природа, нè измамува (Еремија 17,9). Еврејскиот збор за „лукаво“ ('aqov) се однесува на груб и нерамен терен на кој се сопнуваме. Во поширока смисла, тоа се однесува на мислите кои се мрачни, извртени и потполно изопачени. Затоа ние мора да се преобразиме преку „возобновување“ на нашиот ум, за да можеме да испитуваме „што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено“ (Римјаните 12,2).

**Зошто е толку важно да го следиме она што ни го кажува Павле овде: „Понатаму, браќа мои, на она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете!“ (Филипјаните 4,8)?**

## УМОТ ХРИСТОВ

Мухамед Али еднаш рекол: „Јас сум најголем“. Во август 1963 година, шест месеци пред да го освои светскиот шампионат во бокс во тешка категорија, тој дури и издал музички албум со наслов „Јас сум најголем“. Мухамед Али несомнено бил голем спортист, но тој не е примерот што треба да го следиме ако сакаме да го имаме умот Христов

За разлика од тоа, Исус бил совршено безгрешен. Иако бил искушуван во „сѐ како и ние“ (Евреите 4,15), Тој никогаш не згрешил, дури ни во мислите. Понатаму, во Евреите 5,8 се вели: „Иако беше Син, Тој се научи на послушност од она што го пострада“. Исусовото потчинување на волјата на својот Татко секогаш било совршено. Тој никогаш не одбил да се покори, иако, несомнено, често не било лесно.

**Прочитајте Филипјаните 2,5-8, кои некои ги сметаат за најмоќниот и најубавиот текст во Библијата. Што ни кажува Павле овде? Што сѐ опфаќаат овие зборови? Но најважно од сѐ, како можеме да ги примениме во нашиот сопствен живот принципите што се изложени овде?**

---

Исус, кој е еднаков со Бога, кој е Бог, не само што ја презел врз Себе човечката природа, туку станал и „слуга“ (*doulou*, слуга, роб), а потоа се принел Себеси како жртва за нашите гревови! На друго место, Павле вели дека Тој „поради нас стана проклетство“ (Галатјаните 3,13). Бог, нашиот Творец, умрел на крстот за да биде и наш Искупител, а тоа барало Тој да стане и проклетство за нас.

Како нашиот ум воопшто да го разбере и прифати она за што станува збор овде? Покрај тоа, како да го правиме она што ни се кажува во овие текстови, односно да имаме иста подготвеност да се понизиме и да се жртвуваме за доброто на другите?

На друго место, Исус рекол: „Но, најголемиот меѓу вас да ви биде слуга; зашто, кој се воздигнува, ќе биде понизен; а кој се понизува, ќе биде воздигнат“ (Матеј 23,11.12). Тоа на многу начини го одразува она што ни го кажува Павле во текстот Филипјаните 2,5-8, а тоа е и ние да го правиме истото.

Со уште појасни зборови, Павле овде зборува за она што го кажал претходно да не правиме ништо „од честољубие или за празна слава“ (Филипјаните 2,3).

**Како би требало да одговориме на она што Христос го направил за нас, како што е опишано во текстот Филипјаните 2,5-8? Кој одговор воопшто би можел да биде „соодветен“ или достоен за она што Христос го направил за нас, освен можеби да паднеме на колена и да му се поклониме? Зошто е толку погрешно да мислиме дека нашите дела можат да додадат нешто на она што Христос веќе го направил за нас?**

# ТАЈНА НА ПОБОЖНОСТА

Еден популарен стих во Библијата е 1. Коринќаните 8,2: „Ако некој мисли дека нешто знае, тој уште не осознал како треба да знае.“ Не постои тема за која знаеме сѐ. Секогаш има нешто повеќе да научиме за што и да е. А колку е тоа вистина кога станува збор за вечните реалности поврзани со Божеството и отелотворувањето! Павле често ја споменува неверојатната Христова готовност да се понизи, што се гледа во тоа што станал човечко битие. Тоа е тема која дури ниту во вечноста не ќе може да се исцрпи.

**Прочитајте ги следните стихови: Римјаните 8,3; Евреите 2,14-18; и Евреите 4,15. Во што се огледува Христовото доброволно понижување и Неговото преземање на човечка природа?**

---

Како било можно вечниот Син Божји, преку дејствувањето на Светиот Дух (видете Лука 1,35), да стане божествено-човечко битие во утробата на Марија? Вчудовидувачко е како Вечниот и Бесконечниот одеднаш можел да стане ограничено човечко суштество подложно на смрт. Ова е сржта на она што Павле го нарекува „тајната на побожноста“ (1. Тимотеј 3,16).

Во преубавата химна во Филипјаните 2, Павле на некој начин го разработува тоа доброволно понижување поподробно отколку на кое било друго место во Светото писмо.

- „Иако беше во Божји лик“ (Филипјаните 2,6). Зборот *morfē* (лик) се однесува на Неговата божествена природа, дека Исус бил еднаков на Отецот (споредете со стихот Јован 1,1).
- „Се лиши Самиот себе“ (Филипјаните 2,7). Таинствената природа на Исусовото лишување на самиот себе од своите божествени прерогативи – за да може да стане вистински човек и да биде искушан во сѐ како нас – едноставно восхитува.
- „Сам себе се понизи“ (Филипјаните 2,8). Со преземањето на човечката природа, Исус го поминал патот од оној што поседува сеопшта превласт до апсолутен слуга, што е потполно спротивно на целите на Луцифер.
- „Сѐ до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,8). Немало посрамен начин на умирање од оној што го избрал Исус, онака како го испланирал тоа заедно со Отецот кога се состанале за да создадат „согласност за мир“ (Захарија 6,13). Тој го илустрирал ова однапред преку Мојсеј, кој ја подигнал змијата (4. Мојсеева 21,9; Јован 3,14), и така станал „Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја“ (2. Коринќаните 5,21).

**Како сосредоточувањето на вниманието на она што Исус го направил за нас на крстот – согледувањето на крстот како наш пример за предавање и понизност – треба и може да нѐ направи попонизни и попокорни на Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Сета татковска љубов што од поколение на поколение се пренесува од срце до срце, сите извори на нежност кои бликнале во човечките души, претставуваат само едвај видливо поточе спрема бескрајниот океан кога ќе се споредат со бескрајната, неисцрпна Божја љубов. Со зборови не може да се изрази, ниту со перо да се опише. Можете за неа да размислувате секој ден од својот живот. Можете ревносно да го истражувате Светото писмо со цел за да ја разберете. Можете да ги напрегнете сите сили и способности што Бог ви ги дал во настојувањето да ја разберете љубовта и сомилоста на небесниот Татко, но и покрај сето тоа и понатаму остануваат бескрајно многу работи што треба да се испитаат. Таа љубов можете со векови да ја проучувате, а сепак никогаш потполно нема да можете да ја сфатите сета должина и ширина, длабочина и висина на љубовта што Бог ја покажал кога го дал Својот Син да умре за овој свет. Дури ни самата вечност никогаш нема да може во потполност да ја открие. Сепак, кога ја проучуваме Библијата и размислуваме за Христовиот живот и за планот на спасението, овие возвишени теми сè повеќе и повеќе ќе се откриваат за нашето разбирање" (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 740).

„Кога се обучуваме, како Мојсеј во Христовата школа, што учиме? Да бидеме вообразени? Да имаме возвишено мислење за себе? Не, напротив, колку повеќе учиме во таа школа, толку повеќе напредуваме во скромноста и понизноста на умот. Не треба да мислиме дека сме научиле сè што вреди да се знае. Талентите што ни ги дал Бог треба да ги употребиме на најдобар начин, така што кога ќе се преобразиме од смртност во бесмртност, нема да го оставиме зад себе она што сме го постигнале, туку тоа можеме да го понесеме со нас на другата страна. Низ сите бескрајни векови на вечноста, Христос и Неговото дело на искупување ќе бидат тема на нашето проучување" (Ellen G. White, *Manuscript*, 36, 1885).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кои сè начини самите вие сте ја доживеале реалноста на Божјата љубов? Разговарајте во класата за различните начини на кои сте ја запознале и доживеале Неговата љубов.**

**2. Што точно значи тоа што Исус „се изедначи со луѓето" (Филипјаните 2,7)? Споредете го ова со стихот Римјаните 8,3. Разговарајте за овие стихови, земајќи предвид како тие се расветлуваат еден со друг.**

**3. Со кои предизвици во поглед на единството се соочува црквата во вашата област? Какви и да се проблемите, зошто подготвеноста да се понизиме и да не правиме ништо „од честољубие или за празна слава" (Филипјаните 2,3) би бил одличен начин барем да започнеме да ги решаваме овие проблеми?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**5. Лекција**
**Од 24 до 30 јануари 2026**

# КАКО СВЕТИЛКИ ВО НОЌТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 2,12-30; Римјаните 3,23.24; Римјаните 5,8; 2. Тимотеј 4,6; 1. Коринќаните 4,17; 2. Тимотеј 4,21.13; Лука 7,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Правете сѐ без мрморење и двоумење, за да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји, сред изопачено и развратно поколение, во кое светите како светила во светот“ (Филипјаните 2,14.15).**

Бог им рекол на Евреите да бидат послушни, бидејќи таа послушност е „вашата мудрост и вашиот разум пред очите на сите народи, кои, откако ќе чујат за сите тие наредби, ќе речат: ‘овој голем народ е мудар и разумен народ‘“ (5. Мојсеева 4,6).

Векови подоцна, Тој рекол: „Јас сум Светлината на светот; кој врви по Мене нема да оди во темнина, а ќе ја има светлината во животот“ (Јован 8,12). Тој исто така рекол: „Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина“ (Матеј 5,14). Како можеме ние да бидеме таа светлина? Само преку тесна заедница со Исуса, кој е „Вистинска Светлина, Која го осветлува секој човек, што доаѓаше во светов“ (Јован 1,9). Како што кажува текстот од Филипјаните 2, Бог „Го превозвиши и Му даде име што е над секое име, та во името на Исус да се поклони секое колено... и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Отецот“ (Филипјаните 2,9-11).

Светлината и силата на небото ни стојат на располагање на секого од нас кои сме му го предале својот живот на Исуса. Но ние премногу често или очекуваме Бог да направи сѐ, или нашите сопствени идеи и планови ни застануваат како пречка на патот. Токму затоа зборовите на Павле упатени до Филипјаните се толку релевантни денес.

## НАШИТЕ ДЕЛА ПОКАЖУВААТ ШТО ПРАВИ БОГ ВО НАС

Откако штотуку го претставил Христа како совршен пример на понизност и послушност кон Божјата волја, Павле сега се свртел кон самите Филипјани. Тој ја потврдува нивната послушност кон Господ откако ја примиле евангелската порака (видете Дела 16,13–15.32.33) и ги поттикнува да продолжат во таа послушност.

Укажувајќи на примерот на Христовиот живот и на крстот како пат на спасение, Павле сега се сосредоточува подиректно на разгледување како сето тоа дејствува во практика.

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 2,12.13. Што мисли Павле кога вели: „Градете го своето спасение“? Како би го опишале односот меѓу верата и делата?**

---

Во овие два стиха Павле не изнесува некое поинакво евангелие од она што во главни црти го дава во Посланието до Римјаните и во другите посланија. Можеме да бидеме сигурни дека неговата порака овде е во согласност со евангелието за оправдување со вера, кое тој го проповедал во Филипи и на други места. Но, исто така е важно да се земе предвид сѐ што кажува Библијата за одредена тема, особено темата за спасението, која може да биде многу погрешно сфатена.

**Прочитајте ги следните текстови, Римјаните 3,23.24; Римјаните 5,8; и Ефесјаните 2,8-10. Што нѐ учат овие исечоци во поглед на спасението?**

---

Без сомнение, спасението е Божјо дело и ние не можеме да си припишеме себеси апсолутно никаква заслуга за тоа. Дури и самата вера е дар, поттикнат од делото на Светиот Дух. Нашите сопствени дела не можат да нѐ спасат. Меѓутоа, преку новото раѓање, Бог во духовна смисла нѐ создава одново, оспособувајќи нѐ да правиме добри дела. Божјиот Дух работи во нас, зајакнувајќи ја нашата волја да го избереме она што е исправно, да се спротивставиме на искушението и да донесуваме исправни одлуки.

Според тоа, со нашите дела ние јавно го покажуваме она што Бог го прави во нас, и тоа го правиме „со страв и трепет“. Дали тоа значи дека треба да се плашиме од Божјиот суд над нашите често слаби напори да послушаме? Секако дека не. Тој израз се однесува на свеста за Божјото присуство (видете Псалм 2,11) и на нашата потреба да Му бидеме послушни.

**На кои сѐ начини сте го искусиле Христовото дејствување во вас? Како вашата падната природа, за жал, се бори против она што Бог го прави во вас, и како можете да се спротивставите на оваа тенденција?**

# СВЕТЛИНА ВО МРАЧНИОТ СВЕТ

Во стихот Филипјаните 2,14, Павле ги поттикнува Филипјаните: „Правете сѐ без мрморење и двоумење“. Предизвиците за црковното единство се толку сериозни што тоа не може да се одржи без значителен напор од наша страна. Единството во самата црква е нуспроизвод на нашата заедница со Христа и послушност кон Неговата Реч, и е од пресудно значење за нашето сведочење, како што нагласува Павле во продолжение, повикувајќи нѐ да светиме „како светила во светот“ (Филипјаните 2,15).

Во ноќ без месечина, далеку од градскиот сјај и уличните светла, можат да се видат повеќе ѕвезди, и се стекнува впечаток дека тие светат многу посилно. Контрастот е она што ја прави разликата. Колку е потемно небото, толку појасно се истакнуваат ѕвездите. Така е и со нашето сведочење. Колку е поголема моралната темнина околу нас, толку е поостар контрастот меѓу животот на искрените Божји следбеници и световните луѓе. Според тоа, колку е важно да не дозволиме вештачката светлина на световните идеи, притисоци и практики да доведе до тоа нашето сведочење да избледи во однос на заднината или целосно да исчезне.

**Прочитајте Филипјаните 2,15.16. Како Павле опишува какви треба да бидеме ние, како Божји деца, и што треба да правиме?**

---

„Прави“ значи „без мани, беспрекорни“. Овој израз се користи особено за Јов и за неговиот беспрекорен карактер (видете За Јов 1,1.8; За Јов 2,3; исто така За Јов 11,4; За Јов 33,9). Грчкиот збор преведен како „чисти“ (во некои преводи, „беспрекорни“) буквално значи „непомешани, невини, чисти“. Исус, имајќи ги предвид жестоките напади со кои веројатно ќе се соочат Неговите следбеници, нѐ охрабрува да бидеме „незлобни како гулаби“ (Матеј 10,16). Павле, слично на тоа, нѐ поттикнува да бидеме „прости во злото“ (Римјаните 16,19), односно, со други зборови, невини, неизмешани, слободни од злото. Во потполна спротивност на тоа, нашите современи медиумски канали не се ниту малку познати по чиста, инспиративна и вдахновена содржина. Во времиња како овие, Давидовиот обичај претставува одлично правило за нас: „Нема да ставам пред очите мои ништо пакосно“ (Псалм 101,3).

Не треба да се плашиме да бидеме поинакви – нашата вера треба сѐ повеќе да нѐ издвојува. Целта е да „светите како светила во светот“ (Филипјаните 2,15). Единствениот начин да го постигнеме тоа е да одбиеме да се прилагодуваме на овој свет (Римјаните 12,2), цврсто „држејќи се за словото на животот“ (Филипјаните 2,16). Нашите избори и одлуки одредуваат дали живееме имајќи го предвид „денот Христов“ или трчањето ни е „напразно“ (Филипјаните 2,16; споредете 1. Коринќаните 9,24-27).

**Ако постојат области од вашиот живот кои ги сметате за „световни“ (а веројатно ги има), како можете да се очистите од нив?**

## ЖИВА ЖРТВА

**Прочитајте ги следните стихови: Филипјаните 2,17; 2. Тимотеј 4,6; Римјаните 12,1.2 и 1. Коринќаните 11,1. Што вели Павле овде?**

Павле веќе изразил изненадувачки неодлучен став за тоа дали е подобро тој да продолжи да живее или пак да умре во службата за Христа (Филипјаните 1,20-23). Сега тој предлага многу реална можност да се принесе себеси „како жртва леаница“ (Филипјаните 2,17). Оваа слика се заснова на древниот обичај на налевање, кој вклучувал излевање течност (како масло, вино или вода) како жртва на Бога (видете, на пример, 1. Мојсеева 35,14; 2. Мојсеева 29,40; 2. Самоилова 23,15-17). Очигледното „излевање“ на скапоцената течност во чин на обожавање може да нè потсети на чинот на Марија која излева „шишенце скапоцен и чист нардов мирис“ (Марко 14,3-9; Јован 12,3), со кој таа ја помазала Исусовата глава и нозе. Иако тоа не било жртва налевница во вистинска смисла, несомнено претставувала огромна жртва, која соодветно ја илустрирала Христовата бескрајна жртва за нашето спасение.

Кога би бил погубен поради своето дело на ширење на евангелието, Павле би се радувал на тоа, бидејќи неговиот живот би бил „излеан“ како жртва на Бога. Бидејќи жртвите налевници во еврејската Библија главно не се принесувале сами, туку како додаток на друга жртва (видете 4. Мојсеева 15,1-10; 4. Мојсеева 28,1-15), Павле би го сметал давањето на својот живот како соодветен додаток на „жртвата и службата“ на верниците во Филипи кои, со вера, одлучиле да му го посветат својот живот на Бога како „жртва жива“ (Римјаните 12,1).

Раните христијани, вклучувајќи ги и оние во Филипи (Филипјаните 1,27-29), биле активни во објавувањето на својата вера. Тие го ширеле евангелието одејќи од куќа до куќа (Дела 5,42). Тие ги отворале своите домови за проучување на Светото писмо (Дела 12,12; 1. Коринќаните 16,19; Колошаните 4,15; Филимон 1,1.2) и биле во состојба да наведат библиски причини од Светото писмо за она во што верувале (Дела 17,11; Дела 18,26; 1. Петрово 3,15). Нашите пионери адвентисти го правеле истото. Наместо да се потпираат на пастори за да ја објавуваат пораката на нивните соседи, тие лично ја споделувале својата вера, држеле библиски часови и ги подготвувале луѓето за да бидат спремни за крштевање кога ќе дојде проповедникот.

Накратко, по цена на голема лична жртва, односно „жртва жива“, тие работеле на ширење на евангелието. Дали ние треба да правиме нешто помалку од тоа?

**Размислете што би значело во вашиот живот да станете „жртва жива“. Колку се жртвувате за Божјето царство и што ви кажува одговорот на ова прашање за вас самите.**

## ДОКАЖАН КАРАКТЕР

Улогата на Тимотеј како придружен испраќач на ова послание веќе беше спомената (Филипјаните 1,1). Сега Павле почнува детално да изнесува колку е драгоцен Тимотеј како еден од неговите соработници. Тој е опишан како евангелист (2. Тимотеј 4,5) кого Павле го испратил во Македонија (1 Солуњаните 3,2; споредете со стиховите Дела 18,5; Дела 19,22) и, во неколку наврати, во Коринт (1. Коринќаните 4,17; 1. Коринќаните 16,10). Претходно тој работел со Павле и Сила во Коринт (1. Солуњаните 1,1; 2. Солуњаните 1,1), а подоцна во Ефес (1. Тимотеј 1,2.3; споредете со стихот Дела 19,22). Павле го опишува Тимотеј како некој кој е „истомисленик“ со него (Филипјаните 2,20). Грчкиот збор (буквално, „со иста душа“) навестува дека тој бил сличен на Павле во многу нешта, вклучувајќи ја неговата посветеност на Христа, неговите енергични напори да го шири евангелието, посебно неговата грижа за Филипјаните.

**Што мислите, зошто Павле овде зборува толку позитивно и толку опширно за Тимотеј (видете Филипјаните 2,19-23)? Што друго вели Павле за него (видете 1. Коринќаните 4,17; 2. Тимотеј 1,5)**?

---

Уште една од доблестите на Тимотеј што Павле ја споменува е неговата чесност („докажан карактер“) (Филипјаните 2,22). Грчкиот збор што се користи овде опишува личност која е темелно испитана низ разни искушенија (Римјаните 5,4), и чиј карактер и служба се покажале дека се вистински (2. Коринќаните 2,9; 2. Коринќаните 9,13). Павле знае дека ова е вистина во случајот на Тимотеј, бидејќи се уверил во тоа во многу прилики додека работеле заедно во ширењето на евангелието.

Токму тешките искуства во животот се тие што го тестираат нашиот карактер и откриваат кои сме однатре. Елена Г. Вајт го објаснува тоа на следниов начин: „Животот нѐ учи на дисциплина... Ќе има провокации што ќе го проверат нашиот нарав, и токму преку подготвеноста да се соочиме со тоа во вистински дух се развиваат христијанските доблести. Ако кротко ги поднесуваме навредите и прекорите, ако на навредливите зборови одговараме со благост, а на злоупотребата со добрина, ова е доказ дека Христовиот Дух престојува во нашето срце“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 344). Во продолжение таа кажува дека „тешкотиите и непријатностите коишто сме повикани да ги поднесуваме... ако ги истрпиме со вистински дух, ќе развијат во нас карактер сличен на Христовиот, по кој христијанинот се разликува од световниот човек“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 344).

**Размислете за провокациите, тешкотиите и нервирањата со кои сте се соочиле неодамна. Дали сте ги „поднеле кротко“ и сте ги „истрпиле во вистински дух“? Што можете да направите за да овозможите таквите искуства да ви помогнат да станете подисциплинирани?**

## „ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ ТАКВИТЕ“

**Прочитајте го текстот Филипјаните 2,25-30. Како Павле го опишува Епафродит? Кои конкретни ставови и постапки на овој христијански работник го откриваат неговиот карактер?**

---

Епафродит се споменува само во ова послание, но многу дознаваме за него од неколкуте кратки напомени што се појавуваат. Судејќи според неговото име (кое упатува на култот на Афродита), тој бил преобратеник од паганството. Нарекувајќи го свој „сотрудник“, Павле сака да каже дека тој бил активен во службата, можеби дека дури и работел заедно со него во Филипи. А тоа што бил и негов „соборец“ (споредете со стихот Филипјаните 1,27) веројатно се однесува на судирот со кој се соочил Епафродит во ширењето на евангелието, готов да го ризикува дури и својот живот (Филипјаните 2,30).

Како „пратеник“ (грчки: apostolos) именуван од црквата во Филипи, Епафродит бил испратен да му служи на Павле во затворот и да се погрижи за сите други негови потреби (Филипјаните 2,25). Тој бил оној на кого Филипјаните му ги довериле своите финансиски дарови за Павле (Филипјаните 4,18). Овие прилози биле од пресудна важност, бидејќи сè што им требало на римските затвореници – храна, облека, постелнина или други потреби – морало да се купи на нивен трошок, или тоа морало да им го донесе семејството или пријателите (спореди Дела 24,23). При крајот на неговото второ затворање во Рим, Павле бара од Тимотеј да направи сè што може за да дојде „пред зимата“ и да му ја донесе „наметката“ што ја оставил во Троада (2. Тимотеј 4,21.13). На Павле очигледно му била потребна таа дебела, волнена наметка во неговата студена, камена ќелија. И повторно, на Епафродит му било доверено да го однесе тоа послание назад во Филипи (видете Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 479 ориг.).

Можеби поради проблемите во Филипи (видете ја лекција 4), Павле „сметал дека е потребно“ да го врати Епафродит порано од очекуваното и затоа ги охрабрува Филипјаните да го примат „во Господа со секаква радост“ (Филипјаните 2,29). Павле сака да ги увери да не се грижат за неговите околности во затворот. Исто така, тој нагласува дека Епафродит спаѓа меѓу оние што христијаните треба високо да ги ценат, не поради нивното богатство или општествен статус, туку поради саможртвуваниот дух во кој го следат Исусовиот пример (Филипјаните 2,6-11; споредете Лука 22,25-27). Грчкиот збор што се користи овде за „почитување“ или „чест“ се појавува само неколку пати во Новиот завет: за слугата кој бил „сакан“ од римскиот стотник (Лука 7,2), за оние на кои им била укажана чест со нивно место на свадбената гозба (Лука 14,8) и за Исус како камен-темелник, „избран, драгоцен“ (1. Петрово 2,4.6). За Епафродит да биде вклучен во таа група, тој морал да биде навистина верен човек.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Најблизу до Христа ќе стои оној кој на Земјата најдлабоко црпел и пиел од духот на неговата самопожртвувана љубов - од љубовта која „не се фали, не се превознесува... не го бара своето, не се лути, го проштава и го заборава злото“ (1. Коринќаните 13,4.5) – од љубовта што ги води учениците, како што го водела нашиот Господ да подари сè, да живее и макотрпно да работи, да се жртвува дури до смрт за да го спаси човештвото. Ваков дух се покажал и во животот на Павле. Тој рекол: ‘За мене живот е Христос’, зашто неговиот живот им го открива на луѓето Христа; ‘а смртта добивка’ – добивка за Христа; самата смрт ќе стори да се покаже силата на неговата милост и да се соберат душите за него. Зашто ‘Христос ќе се прослави во моето тело’, кажува тој, ‘било да живеам, било да умрам’ (Филипјаните 1,21.20)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 549 ориг.).

„Близу е времето кога искушението ќе дојде врз секоја душа. Жигот на ѕверот ќе ни се наметнува. На оние што чекор по чекор им попуштале на барањата на светот и се прилагодувале на световните обичаи нема да им биде тешко да се потчинат на властите, и тоа ќе го сторат без притеснување наместо да се изложат на исмејување, навреди, закани со затвор и смрт... Кога мноштвото лажни браќа ќе се одвојат од вистинските, тогаш оние што биле скриени ќе бидат изложени на погледите и ќе се постројат под Христовото знаме, извикувајќи: „Осана!“ Оние што се срамеле, што биле срамежливи, бојазливи и недоверливи кон себе, отворено ќе се изјаснат за Христа и Неговата вистина. Најслабите и оние што најмногу се колебале во црквата ќе бидат како Давид – подготвени да дејствуваат и да се спротивстават. Колку е подлабока ноќта за Божјиот народ, толку посјајно ќе светат ѕвездите. Сатаната жестоко ќе ги напаѓа верните, но тие, во името на Исус, ќе излезат како такви кои се повеќе од победници“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 81, 82).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за предупредувањето од претходниот цитат за оние кои „чекор по чекор им попуштале на барањата на светот и се прилагодувале на световните обичаи“. Што сè би можело да спаѓа во ова? Разговарајте во класата како ова би можело да се примени, не само на поединците, туку и на црквата како целина.**

**2. Бог вели: „Јас ќе ги прославам оние, кои Мене Ме прославуваат“ (1. Самоилова 2,30). На кои начини го почитуваме Бога? Дали ова е исто како „подајте Му слава“ (видете Откровение 14,7)? Зошто е така или зошто не е така?**

**3. Како да ја разбереме идејата за градење на сопственото спасение без да паднеме во стапицата на легализмот?**

**6. Лекција**
**Од 31 јануари до 6 февруари 2026**

# ДОВЕРБА САМО ВО ХРИСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ:, Филипјаните 3,1-16; Римјаните 2,25-29; Јован 9,1-39; Ефесјаните 1:4.10; 1. Коринќаните 9,24-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За да Го познаам Него, и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, грижејќи се мојата смрт да биде слична со Неговата, та некако да го достигнам воскресението на мртвите“ (Филипјаните 3,10.11).**

Во нас има нешто што предизвикува сомнеж кога станува збор за спасението само преку вера, без делата на законот. Односно, поради некоја причина, сите ние сме склони да се потпираме на сопствените дела, како тие да можат да придонесат за нашето спасение. Павле се занимава со оваа тема на прилично впечатлив начин во една енергична полемика, во која им се спротивставува на оние кои инсистираат дека обрежувањето е неопходно за спасение.

За да спречи каква било можност да се верува дека сопствените дела, како што е обрежувањето, можат да придонесат за нечие спасение, Павле јасно става до знаење дека праведноста доаѓа од Христа, како дар што доаѓа преку верата, а не преку законот. Иако обрежувањето можеби не е толку спорно прашање денес, принципот на кој се однесува секако е.

Самата протестантска реформација започнала токму поради ова спорно прашање – улогата на верата и делата во искуството на Христовиот следбеник. На крајот на краиштата, Христос е сè за нас, „Зачетникот и Довршителот“ на нашата вера (Евреите 12,2). Ако нашите приоритети се правилно поставени, ќе живееме со сигурноста што ја обезбедува Христовата љубов и ќе уживаме, дури и сега, во ветеното спасение, а во исто време воопшто „не се надеваме на телото“ (Филипјаните 3,3).

## ДА СЕ РАДУВАМЕ ВО ГОСПОДА

**Прочитајте го текстот Филипјаните 3,1-3. Кои позитивни и негативни тонови ги изнесува Павле овде, и како се тие поврзани? Како тој ги опишува верниците?**

---

Павле започнува со многу позитивна нота и речиси звучи како да го завршува своето писмо. Но, сè уште не завршил. Тој се враќа на една од главните теми на ова послание – радување во Господа. И наведува голем број причини за тоа. Најважно е, вели тој, да веруваме во Христа, а не во самите себе: „Се гордееме со Христос Исус, и не се надеваме на телото“ (Филипјаните 3,3). Кој од нас, на еден или друг начин научил, преку лично искуство, да не се надева на телото?

Силното предупредување: „Чувајте се“ (повторено три пати) не се наоѓа никаде на друго место во Светото писмо. Очигледно е дека Филипјаните добро знаеле на каква закана мисли Павле. Наместо на три различни проблеми, тоа предупредување веројатно се однесува на една група лажни учители опишани на три различни начини.

Злите и безбожните луѓе во Израел понекогаш биле нарекувани „кучиња“ (Филипјаните 3,2; споредете со стиховите Псалм 22,16; Исаија 56,10; Матеј 7,6; 2 Петрово 2,21.22). Лажните учители соодветно би можеле да се опишат како „лоши работници“. А тоа што ги нарекува „осакатувачи“ или „оние што го сакатат телото“, покажува дека тие, како во Галатија, така и на други места, настојувале да им наметнат обрежување на верниците од многубоштвото, спротивно на одлуката донесена на Апостолскиот собор (видете Дела 15).

Она што е особено интересно, се чини дека едно од решенијата за духовните предизвици, вклучувајќи го и ширењето на лажни учења, е токму „радувајте се во Господа“ (Филипјаните 3,1; споредете со Филипјаните 4,4).

Сето она на што се радуваме ни носи радост (тоа на грчки се два различни збора, но во нашиот јазик тие се поврзани). Бог сака да бидеме радосни, а Неговата Реч е еден вид упатства за вистинска среќа и трајна радост. Ова вклучува примање на Божјата милост (Псалм 31,7); доверба во Него (Псалм 5,11); примање на благословите на спасението (Псалм 9,14); усвојување на Божјиот закон како наш начин на живот (Псалм 19,14), вклучувајќи ја и саботата (Исаија 58,13.14); верување во Неговата Реч (Псалм 119,162) и одгледување побожни деца (Мудри изреки 23,24.25).

**Животот може да биде многу тежок за сите нас, без разлика колку добро ни оди во овој момент. Но, дури и ако не ни оди добро во моментов, на што би можеле и би требало да се радуваме? Што нè спречува да го правиме тоа?**

## ПАВЛОВИОТ „МИНАТ ЖИВОТ“

Вообичаено е искуството на христијанските преобратеници да размислуваат за својот живот во однос на времето „пред“ и „откако“ го прифатиле Христа, како што прави Павле во Филипјаните 3. Понекогаш, правилно или не, дури и за оние кои не се христијани велиме дека се „добри луѓе“, и, барем според мерилата на овој свет, многумина и навистина се. Меѓутоа, според Божјите мерила, никој не е добар, дури ни христијаните.

**Во текстот Филипјаните 3,4-6, Павле укажува на многу работи во својот живот за кои некогаш бил горд. Кои се тие работи? Како би го опишале она што е „добро“ во вашиот живот (без оглед дали во минатото или во сегашноста)?**

---

Павле прави остра разлика меѓу Евреите кои поверувале, но кои ширеле лажни учења и необрежаните верници кои за своето спасение целосно се потпираат на Христа, а не се надеваат во чисто човечки дела како што е обрезанието (видете Евреите 6,1; Евреите 9,14; споредете Римјаните 2,25-29). Иако Павловиот претходен живот и „педигре“ можеле да остават голем впечаток кај неговите сонародници Евреи, ништо од тоа не придонело за неговото спасение. Всушност, тоа дури и го попречувало, бидејќи го заслепувало некое време за тоа дека му е потребен Христос.

Павле не само што бил обрежан – тој бил обрежан на осмиот ден, што значело дека тој, како Израелец и припадник на заветниот народ, бил обрежан строго според законот. Покрај тоа, тој бил од Венијаминовото племе, чија територија опфаќала некои од најважните израелски градови. Не само што знаел еврејски, туку како ученик на Гамалиил (Дела 22,3; Дела 26,4.5) и фарисеј, бил преполн со знаење за законот и начините на кои, барем според традицијата, треба да се применува.

Павле бил толку ревносен за законот, што ја прогонувал црквата поради нејзината наводна опасност за еврејскиот начин на живот, за кој мислел дека законот го пропишува. Интересно е што, и покрај тоа што бил „беспрекорен“ според човечките сфаќања на „праведноста“, Павле сфатил дека законот, всушност, е многу подлабок и со многу поголеми барања отколку што можел и да си замисли и дека, без Христа, тој стоел осуден пред него.

**Споредете го текстот Римјаните 7,7-12 со стиховите Матеј 5,21.22.27.28. Која клучна мисла во врска со законот ја истакнуваат и Исус и Павле, и зошто правдата од „верата во Христос“ (Филипјаните 3,9), а не законот, е единствениот извор на вистинска праведност? Погледнете на тоа на овој начин: Колку добро го држите законот, особено на начинот на кој Исус рекол дека треба да се држи?**

## ОНА ШТО Е ВАЖНО

Како што истакнавме во вчерашното проучување, она што претходно го правело Павле горд, всушност, било пречка за верата, затоа што го заслепувала за неговата потреба за Христа. Павле го користи јазикот на трговијата, на придобивката и загубата, за да го опише својот духовен биланс од периодот што претходел на верата. Иако не сакаме многу да размислуваме за тоа, секое човечко битие има „духовен биланс“. Билансот на Павле претходно се мерел според еврејските вредности од неговото време, а не според библиските вредности што ги поучувал Исус.

По неговото преобратување, неговиот духовен биланс изгледал многу поинаку, бидејќи неговата скала на вредности драматично се променила, од „валутата“ на јудаизмот во „валутата на небото“.

„Оној што слегол од небото може да зборува за небото и правилно да го претстави она што ја сочинува небесната валута, врз која Тој го втиснал Својот лик и натпис. Тој знае во каква опасност се наоѓаат оние коишто дошол да ги подигне од понорот на пропаста, и да ги издигне до место покрај себе на својот престол. Тој им укажува на тоа колку е опасно да ја насочуваат својата наклоност кон бескорисни и опасни нешта. Тој настојува да го одврти умот од земното кон небесното, за да не го губиме нашето време, таленти и можности на она што е целосна суета“ (*Ellen G. White, The Advent Review and Sabbath Herald, July 1, 1890*).

Во светот на јудаизмот од првиот век, Павле бил ѕвезда во брз подем сè додека неговиот духовен вид, откако бил заслепен од визијата на прославениот Исус на патот кон Дамаск (Дела 9), не се поправил, и сè додека не бил во состојба јасно да гледа.

**Во текстот Јован 9 ја наоѓаме сторијата за друг човек кој бил слеп, а потоа јасно го видел Исуса. И самиот Исус рекол дека дошол на овој свет „за да прогледаат слепите, а оние што гледаат, да станат слепи“ (Јован 9,39). Како овој принцип може да се примени на вашиот личен живот?**

---

---

---

Што може да биде повредно од вечниот живот на небото и на новата земја? Сепак, световните „вредности“ прават толку многу луѓе да бидат слепи за таа реалност. Постои постојано натпреварување меѓу она што се цени овде (видете Матеј 13,22; Лука 4,5.6; 1. Јованово 2,15.16) и она што го цени небото – да се биде сличен на Христа и спасението на душите.

**Светот може да нè заслепи за духовните вистини и за она што е навистина важно. Каде се наоѓа клучот за нашиот поглед да биде цврсто фокусиран на она што е навистина важно?**

# ХРИСТОВАТА ВЕРА

Не смееме да ја пропуштиме главната смисла на Павловите зборови. Дошло до чудесна размена што тој ја доживеал на патот за Дамаск, кога го заменил својот стар живот, заснован на законот, за присуството на самиот Христос – „само за да Го придобијам Христос, и да се најдам во Него" (Филипјаните 3,8.9).

**Да се најде „во Него", односно во Христа, е секако интересен израз. Прочитајте го следново: Ефесјаните 1,4; 2. Коринќаните 5,21; Колошаните 2,9; и Галатјаните 2,20. Врз основа на овие стихови, што мислите, што сакал да каже Павле со оваа изјава**?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

За изразот на Павле „да се биде во Христа" многу се дебатирало, но не треба да нè изненади што можеби најдоброто објаснување на тој израз доаѓа од самиот Павле: „Во уредувањето (тајната на Својата волја) и исполнувањето на времињата, за да соедини сè небесно и земно под една глава – во Христос" (Ефесјаните 1,10). Ова била Божја намера од самиот почеток. А Павле објаснува како се постигнува ова: „Од Него сте и вие во Исус Христос, Кој за нас стана мудрост од Бога, и праведност, и осветување, и откуп" (1. Коринќаните 1,30).

Да се биде „во Христа" – тоа го подразбира сето она што го опфаќа планот на спасението, од зазорувањето на нашата духовна интелигенција (мудрост), до оправдување преку вера (праведност), подготовка за небото (осветување) и конечно, до прославување при Второто Христово доаѓање (откуп). Спасението е Христово дело од почеток до крај – за нас и во нас. Затоа, со придобивањето на Христа, имаме сè што ни е потребно.

**Прочитајте го стихот Филипјаните 3,9. Кои два поима ги споредува Павле, и зошто е важно секогаш да се има предвид оваа разлика?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како што увидел Павле, да се има „своја праведност" не е вистинска праведност, бидејќи законот не може да ни даде живот (видете Галатјаните 3,21.22). Само Христос може да го направи тоа, преку верата. И тоа не каква било вера. На крајот на краиштата, дури и демоните веруваат и трепераат (Јаков 2,19). Единствената спасоносна вера е „Христовата вера". Само Неговата вера целосно послушала и може да биде послушна. (Грчкиот збор за вера, *pistis*, исто така значи верност.) Според тоа, ако сме во Христа и ако Тој живее во нас (Галатјаните 2,20), тогаш живееме со Неговата вера преку нашата вера во Него.

## САМО ЕДНО – ДА СЕ ПОЗНАВА ХРИСТОС

**Прочитајте го текстот Филипјаните 3,10-16. Кои се некои од главните мисли што ги изнесува Павле во овој пасус?**

---

Секако, нема ништо поважно од тоа да се познава Христос, што ни гарантира дека Тој на крајот ќе нѐ познае нас и ќе нѐ признае пред Отецот (видете Матеј 7,21-23; Матеј 10,32.33). А како ние Го запознаваме? Преку Неговата пишана Реч – читајќи ја и спроведувајќи ја во живот. Ние не можеме да го познаваме лице в лице како што можеле Неговите ученици. Но, чудна работа, и покрај толку блиското познанство, тие сепак не успевале да ги разберат Неговите зборови, што ја нагласува нашата потреба Светиот Дух постојано да нѐ води (видете Јован 16,13). Колку повеќе го познаваме, толку поблиску сме до Него, бидејќи ја доживуваме „силата на Неговото воскресение“ (Филипјаните 3,10), која нѐ воздигнува да живееме „нов живот“ (Римјаните 6,4).

Друг начин на кој му се приближуваме на Исуса е преку „учеството во Неговите страдања“ (Филипјаните 3,10). Секое искушение со коешто се соочуваме, секое болно искуство што го поднесуваме, ни помага да го сфатиме и повеќе да го цениме она низ што поминал Исус за нас, а исто така и појасно да го разбереме Него и Неговата волја.

Третиот начин да Му се приближиме е да се стремиме „кон целта“ (Филипјаните 3,14). Која е таа цел? Тоа е превод на збор што се користи само овде во целиот Нов завет (*skopos*). Тој се однесува на целната линија на трката и на наградата што му се доделува на победникот. Павле ја нарекува дарот „кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос“ (Филипјаните 3,14). Исто како што Христос, преку својата смрт и воскресение, се вознел на небото, Бог нѐ повикува да ја примиме истата небесна награда – вечен живот.

Очигледно, сѐ уште не сме го постигнале тоа. Ние нема да бидеме совршени во највисока смисла сѐ додека нашето „понизено тело“ не се преобрази за „да стане подобно на Неговото славно тело“ (Филипјаните 3,21). Но, познавајќи го Него и повикувајќи Го да биде постојано присутен во нашиот живот секој ден, ние се стремиме кон целта да бидеме уште сега слични на Христа на секој можен начин. Тоа е „едното“ на кое се сосредоточил Павле. Како кога трчаме трка (видете 1. Коринќаните 9,24–27), не обрнуваме внимание на тоа до каде сме стигнале или кој нѐ следи. Нашиот единствен фокус е на она што е пред нас – на таа небесна награда што нѐ чека. Еве една предочена жива слика: тркачот е целосно сосредоточен на целта, напрегајќи го секој мускул и наведнувајќи се напред во обид да стигне до целта што е можно побрзо.

**Зошто е важно, во нашето одење со Господа, да не се осврнувате постојано назад, барем не на вашите гревови и неуспеси, туку да се радувате на она што ви е ветено во Христа токму сега?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Оној што сака да изгради силен и хармоничен карактер и да биде добро урамнотежен христијанин, мора да даде и да стори сè за Христа, зашто Откупителот не прима поделена служба. Тој секој ден мора да учи што значи целосно самопотчинување. Мора трудољубиво да ја проучува Божјата реч, да ја истражува нејзината смисла и да биде послушен кон нејзините прописи. Само така може да го постигне мерилото на христијанското совршенство. Од ден на ден, Бог ќе работи со него и ќе го усовршува неговиот карактер за да може да опстане во времето на конечната проверка и проба. И самиот верник со својот живот секој ден врши и пред луѓето и пред ангелите еден возвишен опит, покажувајќи што може да стори евангелието за паднатите човечки суштества“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 483 оригинал).

„Оние што го чекаат Младоженецот треба да му кажат на народот: ‘Еве го вашиот Бог!’ Откривањето на неговиот карактер полн со љубов е последен зрак на милосрдната светлина, последна порака на милоста што ќе му се објави на светот. Божјите деца треба да ја објават неговата слава. Со својот живот и карактер треба да покажат што сторила Божјата благодат за нив.

Светлината на Сонцето на праведноста треба да се покаже со добри дела – со зборови на вистината и со свети постапки“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 415, 416 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Задржете се повеќе на темата за радувањето во Господа. Забележете дека тука не се вели да се радувате во вашите неволји (иако и тоа е библиски исправно), туку во Господа. Зошто е важно секогаш да го имаме пред нас Господа, Неговата добрина, Неговата сила, Неговата љубов и Неговото спасение? Како ова може да ни биде од голем благослов среде неизбежните животни искушенија?**

**2. Забележете како горенаведените цитати ја опишуваат улогата на благодатта во создавањето на „добрите дела“ што ги правиме ние како христијани. Зошто оваа улога на благодатта е толку важна додека го чекаме скорешното Христово доаѓање? Односно, иако не се спасуваме преку дела, дали сме навистина спасени ако ги немаме?**

**3. Задржете се повеќе на таа идеја дека не треба да се потпираме на телото. Што значи тоа? Зошто не треба да имаме доверба во телото? Зар нашето тело не е дар од Бога?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**7. Лекција**
**Од 7 до 13 февруари 2026**

# НЕБЕСНО ДРЖАВЈАНСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 3,17-4,23; 1. Коринќаните 15,42-44; Јован 14,27; Псалм 119,165; Јов 1,21; 1. Тимотеј 6,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За ништо не грижете се, туку во сè преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања“ (Филипјаните 4,6).**

Лекцијата од оваа седмица го заклучува нашето проучување на Посланието до Филипјаните, кое е полно со вредни лекции и правила за секојдневниот живот. Многу од високите морални вредности според кои се раководел апостол Павле во својот живот, се чини дека се наоѓаат во завршните стихови од ова послание. Слично на Исусовите учења, кои се сосредоточуваат на внатрешното битие, она што Павле го споделува со нас се тајните за живеење радосен христијански живот.

Дури и кога работите не се одвиваат онака како што би сакале, што се случува почесто отколку што би сакале, не треба да се грижиме, да бидеме вознемирени или обесхрабрени. Наместо тоа, постојат принципи што ќе ни помогнат да пронајдеме внатрешна сила за да се соочиме со предизвиците што ги носи животот, за да можеме да го искусиме трајниот и постојан мир што само Бог може да ни го даде. Сегашноста и иднината се во Неговите раце, и Тој ќе се погрижи за сè што ни е потребно.

Најважно од сè, не треба да ги полагаме нашите надежи во земските системи на владеење кои редовно нè разочаруваат. Како христијани, ние сме државјани на Божјето небесно царство. А со тоа државјанство доаѓаат и привилегии, прекрасни привилегии, но и одговорности.

## ПРИМЕРИ

Сите ние, во едно или друго време, наоѓаме луѓе на кои им се восхитуваме и кои сакаме да ги имитираме. Особено е важно децата да имаат добри примери. Во идеален случај, тоа би биле нивниот татко и мајка. Како што растат, тие ќе наоѓаат други примери, можеби во врска со занимањето што го избрале или дури и во биографиите што ги читале. Тие исто така можат да дознаваат како различните библиски личности се справувале со предизвиците и да ги споредуваат со сопствените животни искуства.

За жал, во денешните социјални медиуми постојат изобилство од лоши примери. Бомбардирани сме со „кликбејтови“ (мамки за кликнувања) – приказни што детално се занимаваат со расипничкиот и хаотичен живот на познатите личности. И Павловите читатели во Филипи, иако секако немале интернет, сепак се соочувале со слични предизвици.

Факт е дека светот во кој живеел Павле бил мошне расипан, неморален и лош, како што е и нашиот денес. Секогаш имало – и секогаш ќе има, сè до крајот – повеќе од доволно зло. Прашањето за нас е: Како да одговориме на тоа?

**Прочитајте го текстот Филипјаните 3,17-19. Како се опишани добрите и лошите примери во овој исечок? Кои клучеви се дадени за да се прави разлика меѓу нив?**

---

Не смееме да пропуштиме да ја забележиме љубовта на Павле кон оние со кои не се согласува – тој плаче над нив! Забележете и дека тој не ги нарекува свои непријатели, туку непријатели на „крстот Христов“ (Филипјаните 3,18). Павле сфатил дека се работи за многу поголеми работи, имено, тој го препознал начинот на кој крстот ги руши бариерите и нè доведува сите нас на исто ниво како грешници на кои им е потребен Спасител (видете Ефесјаните 2,11-14).

Исто така, не треба да се занемари ни дека Павле ги поттикнува Филипјаните да се сосредоточат на добри примери, а не на лоши, внимателно да ги набљудуваат оние чиј начин на живот во многу работи е сличен на неговиот. Интересно е што Павле користи сличен јазик кога ги предупредува Римјаните да се чуваат од „оние, кои предизвикуваат раскол и соблазни против учењето кое сте го научиле и бегајте од нив!“ (Римјаните 16,17) Измамниците во Рим се опишани како оние кои „не Му служат на нашиот Господ Исус Христос, туку на стомакот свој“ (Римјаните 16,18).

**Иако, секако, Исус е единствениот совршен пример, постојат и други кои, барем во некои области, би можеле да бидат добри примери за нас. Во исто време, каков пример вие претставувате за другите?**

# „СТОЈТЕ ЦВРСТО ВО ГОСПОД“

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 3,20.21. На кој сликовит начин Павле опишува иако изгледа христијанското „живеење“?**

___

___

___

За разлика од непријателите на крстот, кои „мислат за земните работи“ и немаат поголем бог од сопствениот стомак (Филипјаните 3,19), христијанското живеење е на небото, а нашиот владетел е лично Исус Христос. За да ја истакне оваа мисла, Павле ја нагласува потребата „нашето понизено тело“ (Филипјаните 3,21), подложно на болести, распаѓање и смрт, да биде преобразено и да стане како Христовото славно воскреснато тело.

Како следните стихови ја опишуваат таа прославена состојба?

- За Јов 19,25-27 ___
- Лука 24,39 ___
- 1. Коринќаните 15,42-44 ___
- 1. Коринќаните 15,50-54 ___
- Колошаните 3,4 ___

На крајот, преку Исус, смртта како „последен непријател“ ќе биде уништена (1. Коринќаните 15,26). И тоа е нашата најголема надеж, конечното ветување што ни е дадено во Исуса – не само исчезнување на смртта, туку и едно сосема ново тело, „славно тело“ (Филипјаните 3,21).

Во една книга која зборува за тоа како да се најде „спасение“ без Бога, каде што се тврди, доста наивно, дека надминувањето на стравот од смртта претставува „спасение“, при што авторот, Лук Фери, сепак признава дека „христијанството нè оспособува не само да го надминеме стравот од смртта, туку и да ја победиме самата смрт. А бидејќи тоа го прави на ниво на личниот идентитет, а не на анонимноста или апстракцијата, тоа е најверојатно единствената верзија што нуди навистина дефинитивна победа на личната бесмртност над нашата состојба како смртници“ (Luc Ferry, *A Brief History of Thought*, New York: HarperCollins, 2011, Kindle edition; стр. 90). Ова е доста значајно признание, со оглед на тоа дека доаѓа од еден атеист.

Според тоа, за Павле, нашето небесно државјанство опфаќа ветување за воскресение и вечен живот во вид на едно сосема ново постоење кое сега едвај можеме и да го замислиме.

**Зошто ветувањето за вечен живот е од пресудна важност за сè во што веруваме? Дали воопшто нешто би можел да ни понуди овој свет, знаејќи што е она што ни го нуди Христос?**

## РАДУВАЈТЕ СЕ ВО ГОСПОДА – СЕКОГАШ

**Прочитајте Филипјаните 4,4-7. Како го доживуваме „мирот Божји“?**

---

---

Откако повторно ја спомнува потребата од единство (Филипјаните 4,1-3), Павле преминува на друга тема: радување во Господа (Филипјаните 4,4-7).

Колку пати сте биле под стрес поради нешто што на крајот исчезнало само од себе исто толку брзо како што се појавило? Исус со причина повеќе пати нагласил дека не треба да се грижиме (видете Матеј 6,25-34; Матеј 10,19), а Петар нè потсетува дека сите наши грижи и стравови можеме да ги фрлиме врз Господа, „зашто Тој се грижи за вас“ (1. Петрово 5,7). Всушност, сè поголемите проблеми низ целиот свет треба да нè вдахнат со надеж дека Господовото доаѓање е близу (споредете Матеј 24,33; Лука 21,28; Јаков 5,8).

Противотровот за грижата и вознемиреноста во сè, во секоја ситуација, е во упатувањето молитви со вера (Филипјаните 4,6.7). Очигледно, треба да веруваме и да постапуваме во согласност со нашите молитви како да се веќе услишени, дури и пред да го видиме нивното остварување, бидејќи треба да се молиме „со благодарност“. Додаден е и зборот „молба“ (грчки: *deēsis*), што означува моменти на крајна потреба и итност (видете, на пример, Лука 1,13; Филипјаните 1,19; 1. Тимотеј 5,5; Јаков 5,16). Нашите молитви се сè уште „барања“, но можеме да знаеме со сигурност дека ни се прифатени, сè додека се молиме „по Неговата волја“ (1. Јованово 5,14). Тогаш можеме да почиваме во мир, знаејќи дека сите наши барања се во Божји раце.

**Како следните стихови го прошируваат нашето разбирање за Божјиот мир? Псалм 29,11; Исаија 9,6; Лука 2,14; Јован 14,27; 1. Коринќаните 14,33.**

---

---

Божјиот мир е нешто што светот никогаш не може да ни го даде, бидејќи тој потекнува од сигурноста дека го имаме дарот на вечниот живот преку Исуса, нашиот Спасител (Римјаните 5,1; Римјаните 6,23). Овој мир влијае на секој аспект од животот и го „надвишува секој ум“ (Филипјаните 4,7). Тој не може да се сфати само со умот, како што укажува грчкиот збор *nous* (ум) употребен овде.

**Како би му опишале на некого што значи да се доживее „мирот Божји“?**

## МИСЛЕТЕ ЗА ОВА...

Мирот што го надвишува секој ум, исто така ќе „ги запази вашите срца и вашите мисли во Исус Христос“ (Филипјаните 4,7). На нашиот внатрешен живот му е потребна заштита. Интересно е што стихот Филипјаните 4,7 користи воена метафора во врска со Божјиот мир. Грчкиот глагол (*phroureō*) се користи за да се опише воен гарнизон што штити град од инвазија (2. Коринќаните 11,32; споредете Дела 9,24).

Друг многу важен аспект на внатрешниот мир опфаќа живеење во согласност со Божјата волја. „Голем е мирот кај оние, кои го сакаат Твојот закон, и за нив нема соблазна“ (Псалм 119,165).

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 4,8.9. Кои конкретни дела силно ни се препорачуваат?**

---

Павле го започнува текстот Филипјаните 4,8.9 со зборовите „Понатаму“, и со листа на шест доблести, проследени со нивно кратко резиме и охрабрување да се угледаме на Павловиот пример. Овој завршен меѓукултурен поттик добро се вклопува во грчко-римската средина на Филипи, со двоен нагласок на доблеста и примерот. Интересно е, меѓутоа, што фокусот е на библиските доблести, што е сосема очигледно врз основа на тоа што Павле ги изоставa четирите главни грчки доблести (расудување, делење правда, умереност и храброст).

1. *Вистинско* – Не е случајно што оваа листа започнува со главната библиска доблест, вистинитост, која Исус („Вистина ви велам...“) и целиот Нов завет често ја нагласуваат (видете, на пример: Дела 26,25; Римјаните 1,18; 1. Коринќаните 13,6; 2. Коринќаните 4,2; Ефесјаните 4,15; 1. Тимотеј 3,15; Јаков 1,18; 1. Петрово 1,22; 1 Јованово 2,21).
2. *Чесно* – грчкиот збор се однесува на лична доблест (во некои преводи: „благородно“ или „побожно“; споредете со употребата на тој збор во стиховите, 1. Тимотеј 3,8.11; Тит 2,2).
3. *Праведно* – оваа доблест се дефинира според Божјиот праведен карактер (споредете ја употребата на тој збор во стихот Филипјаните 1,7).
4. *Чисто* – мисла и дело што произлегуваат од Божјата праведност која оправдува и се прима преку вера (види стих: 1. Јованово 3,3).
5. *Љубезно* (или „прекрасно“) – естетска убавина која на некој начин донекаде сè уште може да се забележи во делата на Божјото создавање.
6. *Достојно за слава.*

За да не им се припише на некои од овие особини паганско значење, Павле дава уште две насоки за размислување за овие небесни доблести: „На она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете“ (Филипјаните 4,8). А потоа, за да отстрани секаков сомнеж и евентуално недоразбирање, тој нè повикува да го практикуваме она што сме го примиле, слушнале, виделе и научиле од неговиот личен пример (Филипјаните 4,9).

# КЛУЧЕВИ НА ЗАДОВОЛСТВО

**Прочитајте ги стиховите Филипјаните 4,10-13.19. Кои клучеви ги открива Павле за да се живее задоволно и среќно?**

---

Кога се наоѓа во исклучително тешки околности (како што се глад, болест, повреда, загуба), човек почнува да размислува за она што е навистина важно, и да обрнува внимание на благословите што обично не се ценат доволно и се земаат здраво за готово. Кога сме во „скудност“ (Филипјаните 4,12), кога сме „во потреба“ (NIV) или кога сме оставени во „немаштија“, тоа е можност да се воздигнеме во верата.

И обратно, кога сме во „изобилие“, секогаш треба да бидеме свесни дека сето тоа може да исчезне во еден миг (видете Мудри изреки 23,5). Како што нѐ потсетуваат Јов и Павле, ништо не сме донеле на овој свет кога сме се родиле и ништо нема да понесеме со себе во гробот (За Јов 1,21; 1. Тимотеј 6,7).

Забележете ги следниве библиски ветувања:

- Псалм 23,1 – „Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува.“
- Матеј 6,32 – „Вашиот Отец небесен знае дека за сето ова имате потреба.“
- 1. Петрово 5,7 – „Сите ваши загрижености префрлете ги врз Него, зашто Тој се грижи за вас.“
- Филипјаните 4,19 – „Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус.“

И најчудесното од сите: „Сѐ можам преку Исус Христос, Кој ме крепи“ (Филипјаните 4,13). Веројатно никој од нас не може целосно да сфати што подразбира тоа „сѐ“. Секако, како и со секое друго барање за Божја помош и сила, мора да го бараме во согласност со Неговата волја. Но, ние често не го бараме ни она што знаеме дека е во согласност со Неговата волја. Затоа Јаков вели: „Немате, бидејќи не барате“ (Јаков 4,2).

Еве некои работи коишто можеме да ги бараме со доверба, бидејќи знаеме дека се во согласност со Божјата волја:

- Спасението на нашите најблиски или некој пријател (1. Тимотеј 2,3.4)
- Храброст да зборуваме за нашата вера (Откровение 22,17)
- Простување кога признаваме и се откажуваме од нешто што е погрешно (1. Јованово 1,9)
- Сила да ги твориме Божјите заповеди (Евреите 13,20.21)
- Љубов кон оние што нѐ мразат и нѐ злоупотребуваат (Матеј 5,44)
- Мудрост во предизвикувачки ситуации (Јаков 1,5)
- Разбирање на вистината во Божјата Реч (Јован 8,32)

**Како се справувате со тоа кога се молите за нешто, а тоа сѐ уште не се остварува, или можеби никогаш нема ни да се оствари?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Само оние кои постојано примаат ново изобилство благодат, ќе добиваат сила сообразно со нивните секојдневни потреби и способност таа сила да ја употребат. Наместо да очекуваат некое време во иднина, кога со посебно завештание на духовна сила ќе добијат чудесна способност за придобивање на души, тие секојдневно му се предаваат на Бога и бараат да ги престори во садови погодни за своја употреба. Тие користат секоја можност што им се дава за работа; каде и да се наоѓаат, тие предано работат за својот Учител – во некој скромен делокруг, во домот или на полето на јавната дејност.

Посветениот работник наоѓа прекрасна утеха во сознанието дека дури и Христос за време на својот живот на земјата секој ден му се обраќал на Отецот за свежи снабдувања на благодат и, по еден таков разговор со Бога, заминувал да ги засилува и да ги благословува другите...“

Секој работник што ќе го следи Христовиот пример ќе биде приготвен да ја прими и да ја употреби силата што ѝ ја ветил Бог на својата црква за собирање на земната жетва“ (Елена Г. Вајт, *Неверојатната Божја благодат*, стр. 117 оригинал).

„Бог ги знае нашите потреби и се грижи за нив. Господ има ризница од богатства за Своите деца и може да им го обезбеди она што им е потребно под сите околности. Зошто тогаш не Му веруваме? Тој им дал драгоцени ветувања на Своите деца под услов на верна послушност на Неговите заповеди. Нема товар што Тој не може да го отстрани, нема темнина што Тој не може да ја растера, нема слабост што Тој не може да ја претвори во сила, нема страв што Тој не може да го смири, нема драгоцени стремежи што Тој не може да ги насочи и оправда.“

Ние не треба да гледаме на самите себе. Колку повеќе се задржуваме на нашите несовршености, толку помалку сила ќе имаме да ги победиме“ (Ellen G. White, *That I May Know Him,* стр. 224).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Сетете се на некои од најубавите примери на вашите молитви кои биле услишени. Како тоа ви помага да го искусите Божјиот мир кој го надвишува секој ум? А што е со оние молитви кои не се услишени? Како, сепак, можете да го доживеете ветениот мир?**

**2. Во контекст на стихот Филипјаните 4,8, на кои мисли им го посветувате своето време? До кој степен она за што размислувате ја зајакнува вашата вера и одењето со Господ?**

**3. Разговарајте за последниот наведен цитат. Кои нешта ги опфаќа изјавата: „Колку повеќе се задржуваме на нашите несовршености, толку помалку сила ќе имаме да ги победиме“? Кој е тогаш клучот за победа над нив?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**8. Лекција**
**Од 14 до 20 февруари 2026**

# ХРИСТОВАТА ПРЕВОЗВИШЕНОСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,26.27; Колошаните 1,15-20; Јован 1,1-3; Ефесјаните 1,22; 1. Коринќаните 12,12-27; 1. Коринќаните 4,9; Римјаните 6,3.4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој [Христос] е слика на невидливиот Бог, првороден пред секое создание; бидејќи преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти – сè е преку Него и за Него создадено. Тој е пред сè, и сè во Него стои“ (Колошаните 1,15-17).**

Во поуката за оваа седмица, продолжуваме со нашето разгледување на Посланието до Колошаните (видете ги лекциите бр. 1 и 2). Во лекцијата бр. 2, во делот за четврток, видовме дека во текстот Колошаните 1,9-12, Павле се моли за христијаните во Колоси, изразувајќи ја својата желба да живеат на начин што му е угоден на Бога. Во стиховите 12 и 13, тој споредува две царства: царството на „светлината“ (Колошаните 1,12; NIV) и царството на „темнината“ (Колошаните 1,13). Бог Отецот нè оспособил да имаме удел во вечното наследство во царството на светлината, ослободувајќи нè од силата и власта на темнината и преместувајќи нè во „царството на Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп; и простување на гревовите“ (Колошаните 1,13.14).

Со други зборови, во Исуса, во личноста на Оној кој е воедно и наш Бог и Творец, имаме искупување. Тој нè искупил, и преку вера во Него сме префрлени од царството на темнината во царството на Неговиот возљубен Син.

Оваа седмица ќе разгледаме една од најсеопфатните и највозвишени изјави за Исус во Новиот завет. Што значи тоа што Исус е „слика на невидливиот Бог“, но сепак е „првороден пред целото создание“ (Колошаните 1,15)?

## СЛИКА НА НЕВИДЛИВИОТ БОГ

Кога ќе се погледнеме во огледало или на фотографија, го гледаме сопствениот лик, но тој е рамна, дводимензионална претстава. На некој начин, скулптурата дава појасна претстава, но сепак е далеку од жива, дишечка, подвижна реалност. Библискиот поим на слика или лик, иако понекогаш се однесува и на овие послаби претстави, сепак укажува на нешто многу пошироко.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,26.27; 1. Мојсеева 5,3; 1. Коринќаните 15,49; 2. Коринќаните 3,18; и Евреите 10,1. Накратко наведете ги различните значења на „образ“ или „лик“ во овие стихови. Како тие би можеле да се разликуваат од описот на Исус како Божји лик или Божја слика?**

---

---

Човечките суштества се создадени да бидат што е можно послични на Бога во физичка, духовна, релациона и функционална смисла. Сепак, луѓето го одразуваат Божјиот лик само во одредени аспекти, а гревот дури и тоа го оштетил. Но Исус ни овозможил да го „видиме“ невидливиот Бог. „Кој ме видел мене“, рекол Исус, „го видел Отецот“ (Јован 14,9). Тој е „одблесок“, „отпечаток“ на Божјата природа (Евреите 1,3). Тој е Божјата мисла која се слуша и Божјиот карактер кој се гледа.

**Прочитајте ги стиховите Матеј 11,27 и Јован 1,1.2.14.18. Зошто само Исус е единствениот кој може да го открие Отецот?**

---

Забележете на кои други начини Исус го опишува својот однос со Бог Отецот:

- „Мојот Отец досега работи, и Јас работам“ (Јован 5,17).
- „Јас и Отецот сме едно“ (Јован 10,30).
- „Никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене“ (Јован 14,6).

Исус, исто така, повеќе пати се опишал себеси повикувајќи се, во апсолутна смисла, на Божјето име: „ЈАС СУМ“ (видете: 2. Мојсеева 3,14); „Јас сум лебот на животот“ (Јован 6,35); „Јас сум Светлината на светот“ (Јован 8,12); „Јас сум добриот Пастир“ (Јован 10,11.14); „Јас сум воскресението и животот“ (Јован 11,25); „Јас сум во Отецот и Отецот е во Мене“ (Јован 14,11); и „Јас постојам уште пред да се роди Авраам“ (Јован 8,58).

**Кога Исус би бил некој друг освен Бог лично, што би значело тоа освен дека Отецот испратил создадено суштество да умре за нас? Зошто е тоа толку радикално, толку суштински различно од фактот дека самиот Бог, во личноста на Исус Христос, умрел за нас?**

# ПРВОРОДЕН ПРЕД СЕКОЕ СОЗДАНИЕ

Во Новиот завет изразите „прворoден“ и „единороден“ речиси секогаш се однесуваат на Исуса (видете: Лука 2,7; Римјаните 8,29; Евреите 1,6; Откровение 1,5), вклучувајќи ги и обете појавувања во Посланието до Колошаните. Но, дури и кога се однесува на некој друг, тоа не мора да значи дека таа личност е родена прва во хронолошка смисла. Библискиот поим „првенец“ го нагласува посебниот однос што синот го има со својот татко, без оглед на редоследот на раѓање. Исто така, постојат случаи каде што помладите синови биле поистакнати – Исак, Јаков и Јосиф, да спомнеме само некои од нив.

Давид, иако најмлад од осум сина, бил помазан за цар (1. Самоилова 16,10-13), а преку псалмистот, Бог рекол: „И Јас ќе го направам првороден син, повисоко од земните цареви“ (Псалм 89,27). Тој му рекол и на Мојсеј: „Израел е Мојот првороден син“ (2. Мојсеева 4,22). Во оваа смисла, тој израз го означува „првенецот“ како некој кој е најистакнат.

**Прочитајте Колошаните 1,15-17. Кои причини ги наведува Павле за тоа што за Исус вели дека е „првороден пред секое создание“?**

---

Очигледно е дека Павле нема намера да каже дека Исус бил првото создадено битие. Всушност, тој категорично ја исклучува таа можност. Двапати, на два различни начина, тој вели дека Исус создал сѐ. Сѐ е создадено од Него и за Него (Колошаните 1,16). Во двата случаи, Исус е назначен како Битие преку кое Бог го спровел процесот на создавање (видете исто така: Ефесјаните 3,9; Јован 1,1-3; Откровение 4,11).

Изјавата на Павле е сеопфатна до крајни градници: „Сѐ“ значи сѐ – во просторна (небото и земјата), онтолошка (видливо и невидливо) и функционална смисла (престоли, господства, началства, власти). Овие други изрази главно се однесуваат на ангелски битија (видете Ефесјаните 3,10; Ефесјаните 6,12). Како да сакал да се осигури дека нема да биде погрешно сфатен, Павле исто така укажува дека Исус постоел „пред сѐ“ (Колошаните 1,17). Грчкиот израз што се користи овде може да означува првенство по ранг, како и во временска смисла, но во секој друг пример во Павловите списи тој се однесува на време (видете, на пример, 1. Коринќаните 2,7; Галатјаните 1,17; Ефесјаните 1,4).

Уште една причина што Павле ја наведува за Исусовото првенство е тоа што „сѐ во Него стои“ (Колошаните 1,17). Грчкиот збор (*synistēmi*) буквално значи „да се спои, да се собере“ или „да се обедини“. Исус е обединувачкиот фактор на вселената, не само поради Неговата улога како Создател, туку и затоа што Тој е Искупител.

**Бог, Творецот, умрел за нас. Што би можеле да додадат нашите дела на тоа? Зошто помислата дека нашите дела би можеле да додадат нешто на она што Христос веќе го направил за нас е всушност богохулна?**

## ГЛАВА НА ТЕЛОТО (ЦРКВАТА)

**Прочитајте ги стиховите Ефесјаните 1,22 и Колошаните 2,10. Што значи „глава“ во овие текстови? На што мисли Павле кога го нарекува Исуса „глава на црквата“ (Ефесјаните 5,23)?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Природно е да се зборува за глава, во метафорична смисла, кога станува збор за лидерска позиција, како што покажуваат безбројните јазици на целата планета. Слична употреба наоѓаме во целиот Стар и Нов завет. Забележете како зборот „глава“ се користи во следните текстови:

1. **2. Мојсеева 18,25** – „И избра Мојсеј од сиот Израел способни луѓе, па ги постави за началници пред народот: илјадници, стотници, педесетници, десетари (и писари).“
2. **4. Мојсеева 31,26** – „ началниците од племињата на општеството“.
3. **5. Мојсеева 28,13** – Бог ќе направи Израел да биде „глава, а не опашка“ ако Му бидат послушни.
4. **Исаија 7,8** – „Зашто главата на Арам е Дамаск, а главата на Дамаск – Рецин.“
5. **Осија 1,11** – „И ќе се соберат синовите Јудини и синовите Израелови заедно и ќе си постават еден старешина.“
6. **Михеј 3,9** – „... поглавари на домот Јаковов, и кнезови на домот Израелов.“
7. **1. Коринќаните 11,3** – „Глава на секој маж е Христос.“

Според тоа, Христос, како глава на црквата, е Тој кој ја води, дава насоки и храна за растот и единството на црквата (видете Колошаните 2,19).

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 12,12-27. Овде Павле ја опишува црквата и како „тело“. Кои други аспекти на црквата, во преносна смисла кажано, ги изнесува оваа метафора?**

________________________________________

________________________________________

Исто како што телото не може да живее без глава, така и кога дел од телото е изгубен или повреден, животот станува многу потежок. Честопати не сме ни свесни колку нешто е важно сè додека не го изгубиме.

**Кога би морале да се откажете од окото или од некој свој екстремитет, од што би сакале да се откажете? Што ви кажува тоа за важноста на секој член на црквата?**

## „ПОЧЕТОКОТ“ (И ЗАЧЕТНИКОТ)

**Прочитајте го стихот Колошаните 1,18. Како идејата за Христос како глава е поврзана со идејата за Него како „почеток“?**

___

___

___

Во еврејскиот јазик зборовите за глава (ראֹשׁ / *ро᾽ш*) и почеток (רֵאשִׁית / *рē᾽шит̄*) се сродни. Вториот збор првпат се појавува во Светото писмо во 1. Мојсеева 1,1: „Во почетокот (בְּרֵאשִׁית / *б'рē᾽шит̄*) Бог ги создаде небото и земјата.“ Исус е глава на човештвото и на црквата, не само поради Отелотворувањето, туку и затоа што е Творец.

Во грчкиот јазик, зборот за почеток (*archē*) има широко значење. Овде, „почеток“ се однесува на Исус како извор или зачетник на црквата (Колошаните 1,18), кој со самото тоа е и нејзина Глава, исто како што е и „почеток“ или зачетник на создавањето.

Исус не е само зачетник во поглед на создавањето и црквата, туку Тој е исто така – преку Неговото воскресение од мртвите (Римјаните 6,3.4) – зачетник на новото создавање. Бидејќи платата за гревот е смрт, Неговата победа над смртта исто така укажува и на Неговата победа над гревот и на моќта што Тој ја има да нè пресоздаде според Својот лик. Сето ова јасно покажува зошто Тој е „првороден од мртвите“ (за значењето на зборот „првороден“, видете го проучувањето од понеделникот). Неговото воскресение е највозвишеното и најмоќното воскресение, иако не е прво (Мојсеј бил првиот, поради што следел спорот со ѓаволот околу неговото тело [Јуда 9]). Без Христовото воскресение, никој друг не би можел да биде подигнат од мртвите.

Во овој момент е корисно накратко да ги разгледаме сите причини што Павле ги наведува за превозвишеноста што му припаѓа на Исуса:

1. Тој е совршен одраз на невидливиот Бог.
2. Тој е Оној преку кого е создадено сè.
3. Тој постоел пред секое создание, и во Него сè е соединето.
4. Тој е глава на црквата, која е Неговото тело.
5. Тој е зачетникот на создавањето и на повторното создавање.
6. Тој ги победил гревот и смртта и со тоа стекнал право да ги воскресне сите што ја полагаат својата доверба во Него како Спасител.
7. Исус отсекогаш постоел, но сега, благодарение на сето ова, Тој дошол до превозвишеност како Глава на човештвото и Глава на црквата.

**Што мора да промените за да можете поцелосно да ја искусите Христовата превозвишеност во својот живот?**

## ДА ИЗМИРИ СÈ

**Прочитајте Колошаните 1,19.20. Какво е тоа помирување што доаѓа преку крстот, и колку е тоа сеопфатно?**

Павле користи многу интересен израз на грчки јазик за да го заокружи својот опис на Исуса Христа, укажувајќи посредно на Отецот, кој се спомнува во стихот Колошаните 1,12. Неговата полнота е токму во тоа што Отецот сакал да живее во Исуса (споредете со Колошаните 2,9). Каква е оваа „полнота"? Јован зборува за неа како за слава на Отецот, која е „полна со благодат и вистина" (Јован 1,14).

А врз основа на овој исечок, таа „полнота" опфаќа многу. Таа ја опфаќа Божјата вечност и самопостоење, и Неговата моќ да создава и наново да создава. Но најважно од сè, таа ја нагласува Неговата мудрост што се огледува во Неговата победа над гревот и смртта на најнеочекуван начин – преку крстот. И со тоа најнеславниот предмет Тој го преобразил во сведоштво за Неговата вечна љубов кон секое создадено суштество. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16).

Единствениот начин гревот засекогаш да биде навистина победен и да се помири сè што можело да се помири, е сумиран во оваа една славна вистина: Бог возљубил – Тој ја возљубил целата вселена и нè возљубил нас, толку многу што ризикувал сè за да нè спаси преку Христовата смрт на крстот. Грчкиот збор за „свет" е *kosmos*, што го опфаќа целиот универзум. Павле се повикува на ова универзално покажување пред вселената во контекст на следењето на Христа: „Бидејќи станавме глетка за светот [*kosmos*, вселена], – на ангелите, и на луѓето" (1. Коринќаните 4,9).

„Небото со болка и со восхит го посматрало Христа како виси на крст... Со својот бунтовен живот, сатаната и сите што се соединуваат со него се поставуваат во таква несообразност со Бога, што веќе и самото негово присуство за нив е оган кој запалува. Славата на Оној кој е љубов ќе ги уништи. На почетокот на големата борба ангелите ова не го разбрале...

Но тоа нема да биде така кога ќе се заврши големата борба. Тогаш, бидејќи е довршен планот на спасението, Божјиот карактер ќе им се открие на сите разумни суштества...

Во такви прилики ангелите можеле да се радуваат посматрајќи го крстот на Спасителот... Сам Христос во целост го сфатил резултатот на таа жртва што е принесена на Голгота. Сето ова го гледал пред себе кога на крстот извикнал: ‘Се сврши!'" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 760-764 оригинал)

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Некој што би бил само човек и би го зборувал она што го зборувал Исус, не би можел да се нарече голем морален учител. Тој би бил или безумник, лудак – на ниво на некој што тврди дека е пасирано јајце – или би бил самиот ѓавол од пеколот. Мора да се одлучите. Тој човек бил, и е, или Син Божји, или безумник, или нешто уште полошо. Можете да Го наречете будала, можете да Го плукнете и да Го убиете како демон; или можете да паднете на колена и да Го наречете Господ и Бог. Но не се задоволувајте со некаква надмена бесмислица дека Тој бил само голем човечки учител. Тој не ни ја оставил таа можност. Ниту, пак, имал таква намера“ (C. S. Lewis, *Mere Christianity*; New York, Collier Books, 1952; стр. 41).

„Отецот е сета полнота на Божеството телесно и е невидлив за смртното око. Синот е сета откриена полнота на Божеството. Божјата реч за Него вели дека е „отпечаток на Неговата суштина“ (Елена Г. Вајт, *Еванѓелизам*, стр. 614 ориг.).

„Христос е прапостоечки, самопостоечки Син Божји... Кога зборува за својата преегзистенција, Христос ги враќа нашите мисли назад низ бескрајните векови на вечноста. Тој нѐ уверува дека никогаш не постоело време кога Тој не бил во тесна заедница со вечниот Бог...“

Тој е еднаков со Бога, бесконечен и семоќен... Тој е вечниот, самопостоечки Син“ (Елена Г. Вајт, *Еванѓелизам*, стр. 615 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Задржете се повеќе на прашањето за вечното божество на Исус. Размислете добро за тоа што сѐ би можел да опфаќа целиот план на спасение и за значењето на жртвата на крстот, знаејќи дека Исус не бил никој друг туку лично вечниот Бог, Оној кој никогаш не е создаден, туку постоел отсекогаш, од сите векови на вечноста. Зошто е толку важно ова учење? Разговарајте во класата за тоа што би значело ако, всушност, Исус не бил вечен, туку на некој начин и самиот Тој бил создаден. И повторно, што сѐ може да биде изгубено со таквиот начин на размислување?**

**2. Кога размислуваме за Исуса, евангелието и планот на спасението, зошто секогаш мора да го имаме на ум концептот на вклученост и заинтересираност на целата вселена за она што Исус го направил овде? Што сѐ морало да им поминува низ умот додека го посматрале својот Творец, нивниот вечен Творец, на крстот? Едно нешто е ние да сме восхитени од сето тоа, но световите што не паднале во грев го познавале Него во Неговата вечна слава. Што сигурно размислувале додека биле сведоци како умира на крстот Оној кого тие го обожавале на небото?**

**3. Што би му рекле на некој што не верува дека Отецот и Синот отсекогаш постоеле заедно? Зошто е ова толку важна вистина? Како би објасниле дека никогаш не постоело време кога Отецот бил без Синот, освен на крстот, кога привремено дошло до „раздвојување на Божествените Сили“ (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary,* кн. 7, стр. 924)?**

**9. Лекција**
**Од 21 до 27 февруари 2026**

# ПОМИРУВАЊЕ И НАДЕЖ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 1,21-29; Ефесјаните 5,27; Ефесјаните 3,17; Римјаните 8,18; Ефесјаните 1,7-10; Ефесјаните 3,3-6; Мудри изреки 14,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја" (2. Коринќаните 5,21).**

Павле продолжува со темата за помирувањето, која толку живописно ја истакнал во стихот Колошаните 1,20 (видете ја лекцијата 8, делот за четврток). Таму го опишал нејзиниот космички опсег, додека она што следи потоа станува лично и поединечно. Со својата смрт на крстот, Исус остварил помирување за сѐ и за секого, особено за човечките суштества, кои, преку гревот, биле отуѓени од Божјиот живот, но сега, преку Исуса, се помирени со Него преку вера.

Процесот на поединечно, индивидуално помирување е откриен во текстот за учење напамет за оваа седмица. Како и во космичката сфера, тоа се случува преку Христовата смрт. Далеку од тоа да биде пасивен симбол, на индивидуално ниво, крстот станува активна реалност, при што Божјата љубов ги преобразува луѓето додека го слушаат евангелието и го примаат самиот Христос, надежта на славата.

Павле исто така ја споменува „тајната, скриена од векови и родови" (Колошаните 1,26). Каква е таа тајна и што сѐ предвидува таа – за поединецот и за целата вселена? Како оваа „тајна" се однесува на евангелието што Павле толку ревносно го објавувал.

## ПОМИРЕНИ ОД ЗЛИТЕ ДЕЛА

**Прочитајте Колошаните 1,21.22. На што мисли Павле кога зборува за „отуѓеноста“ и „непријателството“? И што се очекува како конечен исход од Христовата смрт (видете и Ефесјаните 5,27)?**

---

Павле секогаш создавал мрачна слика за човештвото, или барем за човештвото одвоено од Христовата праведност. И кој денес, речиси две илјади години подоцна, би можел да го оспори таквото гледиште? Некој еднаш рекол дека единственото христијанско учење за кое не е потребна вера за да се прифати, е учењето за грешноста на човештвото.

Меѓутоа, дури и при самото појавување на гревот, Бог презел иницијатива, колку и да сме лоши, да нѐ помири со Себе. Односно, Бог уште од самиот почеток работел на тоа да го реши проблемот со гревот, и покрај тоа што решението можело да се најде само во Неговата сопствена смрт на крстот.

Во Едем, Тој го повикал Адам, ремек-делото на Неговото создавање: „Каде си?“ (1. Мојсеева 3,9). А и денес Тој продолжува да ги бара Своите изгубени овци – нас. Тој нѐ бара една по една и има совршен план како да допре до нас, применувајќи го евангелското ветување од стихот 1. Мојсеева 3,15, дека ќе „стави непријателство“ меѓу нас и сатаната.

Понекогаш евангелието се изнесува на толку комплициран и теоретски начин што има мало практично значење за животот во дваесет и првиот век. Но тоа е всушност доста едноставно и јасно.

Евангелието се состои од три дела:

Прво, бидејќи не сме способни да се спасиме самите себе, Исус дошол и умрел за нашите гревови. (Видете Римјаните 5,6-8.)

Второ, кога ја прифаќаме Неговата смрт како наша преку вера, покајание и крштевање, ние сме оправдани и ослободени од осудата за гревот. (Видете Римјаните 5,9-11; Римјаните 6,6.7.)

Трето, животот што сега го живееме е резултат на нашето соединување со Христа, на доживувањето на Неговата сила која создава ново создание и на тоа што Тој го живее Неговиот живот во нас. (Видете: 2. Коринќаните 5,17-21, Галатјаните 2,20.)

Ова не се нужно одвоени чекори или настани. Сето ова може да се случи одеднаш, оној момент кога сме подготвени да го примиме Исуса во нашиот живот. И тоа може да се обновува секој ден, ако Му се предаваме секое утро. Како и да го доживеал секој од нас спасоносното дело на Христос во својот живот, темелот на кој сѐ почива е Исусовата смрт. Секогаш мора да се враќаме на тоа.

**Кога ќе се загледате во себе, во вашиот карактер и во самите длабочини на вашето битие, што ви кажува таа сцена за вашата потреба од крстот?**

## АКО ОСТАНЕТЕ ВО ВЕРАТА

**Прочитајте го стихот Колошаните 1,23. Што мислите, што подразбира Павле под тоа кога вели дека треба да останете „тврди и непоколебливи“ во верата? (Видете и Колошаните 2,5 и Ефесјаните 3,17.)**

---

Во грчкиот јазик постојат четири различни видови на изјави кои почнуваат со „ако“, при што секоја од нив има некои посебни нијанси. Онаа што ја наоѓаме во стихот Колошаните 1,23 подразбира дека условот е сè уште на сила. Со други зборови, Павле ги охрабрува Колошаните со мислата дека тие навистина ќе останат во верата, бидејќи, како што истакнува кратко потоа, тој веќе го видел доказот за нивната вера и непоколебливост (Колошаните 2,5). Сепак, нивната надеж сè уште зависи од нивната истрајност на патот на верата по кој тргнале.

Оваа идеја да се истрае е вистинското значење на грчкиот збор преведен како „останете“ (Колошаните 1,23). Таа е употребена во врска со книжниците и фарисеите кои продолжиле да бараат одговор од Исуса за тоа што да прават со жената фатена во прељуба (Јован 8,7), а исто така и во врска со Петровото упорно тропање на вратата откако Рода го препознала неговиот глас, но ја оставила заклучена и втрчала внатре за да им каже за тоа на другите (Дела 12,16). Павле го користи овој збор и кога го охрабрува Тимотеј да остане верен на науката и на практичните упатства што му биле дадени (1. Тимотеј 4,16). Неговото значење е слично и овде (во Посланието до Колошаните), со тоа што се однесува на верниците воопшто.

Како што ќе видиме во лекцијата за следната седмица, Павле е загрижен дека Колошаните би можеле да се свртат кон патишта за спасение засновани на човечки заслуги, наместо цврсто да се држат за надежта што им ја нуди евангелието (видете, на пример, Колошаните 2,8.20-22). Зборот „тврди во верата“ (види Колошаните 1,23) се однесува на поставување цврст темел на верата и љубовта, заснован на Божјата реч (видете исто Матеј 7,25; Ефесјаните 2,20; Ефесјаните 3,17).

Со овој поим е поврзан и грчкиот збор преведен како „непоколебливи“, кој се однесува на некоја неподвижна структура, а во поширока смисла, на христијаните кои се „неотклонливи од надежта на Евангелието“ (Колошаните 1,23). Истиот збор е употребен и во стихот 1. Коринќаните 15,58: „Бидете постојани, непоколебливи и секогаш богати во делото Господово, знаејќи дека трудот ваш пред Господ нема да биде залуден.“

Наспроти вообичаеното верување „еднаш спасен, засекогаш спасен“, Павле вели нешто сосема друго.

**Какво е вашето искуство во поглед на тоа колку е важно постојано да практикуваме вера? Односно, зошто секогаш мора да донесуваме свесна одлука да го правиме тоа? И, што би се случило кога не би го правеле тоа?**

## БОЖЈИОТ ВЕЧЕН ПЛАН

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 1,24.25. Што кажува Павле за своето страдање за Христа?**

---

Иако Павле им пишувал на Колошаните додека се наоѓал во домашен притвор во Рим, можеби неговата најголема мака произлегувала од тоа дека повеќе не можел да работи толку интензивно од место до место и од куќа до куќа како што правел претходно (Дела 20,20). Овие страдања (или неволји), за кои Христос однапред предупредил (Матеј 24,9; Јован 16,33), „не се ништо спрема славата која треба да се открие кон нас“ (Римјаните 8,18). Ова е пошироката слика. Како што им напишал и на христијаните во Филипи, така и сега, обраќајќи се до Колошаните, Павле се радува во своите страдања, кои се за нивна полза (Колошаните 1,24).

Павле можеби е во окови, „но словото Божјо не може да се стави во окови“ (2. Тимотеј 2,9). Додека бил во затвор, биле напишани и посланијата до Филипјаните, Ефесјаните и Филимон. По неговото ослободување, Бог го вдахнал да ги запише важните совети што ги наоѓаме во 1. Тимотеј и Тит. Потоа, за време на неговото последно заточеништво во римскиот затвор, тој го напишал 2. Послание до Тимотеј. Накратко, тие последни години му дале на Павле можност да напише значаен дел од Новиот завет, кој веројатно го вклучувал и Посланието до Евреите.

Божјиот вечен план го предвидел сето ова, но и повеќе од тоа. Грчкиот збор што Павле го користи во стихот Колошаните 1,25, и кој главно се преведува како „наредба/управителство“, е oikonomia. Користен во потесна смисла (како, на пример, во стихот 1. Тимотеј 1,4), тој се однесува на „Божјиот начин на уредување на работите“ (Luke Timothy Johanson, *The First and Second Letters to Timothy*; New York: Doubleday, 2001; стр. 164). Ова би го вклучило и Павловото апостолство. Но, во поширока смисла, тоа го опфаќа сето она што Бог го обезбедил во склоп на планот на спасението. Павловата служба, службата на другите апостоли, па дури и на старозаветните пророци (Ефесјаните 2,20; Ефесјаните 3,5), вклучувајќи го и Мојсеј, биле осмислени „да го исполнат словото Божјо“ (Колошаните 1,25), а сè во врска со тој божествен план.

Иако оваа тема ќе ја истражиме подетално во утрешното проучување, овде е корисно да се забележи дека Павле ја гледал својата служба како еден мал дел од еден многу поголем, долгорочен божествен план што почнал да се спроведува уште „пред светот да биде создаден“ (Матеј 13,35; Ефесјаните 1,4).

**Размислете за вашиот сопствен живот. Како одлуките што ги донесувате (големи и мали) би можеле да се вклопат во Божјиот поширок план? Можеме ли воопшто да знаеме дали некоја наша одлука е навистина „мала“? Во која смисла таа би можела да има поголеми последици кои ќе станат очигледни дури подоцна?**

## ОТКРИЕНАТА БОЖЈА ТАЈНА

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 1,26.27. Павле двапати зборува за „тајна“. Каква е таа тајна?**

____________________________________________________________

На друго место, Павле зборува за „Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава“ (1. Коринќаните 2,7), и која се открива преку планот на спасението. Петар зборува за оваа вистина како нешто што пророците го очекувале и во кое „копнеат да ѕирнат ангелите“ (1. Петрово 1,10–12). Таа била осмислена „пред создавањето на светот“ (1. Петрово 1,20) и „за која се молчеше од вечни времиња“ (Римјаните 16,25). Меѓутоа, преку Христовиот живот, смрт и воскресение, оваа тајна е откриена (2. Коринќаните 3,14).

**На кој начин следните размислувања за Божјата тајна ги осветлуваат различните аспекти на планот на спасението?**

1. Ефесјаните 1,7-10 ________________________________________

____________________________________________________________

2. Ефесјаните 3,3-6 _________________________________________

____________________________________________________________

На крајот, „сè“ што е на небото и на земјата ќе биде доведено во целосно единство во Христа. Ова бил фокусот на Христовата молитва во текстот Јован 17. Како точно ќе се случи ова било тајна, која сега е откриена преку евангелието.

Зошто Бог нè засакал толку многу што го дал Исуса, непроценливото богатство на небото, за нашето спасение – тоа ќе биде тема на нашето проучување низ целата вечност. Но ова го знаеме: „Христос умре за сите, та живите да живеат не веќе за себеси, туку за Оној Кој умре за нив и воскресна“ (2. Коринќаните 5,15). Како резултат на тоа, сите што веруваат во Христа, и Евреите и преобратените незнабошци, имаат еднаков удел во Божјите ветувања преку евангелието и се обединети во едно тело, црквата.

Изразот „Христос во вас“ (Колошаните 1,27) се однесува на Христовото престојување во срцето преку вера (Ефесјаните 3,17; споредете со Галатјаните 2,20). Оваа духовна врска со Христа ги оспособува верниците уште сега да седат „на небесата во Христос Исус“ (Ефесјаните 2,6) и да ги вкусат „силите на идниот век“ (Евреите 6,5). Преку Неговото присуство во нашиот живот, Тој веќе почнува да нè обединува со небото. Евангелието кое дејствува во срцата на верниците е она што нè оспособило „да учествуваме во наследството на светиите во светлината“ (Колошаните 1,12).

## СИЛАТА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 1,28.29. Што е во средиштето на вниманието за Павле? Зошто, според ваше мислење, зборот „секој“, во различни облици, се повторува три пати?**

---

Фокусот на проповедањето на Павле бил Христос, и тоа распнатиот (1. Коринќаните 1,23). Според стихот Ефесјаните 5,27, целта на Христовата жртва е „да ја претстави пред Себе како славна Црква, која нема осквернување, или порок, или нешто слично, туку да биде света и непорочна“. Оттука, целта на Павловото проповедање на евангелието е „да го претставуваме секој човек совршен во Христос“ (Колошаните 1,28). Тој го прави ова на тој начин што поучува и предупредува – поучувајќи за различни подробности за христијанската доктрина и практика (2. Солуњаните 2,15; 1. Тимотеј 4,11; 1. Тимотеј 5,7; Тит 1,9), а предупредува за последиците од отфрлањето на евангелието и за опасноста од лажните учители (Дела 20,29-31; Римјаните 16,17).

Така ние растеме во зрели христијани – прифаќајќи ги учењата и почитувајќи ги предупредувањата на Светото писмо. Зрелоста е важен концепт. Родителите на новороденче го прославуваат секој значаен настан – кога детето ќе проговори, кога ќе научи да оди, кога ќе научи да чита. Кој родител не би бил вознемирен ако, по неколку години, неговото дете сѐ уште не може да оди или да зборува? Растот и развојот се нешто нормално и очекувано. Истото важи и за христијанскиот живот.

Грчкиот збор преведен како „совршен“ (во некои преводи: „целосен“), *teleios*, означува нешто совршено и без маана. Преку процесот на христијанскиот раст, ние стануваме живо свесни за длабочините на Божјиот закон и за фактот дека неговите барања се „безгранични“ (Псалм 119,96). Увидуваме дека тој проникнува во „мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12).

Но треба да бидеме внимателни, и токму поради тоа Павле, во стихот Колошаните 1,28, го користи зборот „вразумува“. Понекогаш патиштата што „на човек му изгледаат прави“, всушност, „крајот нивни води во смрт“ (Мудри изреки 14,12). Духовното расудување произлегува од познавање на Божјата Реч водено од Духот. Лажните учења обично содржат одредена вистина, но тие или додаваат или одземаат од она што го кажува Библијата (видете Исаија 8,20). Второто често успева да доведе, ако не до отворено сомневање во она што го кажува Бог, тогаш макар до преиспитување дали тоа е навистина можно или, барем, применливо во наше време. Мора да бидеме мудри како змии и безопасни како гулаби кога станува збор за разликување на вистината од заблудата.

**Како го сфаќате значењето на тоа да се биде „совршен во Христос“ (Колошаните 1,28)? Како разбирањето на она што Исус го постигнал за нас на крстот ни помага да спознаеме што значи да се биде „совршен во Христос“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ние немаме некоја своја праведност со која би можеле да ги задоволиме барањата на Божјиот закон. Меѓутоа, Христос ни овозможил решение на проблемот... Ако му се предадете нему и ако го прифатите како свој Спасител, тогаш, без оглед на сета грешност на вашиот поранешен живот, заради него ќе бидете прогласени праведни. Вашиот карактер ќе биде заменет со Христовиот карактер и вие ќе бидете прифатени пред Бога како никогаш да не сте грешеле.

И повеќе од тоа, Христос го менува срцето. Тој со вера живее во вашето срце. Со вера и со постојано потчинување на вашата волја на Христа, вие треба да ја одржувате оваа врска со него; и сè додека ќе постапувате така, Тој ќе дејствува во вас и ќе ви помогне да живеете според неговата волја...

Според тоа, ние немаме во себе ништо со што би можеле да се пофалиме. Немаме никаква причина себеси да се воздигаме. Единствен темел на нашата надеж е Христовата праведност што ни е дадена и она што го прави неговиот Дух во нас и преку нас“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 62, 63 оригинал).

„Многу силна беше светлината што ми откри дека многумина ќе излезат од нашата средина кои ќе слушаат лажливи духови и ѓаволски науки. Господ сака секоја душа која тврди дека верува во вистината да има разумно спознавање за тоа што е вистина“ (Елена Г. Вајт, *Евангелизам*, стр. 363 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го повторно текстот за учење напамет: „Зашто Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја“ (2. Коринќаните 5,21). Што значи ова? Што значи тоа дека Христос станал грев за нас, и како ова би требало да ни помогне да ја разбереме заменичката природа на Крстот? Исто така, што значи „преку Него да станеме праведност Божја“?**

**2. Задржете се на тврдењето „еднаш спасен, засекогаш спасен“ во кое веруваат многу христијани. Зошто ние сметаме дека ова е лажна доктрина? На какви очигледни опасности се изложува оној што верува во неа? Како можеме ние, дури и ако не веруваме во ова учење, сепак да имаме сигурност во спасението?**

**3. Колку сте „тврди и непоколебливи“ (Колошаните 1,23) во својата вера? Колку добро сте запознаени со она што го верувате и зошто верувате во тоа? Што можете да преземете за да се запознаете подобро со она во што верувате? И зошто е толку важно да бидете „тврди и непоколебливи“ во вашата вера?**

*Ви препорачуваме во саботата да ја проучите целата поука за идната седмица*

**10. Лекција**
**Од 28 февруари до 6 март 2026**

# ЦЕЛОСНИ ВО ХРИСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 2; Евреите 7,11; Исаија 61,3; 1. Коринќаните 3,6; 5. Мојсеева 31,24-26; Римјаните 2,28.29; Римјаните 7,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Па така, никој нека не ве осудува за јадење или пиење, или за некој празник, или за млад месец или саботи; тоа е само сенка на она што доаѓа, а телото е Христос“ (Колошаните 2,16.17).**

Дали некогаш ве прашале зошто ја почитувате саботата? Можеби дури и текстот за учење напамет за оваа седмица е користен како „доказ“ против тоа. Меѓутоа, тој не е напишан во врска со четвртата заповед, туку како одговор на заблудите што ги застапувале некои лажни учители во црквата. Кои се тие заблуди?

За почеток, лажното учење е опишано како „филозофија“, „човечко предание“, „на стихиите на светот, а не по Христос“ (Колошаните 2,8).

Ова опфаќало обрежување и празнување на еврејските празници (Колошаните 2,11.16), заедно со еврејските обреди за очистување и одредби во врска со храната (Колошаните 2,16.21). Исто така, вклучувало и обожавање на ангели или обиди за имитирање на ангелско богослужение (Колошаните 2,18).

И, конечно, се темелело на „човечките заповеди и учења“, а можеби дури вклучувало и некои аскетски обичаи (Колошаните 2,22.23).

Овие лажни учители очигледно биле религиозни и искрени, но погрешно го сфаќале евангелието. Во текот на оваа седмица ќе видиме зошто. А ќе видиме и зошто нашиот текст за учење напамет нема никаква врска со празнувањето на седмиот ден, саботата.

## БОЖЈАТА МУДРОСТ И ЗНАЕЊЕ

Јов поставува прашање: „Но, од каде ни доаѓа Мудроста? Во кое место престојува Разумот?“ (Јов 28,12). Павле одговара: „Во Кого (Христос) се сокриени сите богатства на мудроста и на знаењето“ (Колошаните 2,3; споредете со стихот 1. Коринќаните 1,30). Ако го имаме Христа, имаме сѐ „во секое богатство, со потполно разбирање“ на смислата на животот (Колошаните 2,2). Преку Него се открива Божјата тајна, која го опфаќа целокупниот план на спасение.

**Прочитајте го текстот Колошаните 2,1-7. Со која цел Павле го напишал ова послание?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Грчкиот збор *paraklēthōsin* значи „охрабрен“ или „зајакнат“ (Колошаните 2,2). Желбата на Павле не е само да им помогне на верниците во Колоси да ги препознаат лажните учења, туку и да ги обедини во христијанска љубов. Глаголското време во двата случаи покажува дека Павле е уверен во тоа дека неговото послание ќе ја постигне својата цел.

Од друга страна, тој ги пофалува за нивниот „ред и цврстината на вашата вера во Христос“ (Колошаните 2,5).

Грчкиот израз *taxis*, преведен како „ред“, се користи во Новиот завет во однос на свештеничките редови на Арон (Лука 1,8; Евреите 7,11) и Мелхиседек (Евреите 5,6.10; Евреите 6,20; Евреите 7,11.17), но Павле обично го применува на редот во црквата (1. Коринќаните 14,40), како што е и овде случај. Постои тенденција на црковниот ред и организација да се гледа само како на нешто што е дел од една верска институција и што нема некое посебно теолошко значење.

Меѓутоа, Павле, пропишувајќи соодветно, пристојно однесување за време на богослужението (видете, на пример, 1. Коринќаните 11) и прецизно наведувајќи како треба да се избираат старешините и ѓаконите (1. Тимотеј 3; Тит 1), внимателно се погрижил да го зачува редот во црквата. Со такви мерки, Божјата мудрост и учењата на Библијата се чуваат и шират.

Како резултат на правилното учење што го примиле Колошаните од Павловите соработници, тие имале „цврста“ вера. Таквата вера не може да се поколеба бидејќи почива на цврст библиски темел кој, ако се држат до него, ќе ги штити од заблудите што ги ширеле лажните учители.

**Какво е вашето искуство во врска со потребата од „ред“ во вашиот сопствен духовен живот?**

## ВКОРЕНЕТОСТ И РАСТЕЊЕ ВО ХРИСТА

Темата со којашто се занимава Посланието до Колошаните е една од најјасните принципи на христијанскиот живот: „Поради тоа, како што Го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него“ (Колошаните 2,6). Спасението го примаме примајќи Личност, а не само збир на доктрини. Меѓутоа, прифаќањето на Исус подразбира и прифаќање на сите Негови учења, како што се дадени преку апостолите и библиските пророци (видете Ефесјаните 2,20).

Сепак, повеќе од сè друго, прифаќањето на Христа подразбира умирање за себе и целосно предавање на себеси на живиот Христос.

Живото Слово (Исус) не може да се одвои од пишаното Слово (Библијата). Тие се две страни на иста паричка. Всушност, само преку Светото Писмо можеме да го запознаеме Исуса. Ние „одиме“, односно, го живееме својот живот „во Него“, што значи дека дозволуваме Неговата Реч и Неговиот Дух да нè водат во сите наши одлуки и постапки.

Во стихот Колошаните 2,7, Павле користи вообичаена библиска метафора која ги споредува христијаните со билки. Ние стануваме вкоренети во Христа кога го прифаќаме како наш Спасител и го уредуваме нашиот живот во согласност со Неговата Реч. Токму така стануваме „укрепени во верата“, стекнуваме цврстина на верата во Христа.

**Како следните стихови ја расветлуваат метафората на билка како симбол на верниците? (Видете: Исаија 61,3; Матеј 3,10; Лука 8,11-15; 1. Коринќаните 3,6.)**

Павле јасно ги оцртува двете можности што се отвораат пред верниците. Едната е да останат „градина на Господ“ (Исаија 61,3) и да продолжат да бидат целосни во Христа на тој начин што ќе се држат за Него и Неговите учења. Втората може да се спореди со вештачка билка која може да изгледа како вистинска, но всушност е безживотна. Со усвојување на човечки филозофии и обичаи, ние стануваме „заробени“ (Колошаните 2,8). И покрај тоа што Христос нè ослободил, можеме повторно да бидеме фатени во јаремот на ропството (Галатјаните 5,1; споредете со стихот Дела 15,10).

Накратко, да се прифатат небиблиски учења значи да се отфрли Христос, бидејќи оние кои ќе поверуваат во тие лажни учења, за жал, усвојуваат поинакво евангелие и му даваат предност на човечкиот авторитет во однос на авторитетот на Светото писмо (видете Галатјаните 1,6-9). Оваа опасност постоела во раната црква, и така останало до денес.

**Какво е вашето искуство во тоа што значи да умреме за себе за да го примиме Христа? Зошто тоа мора да биде постојан процес?**

# ПРИКОВАНО НА КРСТОТ

**Прочитајте го текстот Колошаните 2,11-15. Со кои спорни прашања Павле овде се фаќа во костец?**

---

Колку често сме биле сведоци како овие текстови, особено Колошаните 2,14, се злоупотребуваат како аргумент против седмиот ден, саботата?

За да ги направат овие текстови полесни за разбирање, адвентистите на седмиот ден предложиле две главни толкувања. Според првото, „ракописаниот закон" кој бил прикован на крстот е листа со обвиненија изнесени „против нас", слично на натписот што Пилат го закачил на Исусовиот крст (Матеј 27,37; Јован 19,19.20). Или, според второто, церемонијалниот закон што го запишал Мојсеј (видете 5. Мојсеева 31,24-26) бил прикован на крстот.

Кога го разгледуваме овој стих во неговиот поширок контекст, можеме да видиме дека тој јасно зборува за церемонијалниот закон.

Павле исто така споменува „обрезани преку неракотворено обрезание" (Колошаните 2,11), односно „обрезание, што е во срцето" (Римјаните 2,28.29; споредете 5. Мојсеева 30,16), во очигледна спротивност со телесното обрезание, кое било едно од најважните одредби на церемонијалниот закон (3. Мојсеева 12,3; споредете со 2. Мојсеева 12,48).

Потоа Павле ја поврзува оваа внатрешна промена со отфрлањето на „гревовното тело на плотта" и со крштевањето со потопување. Преку таквото крштевање, ние се поистоветуваме со Христовата смрт и воскресение (Колошаните 2,11.12).

Ова искуство на преобратување потоа се споредува со тоа дека сме биле „мртви во гревовите" и дека Бог нè „оживе" со Христа, „простувајќи ни ги сите гревови" (Колошаните 2,13).

Зборот „прописи" (Колошаните 2,14) се однесува на законски прописи, без разлика дали се световни (Лука 2,1; Дела 17,7) или црковни (Дела 16,4). Единственото друго место каде што се појавува овој збор во Павловите списи, се однесува на церемонијалниот закон, кој служел како ѕид на раздвојување меѓу Евреите и незнабошците (Ефесјаните 2,14.15).

Бидејќи Павле веќе зборувал за простувањето на гревовите и внатрешната промена што ја симболизира крштевањето, малку е веројатно дека повторно би се вратил на оваа тема користејќи поинаква метафора, која не се појавува никаде на друго место во Светото писмо. Наместо тоа, може да се заклучи дека Павле најверојатно нагласува слична мисла што ја изнел во Посланието до Ефесјаните – дека верниците во Колоси, обратеници од незнабоштвото, не треба да се грижат за држењето на церемонијалниот закон, вклучително и обрежувањето, ниту за законите за чистота што оделе со таквото предание (споредете со Дела 10,28.34.35).

**Јасно е дека Павле не тврди дека Десетте заповеди биле приковани на крстот, затоа што тој на друго место го дефинира гревот како кршење на Десетте заповеди (Римјаните 7,7).**

## СЕНКА ИЛИ СУШТИНА?

**Прочитајте Колошаните 2,16-19. Кои еврејско-христијански практики ги истакнува Павле овде?**

---

До ден-денес, научниците не се согласуваат околу тоа кои точно прашања ги обработува Павле овде. Но, за нешто можеме да бидеме сигурни, а тоа е дека самото Павлово послание дава доста информации за нешто што најверојатно било разединувачко еврејско-христијанско влијание врз таа црква, која претежно била составена од преобратеници од незнабоштво (Колошаните 2,13). Односно, еврејските верници наметнувале нешто што не било неопходно членовите на црквата да го следат.

Во стихот Колошаните 2,16 јасно се наведува одреден број еврејски обичаи кои очигледно продолжиле да се практикуваат меѓу еврејските преобратеници во христијанството. Дури и некои елементи во стихот Колошаните 2,18 се вклопуваат во истиот контекст. Исус го критикувал изигрувањето понизност меѓу религиозните водачи (на пример, Матеј 6,1.5.7.16). Од Кумранските свитоци дознаваме дека ангелите имале истакната улога во некои еврејски сфаќања на богослужението. Затоа, проблемите со кои Павле се фатил во коштец во Колоси веројатно биле слични на оние со кои се соочувал и на други места.

Бидејќи стихот Колошаните 2,16 толку често погрешно е разбран, важно е да го разгледаме подетално. Забележете ги следниве подробности:

Тоа што Павле овде го користи сврзникот „па така“, укажува дека овој заклучок е извлечен од нешто што веќе е кажано. Претходно веќе станало збор за тоа дека потребата од буквално обрежување е отфрлена, затоа што она што е навистина важно е внатрешната промена на срцето (Колошаните 2,11-15).

Изразот „јадење и пиење“ се однесува на приносите во храна и пијалак што Израелците ги носеле во храмот.

Конкретното споменување на „млада месечина, или ... саботи“ (Колошаните 2,16) очигледно алудира на стихот Осија 2,11, каде што се споменува истиот редослед на церемонијални денови, што ги опфаќа и церемонијалните саботи (видете, на пример, 3. Мојсеева 23,11.24.32).

Од клучна важност за нашето разбирање на овој стих е Павловото толкување – дека сето „тоа е само сенка на она што доаѓа, а телото е Христос“ (Колошаните 2,17; друг превод кажува: „а стварноста е Христос“). Овие церемонијални денови, како и жртвите, укажувале на Христовото дело (видете 1. Коринќаните 5,7; 1. Коринќаните 15,23). За разлика од тоа, седмиот ден, саботата, била воспоставена во Едем, пред гревот, и долго пред да се усвои церемонијалното принесување жртви во светилиштето. Според тоа, саботата не е сенка што требало да биде отстранета по крстот.

**Иако седмиот ден, саботата, не е спорно прашање овде, како би можеле да го примените советот на Павле да не ги осудувате другите?**

## ЧОВЕЧКИ ЗАПОВЕДИ

**Прочитајте Колошаните 2,20-23. Како ги разбирате Павловите опомени во светлината на другите елементи споменати во таа глава?**

---

Како и во посланието до Галатјаните, Павле ја оценува оваа грижа за зачувување на еврејските церемонии како покорување на „стихиите на светот“ (Колошаните 2,8.20; споредете со стихот Галатјаните 4,3.9). Со други зборови, како и земниот храм, тоа е нешто што ѝ припаѓа на земјата, но нашето живеење, нашето државјанство е на небото. Не треба да се оптоваруваме со церемонијалниот закон, бидејќи тој само ја навестувал реалноста во која сега уживаме преку Христа. Односно, и покрај тоа што Бог првобитно ги дал, овие обреди ја исполниле својата цел и повеќе не се потребни.

Бидејќи сите овие прописи биле укинати на крстот, што е назначено со божествената рака која ја раскинала храмската завеса (Матеј 27,51; споредете со Даниел 9,27), христијаните (вклучувајќи ги и христијаните од еврејството) не се подложни на овие прописи. Покорувајќи им се, ние всушност би се поистоветиле со овој минлив свет, наспроти новиот свет што ни е ветен во Христа.

Впрочем, ние радосно „очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе се всели правда“ (2. Петрово 3,13), а не само реновирање на овој стар свет.

Со оглед на фактот дека фарисеите и книжниците додале некои човечки закони на Мојсеевите прописи (видете Марко 7,1-13), овековечувањето на старозаветните церемонии, кои се исполниле во Христа, повеќе не можеле да се сметаат за божествено барање, туку само за човечки наметнати должности. Навистина, тие почнале да ја оптоваруваат верата, наместо да ја унапредуваат. Многу е лесно да почнеме да гледаме на извршувањето на сите овие обреди како нешто што не само што нѐ прави посупериорни во однос на оние кои не ги извршуваат, што е веќе доволно лошо, туку можеби, на некој начин, макар и незначително, може да не заведе во стапица да мислиме дека ние сме на некој начин заслужни за сопственото спасение, а ние не сакаме да паднеме во таквата стапица.

Низ целокупната историја на христијанството, познавачите на Библијата му подлегнувале на искушението да изнесуваат разни религиозни тврдења, присвојувајќи ја улогата на Светиот Дух во водењето на верниците да го сфатат значењето на одреден текст. Самиот Христос е изворот од кој потекнува вистината на Светото писмо, за која поучувале Павле и другите библиски писатели.

**Како можеме да бидеме сигурни дека правилно сме го разбрале фактот дека единствениот темел на нашето спасение е она што Исус го направил за нас, надвор од нас и наместо нас – без оглед на она што Тој сега го прави во нас?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Како што и во деновите на апостолите луѓето се обидувале со традициите и со филозофијата да ја поткопаат верата во светите списи, така и денеска со помош на ласкавите мислења на таканаречената ‘висока критика’ на еволуцијата, на спиритизмот, теозофијата и пантеизмот, непријателот на правдата настојува да ги заведе душите на забранети патеки. За мнозина Библијата претставува светилка без масло, зашто во своите мисли скршнале на патиштата на шпекулативни верувања кои неминовно со себе носат погрешни сфаќања и вистински хаос. Таканаречената ‘висока критика’ која анализира, претпоставува, нагодува и реконструира, со самото тоа всушност ја поткопува и ја уништува верата во Библијата како божествено откровение. Таа на Божјата реч ѝ ја оспорува силата да владее, да го издигнува и да го инспирира човечкиот живот. Спиритизмот на масите им поттура верување дека желбата претставува највисок закон, а распуштеноста слобода, и дека човекот во сѐ и за сѐ си е одговорен единствено себеси.“

„Христовиот следбеник ќе мора да се соочи со ‘убедливи зборови’ против кои апостолот ги предупредил Колошаните. Тој секако ќе наиде и на спиритистичко толкување на светите списи, но тоа не смее да го прифати. Неговиот глас мора јасно да ги потврдува вечните вистини на Светото писмо. Цврсто насочувајќи го својот поглед кон Христа, тој мора да оди напред по одредената патека, отфрлајќи секоја идеја која не е сообразена со Христовото учење. Предмет на негово размислување и проучување мора да биде Божјата вистина. Тој Библијата мора да ја смета за Божји глас кој му се обраќа директно нему. Само на тој начин ќе ја најде онаа мудрост која носи лик со побожно потекло“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 474, 475 ориг.).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што значи тоа дека во Христа „телесно живее сета полнота на Божеството“ и дека Тој е „глава на секое началство и власт“ (Колошаните 2,9.10)? Видете и Јован 1,1; Евреите 1,3; и 1. Петрово 3,22.**

**2. Веројатно сите сме слушнале дека текстот Колошаните 2,14-16 се користи како аргумент против празнувањето на седмиот ден, саботата. Кои други проблеми, освен оние што ги изнесовме во лекцијата за оваа седмица, настануваат поради употребата на овие стихови за да се докаже дека повеќе не мора да ја држиме четвртата заповед?**

**3. Како излегувате на крај со оние кои инсистираат на тоа дека мора да ги држиме и церемонијалните закони? Иако, можеби, може да се најдат некои духовни или теолошки благослови во нивното држење, какви проблеми се јавуваат кога се инсистира на нивно држење?**

**4. Во цитатот што го наведовме, Елена Г. Вајт напишала дека секој човек треба да ја смета Библијата „за Божји глас кој му се обраќа директно нему“. Според тоа, зошто мораме внимателно да се чуваме од секого или од сѐ што би можело да ја ослабне нашата вера во авторитетот и вдахновеноста на целото Свето писмо, дури и во оние делови кои, на одредени места, би можеле да нѐ доведат во незгодна положба?**

**11. Лекција**
**Од 7 до 13 март 2026**

# ЖИВОТОТ СО ХРИСТОС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 3,1-17; Римјаните 1,18; Римјаните 6,1-7; Ефесјаните 4,22-24; 5. Мојсеева 7,6-8; 1. Самоилова 16,23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А над сето тоа облечете се во љубов, која сè сврзува во совршенството“ (Колошаните 3,14).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Обично ни се советува да не бидеме премногу небесно настроени, бидејќи, во спротивно, нема да бидеме од никаква корист на земјата. Иако ова може да биде точно во извесна смисла, подеднакво важен концепт е оној што Павле го нагласува во текстот Колошаните 3 – ако сме премногу земски настроени, нема да му бидеме од никаква небесна корист на Господа.

Павле го насочува нашето внимание кон многу практични, животни принципи кои се од небесно потекло и можат да ги разберат само оние кои „воскреснале заедно со Христос“ (Колошаните 3,1).

Павловите совети содржат многу здраворазумски принципи кои ќе ги подобрат сите наши односи, не само оние во рамки на црквата.

Исус рекол: „Љубете ги непријателите свои, (благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат) и молете се за оние што ве (навредуваат и) гонат, за да бидете синови на Вашиот Отец небесен; зашто Тој го остава Своето сонце да грее и над лошите и над добрите, и им праќа дожд и на праведните и на грешните“ (Матеј 5,44.45).

Звучи невозможно? И така е, човечки кажано. Треба да умреме за да можеме навистина да живееме за Бога. Токму затоа мора да имаме небесен ум за да се надеваме дека ќе бидеме од каква било земна корист за нашиот небесен Татко.

Оваа седмица ќе видиме на кои начини животот со Христа носи промени, за сегашноста и за вечноста.

## СО НЕБЕСЕН УМ

**Прочитајте го текстот Колошаните 3,1-4. Според Павле, кој услов е неопходен за нашиот ум да биде насочен кон она што е небесно? Според ваше мислење, што значи ова?**

---

Од врвот на планината е можно да се види огромниот пејзаж што нè опкружува од сите страни. Уште од памтивек планините често биле посетувани од оние што трагале по поблиско искуство со Бога (видете Псалм 121,1.2). Дури и планините направени од човечка рака, наречени зигурати, биле градени од паганите со слична цел – да се сретнат со боговите. Интересно е што градот Ур, од којшто Аврам бил повикан да излезе, имал исклучително голем зигурат, видлив од километри наоколу. Меѓутоа, промената на надморската височина на која се наоѓаме, сама по себе, никогаш нема да нè доближи до небото во духовна смисла. Тоа не може да се постигне со човечки напор.

Наместо тоа, само преку чудото на благодатта, преку која сме умреле со Христа и сме воскреснале со Него (сликовито претставено со крштевањето [Колошаните 2,12.13]), можеме да се приближиме до небото.

Забележете дека од почетокот на 3. глава од Посланието до Колошаните, повеќе пати се нагласува она што е горе, односно небесно: „она што е горе“, „каде што Христос седи“, „за небесното“, „со Христос во Бога“, „со Него во слава“ (Колошаните 3,1-4).

Секако, има многу работи во христијанскиот живот што не можат да се објаснат. Како може некоја личност навистина да „умре“ и да „воскресне“ кога, според сите очигледни факти, тој или таа е сè уште истата личност и немала такво искуство на умирање и враќање во живот? Има многу работи што се нелогични за природниот ум, неизложен на влијанието на Светиот Дух. Но, за оние кои се духовно променети, затоа што го примиле новото срце што го ветил Бог, смртта за гревот и воскресението со Христа се автентични реалности. Како што потврдуваат зборовите на една химна: „Ме прашуваш како знам дека Тој е жив? На тој начин што Тој живее во моето срце.“

Сепак, Павле ги дава овие заповеди (Колошаните 3,1-4) затоа што постои непрестајна потреба нашиот духовен живот да се обновува (видете 2. Коринќаните 4,16). Ние навистина можеме да отпаднеме и да бидеме изгубени! И никогаш не сме безбедни и ослободени од искушенијата во овој живот. Затоа мора секојдневно да донесуваме одлука да го бараме „она што е горе“ (Колошаните 3,1). Нашиот вечен живот е безбедно „сокриен со Христа во Бога“ (Колошаните 3,3), но надворешниот одраз на тој живот ќе биде сè друго само не скриен.

**Каде се вашите мисли – обично горе или обично долу? Ако е случај ова второво, како да ја промените нивната насока?**

## ПРЕКИНЕТЕ СО ОВОЗЕМНИОТ ЖИВОТ

Денес слушаме многу слогани како овие: „Прекинете со војната!“, „Прекинете со уништувањето на шумите!“, „Прекинете со нуклеарното наоружување!“ Но, еден што веројатно никогаш не сме го слушнале гласи: „Прекинете со овоземниот живот!“ Тоа едноставно не се вклопува во духот на нашиот свет. Не велиме дека некој од овие други слогани е погрешен, ниту дека она за што се залагаат е погрешно. Тие се само мошне кратковидни, со оглед на близината на вечноста. Нашиот фокус мора да биде на нешто повозвишено, бескрајно повозвишено.

**Прочитајте Колошаните 3,5.6 (видете и Римјаните 6,1-7). Како да искусиме што значи да умреме за себе и за овој земен живот, а да живееме „за она што е горе“ (Колошаните 3,1)?**

---

Иако сме умреле со Христа во духовна смисла, нашите „органи“ – односно искушенијата на кои нè изложуваат нашето тело и ум – мора да бидат усмртени.

Меѓутоа, треба да бидеме свесни за две подробности во врска со оваа заповед.

Прво, во стихот Колошаните 3,1, обликот на грчкиот збор што го користи Павле подразбира дека ние навистина сме воскреснале со Христа. Второ, заповедта во стихот Колошаните 3,5 е последица на тој факт („затоа“). Ние можеме да го усмртиме она што е земно („блудството, нечистотата, сласта, лошата желба, лакомството“ итн.) само затоа што сме воскреснале со Христа и го имаме Неговиот духовен живот и моќ да го отстраниме сето тоа од нашиот ум и од нашиот живот.

Интересно е што единственото друго место, каде што, на грчки јазик, се појавува сосем истиот израз како во стихот Колошаните 3,6, „гневот Божји“, е стихот Римјаните 1,18. Бог ги „предаде“ луѓето на нивните сопствени зли патишта, и затоа Неговиот гнев исто така „доаѓа“ (видете Откровение 6,16.17) „врз синовите на непослушноста“ (Колошаните 3,6). Во Римјаните 1,18, Павле се осврнува на „секоја безбожност и неправда“, изедначувајќи ја целата оваа „нечистота“ (и користејќи го истиот грчки збор што се наоѓа во Колошаните 3,5), многу конкретно, со луѓето кои се препуштаат на „желбите на срцата нивни“ за да „си ги обесчестуваат своите тела“ (Римјаните 1,24).

Како тие ги обесчестуваат своите тела? Прво, со тоа што одбиваат да го признаат Создателот, но исто така и со своите „срамни страсти: жените нивни природните потреби ги заменија со противприродни. И мажите исто така, напуштајќи го природното општење со женскиот пол, се распалија со желби еден кон друг, и вршеа срамни работи мажи со мажи, добивајќи ја заслужената отплата за својата изопаченост“ (Римјаните 1,26.27).

**Како ние ги следиме зборовите: „Затоа умртвете ги органите од земната природа во вас“ (Колошаните 3,5)?**

# ОБНОВЕНИ ВО ЗНАЕЊЕТО

**Прочитајте го текстот Колошаните 3,6-11. Како Павле го продолжува овој тек на мислите?**

---

Почетните зборови од стихот Колошаните 3,8 означуваат драматична и решителна промена од смрт во живот: „Но сега“. Зборот „сега“ на грчки е нагласен. Сега, односно, бидејќи сте воскреснати со Христа и го барате она што е горе, во вашиот сегашен живот треба да се види впечатлива спротивност со вашиот претходен живот. Бидејќи сте ги умртвиле „органите од земната природа во вас“ (Колошаните 3,5), „отфрлете сѐ од себе: гневот, лутината, злобата, хулењето, срамните зборови од својата уста“ (Колошаните 3,8).

И гневот и лутината можат да го опишат Божјиот праведен одговор на гревот (на кој се осврнавме вчера), што се однесува и на Исуса (Марко 3,5; Откровение 6,16). Наспроти тоа, секој од нас е повикан да биде „брз за слушање, а спор за зборување, и бавен за гнев, бидејќи човечкиот гнев не ја извршува Божјата правда“ (Јаков 1,19.20). Злобата им посакува несреќа на другите. Клеветата е осмислена да оцрни. Павле, исто така, го осудува јазикот што е навредлив и непристоен. И конечно, меѓусебното лажење е забрането (споредете со 3. Мојсеева 19,11.18), бидејќи го „соблековте“ „стариот човек заедно со неговите дела“ (Колошаните 3,9).

**Што мисли Павле под тој „стар човек“, наспроти „новиот човек“? Видете Римјаните 6,6 и Ефесјаните 4,22-24.**

---

---

Глаголите што Павле ги употребува за оваа преобразба од старо во ново алудираат на облека, како кога некој ја соблекува старата, валкана облека и облекува нова и бела (споредете со стихот Захарија 3,4). Слична разлика меѓу старото и новото се прави и во поглед на стариот и новиот завет, при што стариот е окарактеризиран како надворешна буква на законот, а новиот како закон напишан од Духот во срцето (2. Коринќаните 3,4-18).

Овие метафори го опишуваат обратувањето и неговите последици, кое Павле го нарекува „ново создание“ (2. Коринќаните 5,17). Ние сме обновени „во познанието, според образот на својот Создател [Христос]“ (Колошаните 3,10), кој е слика на невидливиот Бог (Колошаните 1,15). Стекнувањето знаење за Христа преку Неговата Реч нѐ преобразува „во истиот лик од слава во слава“ (2. Коринќаните 3,18). Ова нѐ поставува над сите етнички, географски и општествени граници (Колошаните 3,11), бидејќи ние сме граѓани на едно повозвишено царство.

# КАРАКТЕРОТ НА НОВИОТ ЖИВОТ

Откако ги опишал лошите навики и негативните особини кои се отстрануваат и се оставаат кога доаѓаме кај Христа, Павле преминува на позитивните – како да се движи од темнина кон светлина.

**Прочитајте го текстот Колошаните 3,12-14. Како се опишани верниците и како, според ваше мислење, ова е поврзано со особините во коишто тие треба да се „облечат“?**

---

Како Израел, кого Бог го повикал да биде Негов посебен народ и да го одразува Неговиот карактер, оние што веруваат во Исуса се „Божји избраници“ (Колошаните 3,12), Негови „избраници“. Меѓутоа, не сите живеат во согласност со тој повик. Како што рекол Исус: „Мнозина се повикани, а малкумина избрани“ (Матеј 22,14; споредете со Матеј 24,22. 24.31). Павловото упатување на избраните има слично значење (Римјаните 8,33; 2. Тимотеј 2,10). Исто така, како Израел, и верниците се „сакани“ од Бога и „свети“ (5. Мојсеева 7,6-8). Оваа привилегија носи со себе важна одговорност: „Да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9). А тоа го правиме со начинот на кој живееме сега.

Осумте особини што ги споменува Павле сочинуваат доста голема листа! Тој наведува „милосрдност, доброта, смиреност, кротост и долготрпеливост; трпете се еден со друг и проштавајте си“, и „над сето тоа... љубов“ (Колошаните 3,12–14). Овие особини можат да потекнуваат само од срце обединето со Христа, бидејќи тие го опишуваат Неговиот карактер и начинот на кој Тој постапува со нас. Ние треба да им простуваме на другите „како што Христос ви прости вам“ (Колошаните 3,13). Љубовта „сѐ сврзува во совршенството“ (Колошаните 3,14), бидејќи Неговата љубов кон нас нѐ поврзува со Него и нѐ оспособува нас вистински да ги сакаме другите (1. Јованово 4,11.12).

Овие особини влијаат на нашите односи на два начина. Прво, покажувањето љубов, милост, љубезност и простување кон другите е благослов за нас, како и за другите. Да се сакаат и благословуваат другите е нешто што нѐ исполнува. Луѓето обично ни возвраќаат со иста мера, и ние продолжуваме да ја примаме Божјата милост и простување (Матеј 5,7; Матеј 6,14). Второ, и уште поважно, на тој начин се прославува Бог, што може да ги охрабри другите да поверуваат во Исуса и да Го следат, бидејќи така се открива силата на божествената благодат. „Ништо не може да изврши толку силно влијание врз човечката душа како несебичниот живот. Најсилниот аргумент во полза на христијанството е христијанин кој е исполнет со љубов и кој умее да ја споделува со другите“ (Елена Г. Вајт, *Здрав и среќен живот*, стр. 470 оригинал).

**Колку добро вие го претставувате Исуса со начинот на кој се однесувате кон другите, а особено кон оние кои можеби се нељубезни кон вас?**

## ДА ЖИВЕЕМЕ НОВ ЖИВОТ

Зинтересираноста на Павле за мир и склад во црквата јасно се огледува во последните стихови од 3 .глава на Посланието до Колошаните. Веќе го разгледавме Божјиот мир подетално (видете ја 7. лекција). За разлика од *pax Romana* (Римски мир), *pax Christi* (Христовиот мир) не е мир наметнат однадвор, туку мир што треба да „владее“ во нас однатре. Ова може да се случи само ако Христос ја преземе контролата.

**Прочитајте го текстот Колошаните 3,16.17. Што конкретно му овозможува на Христа да ја преземе контролата, и каква улога има музиката во сето ова?**

---

Јазикот што се користи овде е многу живописен. Тој прикажува како Христовата реч се вселува во нас. Ова се случува кога внимателно ја читаме Библијата за да ја послушаме Божјата мудрост и да учиме од неа. Иако грчкиот текст овде е донекаде двосмислен, очигледно е дека музиката игра важна улога во тоа „да се учите и да се советувате еден друг“ (Колошаните 3,16).

Но, не која било музика. Павле користи многу уникатен начин на изразување и овде и во стихот Ефесјаните 5,19: „псалми и славословија и духовни песни“.

Иако не можеме да бидеме сигурни, се чини дека овде се прави разлика меѓу постоечката старозаветна збирка псалми и сè поголемите новозаветни збирки химни. Зборовите „духовни песни“ може да биде малку поопшт израз за која било песна поврзана со духовниот или црковниот живот. Зборовите на овие песни се средство за поучување на вистината и давање упатства за живеењето нов живот на еден христијанин. Многу прекрасни химни од изминатите неколку векови имаат моќни пораки на надеж и охрабрување кои издигнуваат, толку потребни во овој свет кој толку лесно нè влече сите нас надолу.

Влијанието на музиката е моќно. Давидовото свирење на харфа имало смирувачки ефект врз царот Саул (1. Самоилова 16,23). Меѓутоа, кога Давид станал негов соперник, во Саул се разбудиле гнев и огорченост (1. Самоилова 18,10.11). Клинички е докажано дека смирувачката класична музика ја намалува вознемиреноста, ја оптимизира работата на мозокот, ја подобрува релаксацијата, помага при болка и ја зголемува социјализацијата.

Кој од нас и самиот не се уверил на моќното влијание што музиката, во добра или лоша смисла, може да го има врз нашите мисли и чувства? Музиката – вистинската музика – може да нè издигне духовно.

**Што и да правите, вели Павле, „правете го во името на Господ Исус Христос“ (Колошаните 3,17). Можете ли навистина да кажете дека така постапувате? Ако не, како можете да се промените? Односно, што мора да престанете да правите ако не можете да го правите тоа во Господово име?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога Божјиот Дух ќе владее со разумот и со срцето, тогаш обратената душа своите доживувања ги преточува во нова песна, зашто сфаќа дека во нејзиното животно искуство се исполнило Божјето ветување, дека престапите ѝ се простени и гревот покриен. Таа душа пред Бога искрено се кае за кршењето на Божјиот закон и со вера го прифаќа Христа кој умрел заради оправдување на човекот. ‘Така, бидејќи сме оправдани преку вера, имаме мир со Бога преку нашиот Господ Исус Христос’ (Римјаните 5,1).

Меѓутоа, иако тоа го доживеал, христијанинот не смее да ги прекрсти рацете, задоволен со она што е сторено за него. Оној што сака да влезе во духовното царство, ќе види дека сите сили и страсти на необновената природа, помогнати од силите на темнината, се здружиле против него. Затоа тој мора да го обновува своето посветување, секој ден мора да се бори против злото. Старите навики, наследните склоности кон злото, ќе се борат за превласт, и затоа постојано мора да биде претпазлив, борејќи се за победа со Христовата сила...

Силата на возвишениот, чистиот и благороден живот - претставува наша најголема потреба. Нашите мисли се премногу обземени со овој свет, а премалку со небесното царство.

Настојувајќи да го постигне идеалот што го одредил Бог за него, христијанинот не смее за ништо да очајува. На сите им е ветено морално и духовно совршенство со Христовата благодат и со неговата сила. Исус е извор на силата, извор на животот... Тој радо ги става во движење сите семоќни сили на небото во наша полза. На секој чекор ние доаѓаме во допир со неговата животна сила“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 476-478 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Какво е вашето лично искуство со ветувањето дека сте „оправдани преку вера“? Како тоа прекрасно ветување го променило вашиот живот? Како тоа ветување е поврзано со идејата дека и вие исто така „сте воскреснале заедно со Христос“?**

**2. Што значи за вас да мислите на она што е небесно? Дали е тоа поважно од правењето земски добрини? Како да се најде рамнотежа?**

**3. Размислете какво влијание има вашиот живот врз другите. Иако сме склони да размислуваме за тоа во контекст на нашето поединечно влијание, што е со нашето влијание како црква? Како вашата локална црква влијае врз вашата локална заедница?**

**4. Прочитајте го стихот Колошаните 3,11. Што ни кажува тој за единството што треба да го имаме во Христа?**

12. Лекција
Од 14 до 20 март 2026

# ЖИВОТ ЕДЕН СО ДРУГ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 3,18-4,6; Ефесјаните 5,22-25.33; Мудри изреки 22,6.15; 1. Петрово 2,16; 1. Солуњаните 5,17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зборот ваш секогаш да биде благодатен, зачинет со сол, за да знаете како треба на секого да му одговарате!“ (Колошаните 4,6)**

Кога луѓето живеат и работат во непосредна близина, тие се соочуваат со различни предизвици. Разликите во мислењата можат да предизвикаат тензии, а може да дојде и до расправии. Колку е поблизок меѓусебниот однос, толку е поважно сите во тој однос да се сложуваат добро.

Најблиските односи, секако, се во рамките на семејството. Домот понекогаш се нарекува „семејно претпријатие“. Тоа е интересен начин да се опише како функционира еден дом. Постојат неоспорни сличности меѓу водењето деловен бизнис и водењето домаќинство. Би требало да постои општа согласност во врска со вредностите, целите и задачите. Секој треба да се сложува со сите други и добро да го извршува својот дел за работите да течат непречено. Истите принципи важат и за црквата, која, во суштина, е едно големо семејство.

Во делот што го проучуваме оваа седмица, Павле дава некои пресудно важни принципи за тоа како може да функционира едно христијанско семејство на најдобар начин. Бидејќи со христијанскиот дом треба да се управува според библиските принципи, тој нужно функционира донекаде поинаку од типичното римско домаќинство. Павле, исто така, наведува и други вредни принципи кои се корисни за различни општествени односи, и во самиот дом и надвор од него.

## МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

Новиот завет содржи голем број упатства за христијанските домови (видете Ефесјаните 5,21-6,9; Колошаните 3,18-4,1; Тит 2,1-10; 1. Петрово 2,18-3,7). Значајно е што овие таканаречени „домашни кодекси“ не се целосно хиерархиски уредени, туку вклучуваат елементи кои ги прават односите порамноправни, а прават и заемно подобро да се изградуваат.

**Прочитајте Колошаните 3,18.19. Каква рамнотежа гледате овде? Кои дополнителни совети ги дава Павле во текстот Ефесјаните 5,22-25.33?**

---

Некои мажи го цитираат текстот: „Вие, жените, покорувајте им се на мажите свои“ (Колошаните 3,18) и тука застануваат. Сепак, обратете внимание на важната забелешка што ја додава Павле: „Како што прилега во името на Господ “. Новиот завет никаде не учи дека жените треба да им се покоруваат на сите мажи, дека сопругите треба да бидат покорни и потчинети, или дека треба слепо да се потчинуваат на секоја желба или каприц на својот маж. Павле истакнува дека преданоста на жената прво му припаѓа најпрво на Господа, па дури потоа на нејзиниот сопруг. Индивидуалноста на жената не смее да се претопи во онаа на нејзиниот сопруг, ниту, пак, тој може да постапува како да е нејзина совест.

Христовата љубов спрема црквата, како што се гледа во неговото жртвување на себеси за неа, илустрира како мажите треба да ги сакаат своите жени (Ефесјаните 5,25). Да бидат верни без оглед на цената. Да донесуваат одлуки кои се во најдобар интерес на жената, иако тие интереси нормално би требало да бидат усогласени. Таквата љубов ѝ олеснува на жената да ја послуша Божјата заповед и да го почитува својот маж (Ефесјаните 5,33).

Здравиот христијански брак се одликува со заемност – меѓусебно советување, заедничко размислување и донесување одлуки како двојка. Понекогаш, кога се донесува одлука за нешто што има сериозни последици за целото семејство, може да биде соодветно да се вклучат и децата во тие разговори, но родителите никогаш не треба да се расправаат пред нив. Ако сопругот и сопругата и понатаму не се во можност да се согласат, библискиот начин на мирот е сопругата да се согласи со судот и одлуката на својот сопруг, под услов тоа да не ја прекршува Божјата реч. Од истата причина, повеќето, ако не и сите мажи можат да се сетат на моментите кога биле среќни што ја послушале својата сопруга и го прифатиле нејзиниот совет. Колку повеќе мажот и жената соработуваат заедно како тим, толку посреќен ќе биде и нивниот брак.

**Како можеме да го избегнеме она што, за жал, се правело низ сета историја, и прекрасните принципи изразени во тие стихови да ги претвориме во нешто многу лошо?**

## РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Децата имаат многу важна улога како дел од семејното претпријатие. Тие треба да знаат дека се сакани и ценети како членови на семејството и граѓани на небесното царство. Од суштинско значење е семејното богослужение, едноставно, но редовно, наутро и навечер. Уште од рана возраст, децата можат да почнат да помагаат околу чистењето и другите должности во домот. Најважно од сè, тие треба да ја послушаат Павловата заповед: „Деца, на родителите свои бидете им послушни во сè, зашто тоа Му е благоугодно на Господа“ (Колошаните 3,20).

**Прочитајте ги следните текстови. Кои принципи се дадени овде за воспитување на децата?**

1. Мудри изреки 22,6.15 ______________________________

______________________________________________

2. Матеј 19,14 ______________________________

______________________________________________

3. 5. Мојсеј 6,6.7 ______________________________

______________________________________________

4. Мудри изреки 1,8.9 ______________________________

______________________________________________

Правилно воспитани за Господа, преку поука и пример, децата ќе бидат благослов за семејството, црквата и пошироко. А Павловиот совет до родителите, како и до сопрузите и сопругите, е избалансиран и вклучува меѓусебно почитување: „Татковци, не ги раздразнувајте своите деца, за да не станат малодушни“ (Колошаните 3,21). Начинот на кој родителите, особено татковците, се однесуваат кон своите деца и на кој ги дисциплинираат, има длабоко влијание врз нивното духовно воспитување.

Истражувањата исто така покажуваат дека кога двајцата родители одат на црква, поголем процент од децата продолжуваат да одат во црква отколку кога тоа го прави само едниот родител. Уште понеочекувано, доследното одење во црква од страна на таткото, дури и повеќе отколку мајката, води до тоа поголем број од децата кога ќе станат возрасни да останат во црквата. Затоа, улогата на таткото во духовното формирање на неговите деца не може да се потцени. Колку е важно татковците сериозно да ја сфатат таа своја улога.

**Меѓутоа, не сите татковци се (благо речено) добри примери за своите деца. Како познавањето на Бога како наш Татко може да ни помогне во исцелувањето таму каде што е потребно, особено ако нашите земни татковци ни нанеле голема штета?**

## ОДНОСИ НА РАБОТНОТО МЕСТО

**Прочитајте Колошаните 3,22-25 и Колошаните 4,1. Кои упатства им се дадени на робовите? Кои принципи ги наоѓаме тука за деловните односи воопшто?**

---

Се случува луѓето денес да го спомнуваат ропството со цел да докажат дека некои од библиските совети важеле само за минатото, ако не и целосно да го дискредитираат Светото писмо. Меѓутоа, таквиот став, иронично, многу малку или воопшто не го зема предвид историскиот контекст во рамките на старозаветниот Израел и новозаветната црква. Луѓето се создадени според Божјиот лик и, како и сите Божји интелигентни суштества, биле создадени за слобода. Мојсеевите закони забранувале Израелците трајно да останат робови (5. Мојсеева 15,12), и пропишувале шест години како максимален период на служење за отплата на финансиски долг (2. Мојсеева 21,2-6; 3. Мојсеева 25,39-43). Ропството во Библијата, колку и да ни изгледа одбивно според денешните сфаќања, воопшто не наликувало на гнасните облици на ропство во неодамнешниот западен свет, кои биле навистина страшно и ужасно злосторство против човештвото.

Во новозаветно време црквата морала да дејствува во рамките на римското право, кое предвидувало поседување на робови. „Но, за разлика од современите облици на ропство, римскиот закон им дозволувал на робовите значајни права и можности, а обидите за укинување на оваа практика можеле да го загрозат напредокот на евангелието“ (Clinton Wahlen, *„Culture, Hermeneutics, and Scripture: Discerning What Is Universal“*, Frank M. Hasel, ed., Biblical Hermeneutics: An Adventist Approach; Silver Spring: Biblical Research Institute/Review and Herald Academic, 2020, стр. 166).

Всушност, во рамки на црквата, за разлика од Римското царство воопшто, првата обврска на робовите била кон Господа. А нивните господари биле повикувани да постапуваат кон нив чесно бидејќи „знаете дека и вие имате Господар на небесата!“ (Колошаните 4,1). Освен тоа, Павле му рекол на Филимон да не се однесува кон Онисим повеќе како кон роб, туку како кон брат (Филимон 1,16). Верниците, всушност, се нарекуваат Божји робови (или слуги) и во Стариот и во Новиот завет (видете, на пример, Псалм 34,22; Лука 17,10; 1. Петрово 2,16).

Дури и ако не ни се допаѓаат културните околности во кој настанал некој библиски текст, сепак мора да го прифатиме авторитетот на самиот текст. Во спротивно, се ставаме себеси и својата култура над Светото писмо. Подобра опција е да разгледаме сè што кажува Библијата за дадена тема пред да дојдеме до заклучок за тоа што навистина ни кажува во врска со неа.

**Разгледајте како би можеле да го примените овој исечок во вашите односи на работното место. Како принципите наведени овде би можеле да ви бидат од полза, како работодавач или вработен?**

## УПАТУВАЊЕ МОЛИТВИ ЕДНИ ЗА ДРУГИ

**Прочитајте Колошаните 4,2-4. Кои принципи во врска со молитвата ги наоѓате во овие стихови? Кои молитвени барања ги изнесува Павле?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Некои од најважните зборови што можеме да му ги упатиме на оној што се бори со проблеми од различен вид, без разлика дали се семејни, здравствени, финансиски или други, се: „Се молам за тебе". Тоа е небесно избрано средство за поврзување и заемно дејствување. „Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле" (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 525 оригинал).

Обратете внимание на впечатливите описи на молитвата што ги користи Павле: „Бидете постојани во молитвата, бидете бодри во неа со благодарност!" – што покажува дека тоа е молитва упатена со вера (Колошаните 4,2). Тој ни кажува да се молиме „секогаш" (1. Солуњаните 5,17) и „постојано" (Ефесјаните 6,18). Најневеројатно е тоа што, дури и ако „не знаеме како треба да се молиме. Па сепак, Духот Сам посредува за нас со неискажливо воздивнување" (Римјаните 8,26).

**Прочитајте го повторно стихот Колошаните 4,3. Која „врата на проповедта" би можел Бог да ви ја отвори за да ја споделувате вашата вера?**________________________________________________________

________________________________________________________________

Значајно е што и самиот Павле се молел за вистинските зборови што требало да ги изнесе. Понекогаш, кога ги читаме неговите посланија или неговите говори во книгата Дела Апостолски, ние замислуваме дека тој секогаш бил елоквентен, никогаш не се двоумел што треба да каже. Но, тука тој бара да се молат за него, за да може да ја објави пораката „та да ја откријам, како што треба да зборувам!" (Колошаните 4,4) Тој исто така користи многу важен грчки збор (*dei*) во последниот дел од тој стих, кој може да се преведе „како што морам да зборувам", што укажува на божествената неопходност од делото на објавување на евангелието. Тој препознал колку е важно да се изнесе оваа порака на луѓето на највисоките положби од римската влада, вклучувајќи го и домаќинството на цезарот.

„Не е неопходно секогаш да клекнете на колена за да се молите. Негувајте навика да разговарате со Спасителот кога сте сами, кога шетате или кога ги извршувате секојдневните работи. Вашето срце нека се издигне во тивка молба за помош, светлина, сила и знаење. Секој ваш здив нека биде молитва!" (Елена Г. Вајт, *Здрав и среќен живот*, стр. 510, 511 ориг.)

# ОДЕЊЕ ВО МУДРОСТ

Која е најважната вистина што ние, како христијани, можеме да ја спознаеме? Се разбира, тоа дека Исус Христос умрел за нашите гревови за да можеме ние, преку вера во Него, да имаме вечен живот. Тоа е вистина до која никогаш не би успеале сами да дојдеме. Тоа е вистина што морала да ни биде кажана или откриена. И таа ни е откриена – во Божјата Реч.

Има многу вистини, знаење и мудрост што никогаш не би ги спознале кога Бог не би ни ги открил во Својата Реч. Но тоа знаење и мудрост не ни се дадени само како сознание, како нешто за кое треба да бидеме информирани. Всушност, ние треба да ја пројавуваме таа вистина, тоа знаење и таа мудрост во нашиот живот.

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 4,5.6. Во кои ситуации, како што ни посочил Павле, треба посебно да се држиме за кажаното „однесувајте се благоразумно“? И зошто?**

---

За жал, ние христијаните понекогаш сме сѐ друго само не христијани! А како што укажува Павле (цитирајќи го стихот Исаија 52,5), Израел исто така бил камен на сопнување за неверниците: „Зашто поради вас името Божјо се хули меѓу незнабошците“ (Римјаните 2,24). Начинот на кој се однесуваме кон другите, особено кон оние кои не се од нашата вера, е многу важен (видете Тит 2,5; 2. Петрово 2,2). Христијанскиот дом, собирањето на младите луѓе на молитва наместо за безвредни забави, едноставната љубезност и смирениот, трпеливиот дух им зборуваат многу на оние кои нѐ набљудуваат за да се уверат дали нашето исповедање на верата е искрено или не.

Во стихот Колошаните 4,6, Павле се сосредоточува посебно на зборовите што ги изговараме:

*„Зборот ваш секогаш да биде благодатен.“* Повеќе отколку само љубезност или учтивост, зборовите што ги изговараме треба да бидат поттикнати и проникнати со Божјата благодат преку влијанието на Светиот Дух.

*„Зачинет со сол.“* Спротивно на световната дефиниција за „зачинет“ говор, нашите зборови треба да бидат соодветни и допадливи за оние на кои им се обраќаме.

*„За да знаете како треба да му одговорите на секој човек.“* Само Светиот Дух може да ни ги даде вистинските зборови во вистинско време со вистинска цел и да ги подготви умовите на нашите слушатели за пораката што „мораме“ да ја објавуваме (и тука се употребува зборот *dei* – видете ги вчерашните коментари за стихот Колошаните 4,4).

**Размислете за своите зборови, за своите постапки и за тоа како „одите“ пред другите. Каква порака притоа испраќате за вашата вера и за тоа што значи да се биде христијанин?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Секој член на семејството треба да сфати дека на него почива одговорноста да ги извршува своите должности и на тој начин да придонесува за удобноста, редот и нормалниот живот на семејството.

Никој не смее да работи против другиот. Сите треба да се соединат во благородните напори да се храбрат еден со друг, да покажат нежност, истрајност и трпение, да зборуваат со спокоен тон, со тивок глас, избегнувајќи ја вознемиреноста; секој треба да направи колку што може повеќе за да ги олесни товарите на мајката...

Секој член на семејството треба добро да го разбере својот дел од работата кој треба да го извршува во заедница со другите. Сите, од шестгодишно дете па нагоре, треба да знаат дека од нив се очекува да го носат својот дел од животниот товар“ (Елена Г. Вајт, *Темели на среќниот дом*, стр. 179, 180).

„Ако сакаме да одиме во светлина, мора да го пуштиме Христа во нашето срце и во нашиот дом. Домот треба да биде сè она што го подразбира тој збор. Тој треба да биде мало небо на земјата, место каде што нежната наклонетост се негуваат, наместо намерно да се задушуваат. Нашата среќа зависи од тоа колку ги негуваме љубовта, сочувството и искрената учтивост еден кон друг... Треба целосно да заборавиме на себеси, постојано барајќи можности да покажеме, дури и во ситни подробности, благодарност за сето добро што го примаме од другите, секогаш наоѓајќи начини како да ги развеселиме, да ги олесниме нивните грижи и товари со нежни, љубезни дела и мали изрази на љубов. Ваквата промислена љубезност, која започнува во нашето семејство, се шират надвор од семејниот круг и го зголемува вкупниот збир на среќата во животот. Од друга страна, занемарувањето на овие мали ситници постојано го зголемува обемот на горчина и тага во животот“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 3, стр. 539, 540 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Ако сте во брак, кои принципи ви помогнале во вашата врска? Кои совети ги имате за немажените и неженетите во поглед на тоа како треба да се подготват за предизвиците што бракот секогаш ги носи?**
2. **Многу добри, грижливи родители кои ги одгледале своите деца во топли христијански домови, честопати доживуваат нивните деца, кога ќе пораснат, да ја отфрлат верата. Какви совети и утеха можете да им дадете? Што е она што е подобро воопшто да не го кажете?**
3. **Подетално разговарајте за советот да „се однесувате благоразумно“. Спротивно на ова, што значи да се живее „неразумно“ наместо благоразумно? Што научивте од разни прилики и неприлики, одејќи по една или друга патека?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**13. Лекција**
**Од 21 до 27 март 2026**

# СТОЕЈЌИ ВО СЕТА БОЖЈА ВОЛЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Колошаните 4,7-18; Ефесјаните 6,21; Дела 15,36-40; 2. Тимотеј 4,10.11; 2 Петрово 3,10-14; Исаија 60,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Благодарете за сѐ, зашто таква е волјата Божја во Христос Исус спрема вас!“ (1. Солуњаните 5,18).**

Овој завршен дел од Посланието до Колошаните ја открива поширoката мрежа на Павловите соработници. Библиската книга Дела апостолски најпрво го прикажува како се здружува со Варнава, па со Сила, па дури потоа ни дава преглед на неговите три мисионерски патувања.

Оваа седмица ќе ја разгледаме мисионската стратегија на Павле, која подразбирала многу ефикасна употреба на времето и на средствата за да се досегнат главните центри на Римското царство, но и обука на способни лаици за да ги досегнат градовите и помалите места коишто Павле не можел да ги посети, како што се Колоси, Лаодикија и Јерапол.

Преку лични посети за време на неговите патувања и преку неговите посланија, особено додека бил во затвор, Павле постојано ги поврзувал луѓето и црквите. Тој сфатил дека успехот на евангелската мисија зависи од тоа сите да работат заедно – христијани од еврејско потекло, од незнабоштво, мажи и жени – луѓе како што се Тихик, Аристарх, Јуст, Епафрас, Лука и Нимфан. Интересно е што дознаваме и за едно послание напишано до Лаодикеја, кое не е зачувано за нас. Павле многу работи „спакувал“ во тие последни стихови, вклучувајќи дури и личен повик до човек по име Архип. Тој направил сѐ што можел за да ги зајакне црквите додека можел.

## ПОУКИ ЗА ЕВАНГЕЛСКАТА РАБОТА

Од Павле дознаваме многу за ширењето на евангелието. Неговите патувања, според некои процени, опфатиле повеќе од 21.500 км. Ова навистина восхитува, кога ќе земеме предвид дека поголем дел од тој пат тој го поминал пеш, а дел од тоа време го поминал во затвор.

Павле поминал значително време во трговски центри, како што се Коринт и Ефес, од каде што пораката можела да се шири кон градовите во внатрешноста. Имал обичај и да се враќа во црквите што ги основал, за да ги зајакне и охрабри новите верници таму. Кога не можел лично да ги посетува црквите, испраќал писма. На тој начин верниците знаеле дека тој се сеќава на нив и дека се грижи за нив.

**Прочитајте го текстот Колошаните 4,7-9; споредете го со Ефесјаните 6,21. Како е опишан Тихик и кои причини ги наведува Павле за тоа зошто него и Онисим го испратил во Колоси?**

---

Некои работи најдобро е да се соопштат усно, а не писмено. Би било интересно да се знае какви нови вести им пренеле овие двајца на Колошаните. Судејќи според желбата на Павле тие вести да ги „утешат“ и „охрабрат“ (Колошаните 4,7–9), тие веројатно вклучувале детали за околностите во кои се наоѓал Павле во затворот. Во секој случај, таквата комуникација била важна и како средство за зачувување на личните врски што ги зближуваат и држат верниците заедно.

Тихик, чие име значи „среќен“, очигледно бил доверлив пратеник. Опишан како „возљубен брат“ и „верен слуга и другар“, тој бил еден од двајцата мажи од Азија што Павле ги одбрал (Дела 20,4) да му се придружат на патувањето, кога ги носеле собраните средства за помош на осиромашните верници во Ерусалим. Тој бил со Павле и за време на неговото второ затворање во Рим, од каде што бил испратен во Ефес за да го поддржи тамошното дело (2. Тимотеј 4,12). Павле размислувал и за тоа да го испрати кај Тит на Крит (Тит 3,12). На патувањето до Колоси, го придружувал Онисим, кој, под влијание на Павле, се преобратил во Рим (видете ја лекција 1), и кој овде е опишан како „верен и љубезен“.

Павле очигледно и самиот сакал да дознае нешто за состојбата на верниците во Колоси. Не би било тешко да му се испратат вести преку некој друг, ако не и преку самиот Тихик. Тоа бил уште еден начин на кој Павле ја пренесувал својата љубов и грижа за тамошните верници, иако самиот никогаш не ја посетил таа црква. Тоа бил и начин да ги зајакне во нивната вера за да можат и тие да ги досегнуваат другите.

**Како овие лични подробности во Павловите писма не само што ја покажуваат неговата човечка страна, туку, во помала мера, ја потврдуваат валидноста на неговата служба?**

## ПОВРЗАНОСТ ВО САМАТА ЦРКВА

Во денешниот свет кој е поврзан преку интернет, социјални медиуми и безброј уреди, тешко е да се замисли предизвикот со кој се соочил Павле помагајќи им на црквите да осетат дека се дел од нешто поголемо од нивните сопствени локални заедници.

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 4,10.11. Освен што испраќал вести таму и назад преку гласници (Колошаните 4,7-9), на кои други начини Павле ги охрабрувал да бидат поврзани? Во светлината на некои од проблемите што тој ги разгледува во ова послание, која порака можела да биде пренесена преку овие поздрави?**

---

Со овие поздрави Павле ја гради и негува поврзаноста меѓу верниците. Тука дознаваме дека Марко бил роднина на Варнава. Со тоа Павле го отвора патот за можната посета на Марко во Колоси. Аристарх е опишан буквално како „воен заробеник“ заедно со Павле, што значи дека бил во затвор со него. Тие биле војници под „оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,10.11), кои се бореле да ги ослободат заробениците на сатаната за служба во Божјото царство (видете 2. Тимотеј 2,1-4). Исус / Јуст (еврејско и римско име кое звучи многу слично на грчки, како Савле и Павле) им е исто така препорачан како доверлив соработник во делото на евангелието.

Споменувајќи ги Аристарх, Марко и Јуст, Павле нагласува дека тие биле еврејски верници („од обрезаните“). Потоа споменува тројца обратени незнабошци: Епафрас, Лука и Димас (Колошаните 4,12–14). Значајно е што сите тие, и покрај некои тензии во црквата меѓу Евреите и обратените незнабошци, можеле успешно да работат заедно, во единство и хармонија. Меѓутоа, кога вели дека овие биле негови „единствени“ помагачи, Павле како да изразува извесно разочарување што повеќе еврејски христијани не застанале покрај него во неговите страдања. Сепак, значајно е што Јован Марко, кој доста години претходно ги напуштил Павле и Варнава на нивното прво мисионско патување (Дела 13,13), во овој момент се покажал не само како верен, туку и како „утеха“ за Павле (Дела 15,36–40).

Заканите за единството не се ништо ново. Во последниве години, Адвентистичката црква, како што се ширеше глобално, претрпе длабоки промени, а разни сили постојано и жестоко го напаѓаа нејзиното единство. Овој притисок врз единството може да се почувствува на секое ниво на црквата.

**Како можете вие, во вашата локална црква, да работите на намалување на сето она што му се заканува на единството? Кои се притисоците на локално ниво и што може да се направи во врска со нив?**

# ДА СТОИШ ВО СЀ ШТО Е СПОРЕД БОЖЈАТА ВОЛЈА

Повеќе книги се напишани за живот воден со цел и црква водена со цел. Иако да се биде „воден со цел“ можеби не е баш најисправно, јасниот „фокус на целта“ е од суштинска важност за остварување на кој било смисловен потфат. Животот и службата на апостол Павле, како и на неговите соработници и останати апостоли, претставуваат пример за таков фокус (видете Филипјаните 3,13.14). Резултатите зборуваат сами за себе – евангелието брзо се ширело низ целото Римско царство и пошироко (Колошаните 1,23). Истиот фокус е потребен и денес.

**Прочитајте ги стиховите Колошаните 4,12.13. Која цел е опишана овде и како треба да се оствари?**

---

Како што споменавме во претходната лекција, веројатно Епафрас бил тој преку кого евангелието се проширило до Колоси и блиските градови Лаодикија и Јерапол (видете ја лекцијата 1). Неговите поздрави и молитви за тие цркви несомнено претставувале големо охрабрување за тамошните верници. Молитвите на Епафрас имале јасен фокус – Колошаните да стојат „совршени и исполнети со секаква волја Божја“ (Колошаните 4,12). Ајде внимателно да ги разгледаме богатите елементи на таа молитва.

*Стојте.* Овој збор значи да стоите цврсто и непоколебливо, што е можно само кога сме „втемелени и утврдени“ во верата и сигурни во вистинитоста на евангелието (Колошаните 1,23). Павле го користи истиот збор повеќе пати во врска со нашата борба против „измамите на ѓаволот“ (Ефесјаните 6,11) и спротивставувањето на силите на темнината со помош на божествената сила на тој начин што се облекуваме „во сето Божјо оружје“ (Ефесјаните 6,10-18; споредете со 2. Тимотеј 2,19).

*Совршени.* Овој збор се однесува на совршенството на карактерот што го наоѓа својот краен израз во пожртвуваната љубов (Матеј 5,44.48) на оние кои никогаш нема за себе да тврдат дека го „достигнале“ (Филипјаните 3,12-15).

*Наполно.* Овој моќен збор значи целосно да се задоволи или да се доведе нешто до полнота. Тој се користи за Аврам, кој бил „наполно уверен“ дека Бог ќе го направи она што го ветил, иако тоа било човечки невозможно (Римјаните 4,21), како и за силата што Господ му ја дал на Павле „преку мене да се утврди Благовестието“ (2. Тимотеј 4,17).

*Исполнети со секаква волја Божја.* Зборот „секаква“ е сеопфатен. Самиот Павле се молел Колошаните да бидат исполнети со познавање на Божјата волја, за да можат да живеат „достојно за Бога, угодувајќи Му во сѐ“ (Колошаните 1,9.10) „со секаква сила преку Неговата славна моќ“ (Колошаните 1,11).

## ДА ЖИВЕЕМЕ ВО СВЕТОТ, НО ДА НЕ БИДЕМЕ ОД СВЕТОТ

**Прочитајте ги следните стихови: Колошаните 4,14.15 и 2. Тимотеј 4,10.11. По што се разликувал Лука од Димас, и зошто?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Апостол Јован ни кажува: „Не љубете го светот и сè што е во него. Ако некој го љуби светот, во него нема љубов од Отецот“ (1. Јованово 2,15). Љубовта на Лука кон Исуса и Неговото царство го навела да остане со Павле до крајот, што и да се случи, додека на Димас му омилел овој свет повеќе од оној што ќе дојде.

**Прочитајте ги следните текстови. Кој совет им се дава на оние што го чекаат Второто доаѓање?**

1. Марко 13,32-37____________________________

____________________________________________

2. Тит 2,11-14 _______________________________

____________________________________________

3. 2. Петрово 3,10-14__________________________

____________________________________________

4. Откровение 3,17-21 _________________________

____________________________________________

Исус и апостолите често нè предупредуваат да „бдееме“, да бидеме будни и секогаш подготвени за Господовото доаѓање, за тоа да не нè изненади. За жал, како и учениците кои не ја послушале Исусовата заповед: „Бидете будни и молете се“ (Марко 14,38), многумина нема да ги направат неопходните подготовки. А сè се сведува на тоа кој или што го поседува нашето срце, бидејќи не можеме да им служиме на двајца господари.

Во пораката до Лаодикија, Исус ни дава јасен рецепт. Прво, да бидеме искрени и да се покаеме за нашите гревови. Второ, да го отвориме нашето срце за Исуса и да му дозволиме Нему да ја преземе контролата, што потоа (трето) нас нè оспособува да го стекнеме „златото“ на верата и љубовта, проверено во печката на неволјите, што ни обезбедува победа над искушението.

**За кои конкретни подробности во вашиот живот Исус би можел да бара од вас да се покаете? Кој дел од Неговиот рецепт ви е најпотребен?**

## ПОРАКА ЗА ЛАОДИКИЈА

**Прочитајте го текстот Колошаните 4,16-18; споредете со Колошаните 2,1-3. Додека размислувате за Исусовата порака до Лаодикија (видете го вчерашното проучување), каква поврзаност гледате со Посланието до Колошаните, кое исто така требало да се прочита и во Лаодикејската црква во времето на Павле?**

---

---

Во текот на историјата на Божјиот народ, истите проблеми се појавувале секогаш одново и одново. Пророците ги укорувале Израелците кои сакале богослужение по углед на светот, и ги поттикнувале да се покаат пред да биде предоцна. Исаија дури и се жалел: „Како справедливиот верен град Сион стана блудница!“ (Исаија 1,21) и ги повикувал луѓето да се вратат кај Бога за проштавање и очистување (Исаија 1,16–20). И Јован Крстител (Матеј 3,2.8–10) и Исус (Матеј 4,17; Матеј 12,33–37) ги повикувале Израелците да се покаат и да донесат плод што ќе може да се одржи пред судот на последното време. Апостолите носеле слична порака (Дела 2,38; Дела 3,19; Дела 17,30; 2. Коринќаните 7,9.10).

**Споредете ги следните исечоци: Исаија 60,1-3 со текстот Откровение 18,1-4 и Исаија 62,1-5 со Откровение 19,7.8. Кои сличности постојат меѓу пораките во овие две книги?**

---

---

Бог *ќе* ги обедини небото и земјата. Но, поради големата борба, ова мора да се одвива постепено:

1. На Голгота, сатаната ја изгубил секоја наклоност што сѐ уште ја имал меѓу небесните битија (Јован 12,31).
2. Преку Христовата првосвештеничка служба како судија во небесното светилиште, Христос го усовршува Божјиот народ „во секое добро дело за да ја исполните Неговата волја“ (Евреите 13,21) за да биде подготвен за небото.
3. За време на милениумскиот суд и конечниот суд по милениумот, сите преостанати прашања ќе бидат разрешени засекогаш, а гревот и непокајаните грешници ќе бидат уништени во езерото од вечен оган, кое исто така ја чисти и земјата (Откровение 21,8).
4. Дури со исчезнувањето на гревот, небото и земјата конечно ќе можат да се обединат (Откровение 21,3).

**Што можете да направите вие лично (без да гледате на некој друг) за да му останете верни на Бога и на вистината што Тој ни ја дава? Односно, какви избори правите, кои откриваат кому навистина му припаѓа вашето срце?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога душата ќе му се предаде на Христа, со новото срце загосподарува нова сила, настанува промена што човекот никогаш не може да ја изврши сам за себе. Тоа е натприродно дело што воведува натприроден елемент во човековата природа. Душата што му се потчинува на Христа станува негова тврдина што Тој ја држи во побунетиот свет и настојува во неа да не биде признат ниеден друг авторитет, освен неговиот. Душата што на тој начин ја држат небесните сили е непреземлива за сатаната. Меѓутоа, ако не ја прифатиме Христовата власт, со нас ќе загосподари лукавиот. Ние мораме да се најдеме под власт или на едната или на другата од овие две големи сили што се во судир за врховна власт во светот. Не мораме доброволно да ја избереме службата на царството на темнината за да паднеме под негова власт. Доволно е само да занемариме да се поврземе со царството на светлината. Ако не соработуваме со небесните сили, сатаната ќе го заземе срцето и ќе го направи свое живеалиште. Единствена одбрана од злото е Христос кој живее во срцето со помош на верата во неговата правда. Сè додека не станеме животно поврзани со Бога, нема никогаш да можеме да му се спротивставиме на обесветувачкото влијание на самољубието, на самоувереноста и на склоноста кон гревот. Ние можеме да напуштиме многу лоши навики, за извесно време можеме да ја прекинеме заедницата со сатаната, но без животна врска со Бога, што се остварува со негово прифаќање секој миг, ќе бидеме поразени. Без лично познанство и постојана заедница со Христа, препуштени сме му на милост и немилост на непријателот и на крај ќе ги спроведуваме неговите налози“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 324 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разгледајте го претходниот цитат од Елена Г. Вајт. Всушност, постојат навистина само две страни во големата борба, и ако свесно не го избереме Христа, ние сме на страна на сатаната (Лука 11,23). Колку и да ги вознемирува нашите чувствата оваа мисла, Бог не е обврзан да води сметка за тоа Неговите вистини да не нè навредат. Што ви кажува овој факт за тоа колку е навистина суштински важно да му ја предадеме нашата волја на Христа?**
2. **Прочитајте го текстот Откровение 14,14-16. Раниот дожд за време на Педесетница овозможил семето на евангелието да никне и да расте, додека доцниот дожд ја подготвува земјата за конечната жетва. Каква поврзаност постои во Откровение 14,12 со ваквиот развој на настаните?**
3. **На кои се начини ние, како црква во целина и како поединечни верници, сме под влијание на културата и светот околу нас? Како можеме да се заштитиме од негативните влијанија на светот, кои отсекогаш претставувале проблем за Божјиот народ во секое време?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ ЈАНУАРИ

# РАДУВАЈТЕ СЕ

## ВО ЗАЕДНИЦА СО НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **1. Солуњаните 5,17.** | *Бог нè повикува секогаш да се радуваме* |
| *2. Петок* | **Псалм 105,3.** | *Во заедница со Него* |
| *3. Сабота* | **Псалм 5,11.** | *Негувајте доверба и љубов кон Него* |

## ВО МИР СО БОГА И СО ЛУЃЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **1. Летописи 16,31.** | *Бидејќи Тој царува* |
| *5. Понеделник* | **Псалм 68,3.** | *Нека се радуваат праведниците* |
| *6. Вторник* | **Мудри изреки 28,14.** | *Оној што се бои од Бога* |
| *7. Среда* | **Мудри изреки 16,20.** | *Оној што се надева на Бога* |
| *8. Четврток* | **Исаија 29,19.** | *Кроткиите* |
| *9. Петок* | **Мудри изреки 14,21.** | *Милостивите* |
| *10. Сабота* | **Мудри изреки 12,20.** | *Во мир со Бога и луѓето* |

## ТВОЕТО СПАСЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Псалм 146,5.** | *Оној Чиј Помошник е Бог* |
| *12. Понеделник* | **Псалм 89,16.** | *Радување во Христовото име* |
| *13. Вторник* | **Псалм 20,5.** | *Твоето спасение* |
| *14. Среда* | **Римјаните 7,22.** | *Божјиот закон* |
| *15. Четврток* | **1. Коринќаните 13,6.** | *Вистината* |
| *16. Петок* | **5. Мојсеева 26,11.** | *Секое добро дело* |
| *17. Сабота* | **Немија 9,25.** | *Изворот на секој благослов* |

## ТОЈ Е МИЛОСТИВ

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **За Јов 22,23,26.** | *Најголемата љубов кон Бога* |
| *19. Понеделник* | **Псалм 63,7.** | *Ќе се радувам што Бог е мој помошник* |
| *20. Вторник* | **Псалм 28,7.** | *Господ е моја сила* |
| *21. Среда* | **Псалм 126,3.** | *Тој направи големи дела за мене* |
| *22. Четврток* | **Псалм 90,14.** | *Тој е милостив* |
| *23. Петок* | **Исаија 61,10.** | *Тој ме облече со својата праведност* |
| *24. Сабота* | **Псалм 97,8.** | *Не се плашам од Неговиот божествен суд* |

## ИЗРАЗ НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Лука 10,20.** | *Моето име е напишано на небото* |
| *26. Понеделник* | **Проповедник 11,9.** | *Радувај се во својата младост* |
| *27. Вторник* | **Проповедник 7,14.** | *Во добро време* |
| *28. Среда* | **Мудри изреки 23,16.** | *Израз на верата* |
| *29. Четврток* | **3. Мојсеева 23,39,40.** | *Во спомен на Неговите благослови* |
| *30. Петок* | **Псалм 27,6.** | *Во Неговиот шатор за состанок* |
| *31. Сабота* | **Филипјаните 4,4.** | *Секогаш* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ

# НЕБЕСНА РАДОСТ

### ЌЕ МЕ НАПРАВИ СВОЈ СВЕДОК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **Лука 15,7.** | *Небесна радост поради грешниците што се каат* |
| *2. Понеделник* | **Псалм 104,31.** | *Радост поради Неговите дела* |
| *3. Вторник* | **Мудри изреки 8,29.30.** | *Христос ја делел радоста со Отецот* |
| *4. Среда* | **Псалм 40,13.** | *Бог се радува кога Го барам Спасителот* |
| *5. Четврток* | **Еремија 32,28.41.** | *Бог се радува кога ги излева своите благослови* |
| *6. Петок* | **5. Мојсеева 10,15.** | *Ќе ме направи свој сведок* |
| *7. Сабота* | **Исаија 62,4.** | *Бог се радува поради својот избран народ* |

### МИЛОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Софонија 3,17.** | *Во Неговата Црква* |
| *9. Понеделник* | **Изреки 15,8.** | *На Бога Му е угодна молитвата на праведните* |
| *10. Вторник* | **Изреки 12,22.** | *Оние што ја следат вистината* |
| *11. Среда* | **Изреки 11,1.** | *Непоколеблива чесност* |
| *12. Четврток* | **Еремија 9,24.** | *Љубезност, правда и добрина* |
| *13. Петок* | **Михеј 7,18.** | *Милост* |
| *14. Сабота* | **1. Самоилова 15,22.** | *Послушност кон Неговата реч* |

### ГО ДАЛ СВОЈОТ СИН ЗА МОЈОТ ОТКУП

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Псалм 18,17.** | *Ослободување од страдање и гнев* |
| *16. Понеделник* | **Исаија 46,10.** | *Бог управува со настаните* |
| *17. Вторник* | **Исаија 53,10.** | *Го дал својот Син за мојот откуп* |
| *18. Среда* | **Матеј 3,16.17.** | *Со Неговиот возљубен Син* |
| *19. Четврток* | **Псалм 147,11.** | *Оние што Го почитуваат* |
| *20. Петок* | **Псалм 149,4.** | *Оние што ја исполнуваат Неговата волја* |
| *21. Сабота* | **Филипјаните 2,13.** | *Се предавам на Неговата волја* |

### МЕЃУСЕБНА ЉУБОВ

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Псалм 51,18.** | *Божјата добрина кон Сион* |
| *23. Понеделник* | **Евреите 1,9.** | *Спасителот се радува што носи мир и одмор* |
| *24. Вторник* | **Псалм 40,7.8.** | *Според Божјата волја и законот* |
| *25. Среда* | **Дела 2,25.26.** | *Во заедница со Отецот* |
| *26. Четврток* | **Изреки 8,31.** | *Исус со љубов се грижел и интересирал за човечкото семејство* |
| *27. Петок* | **Лука 10,21.** | *Им се открил на понизните* |
| *28. Сабота* | **Јован 15,11.** | *Во духот на пожртвуваната љубов* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ

# РАДОСТ НА СВЕТОТ

### НАДЕВАЈТЕ СЕ ВО ГОСПОДА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **Проповедник 2,26** | *Радоста е Божји дар* |
| *2. Понеделник* | **1. Тимотеј 6,17** | *Радујте се на дарот на животот* |
| *3. Вторник* | **Псалм 144,15** | *Надевајте се во Господа* |
| *4. Среда* | **Захарија 2,10** | *Емануел, „Бог со нас", дошол* |
| *5. Четврток* | **Псалм 97,12** | *Очистени со Неговата крв* |
| *6. Петок* | **Јован 16,24** | *Бог ја услишува мојата молитва* |
| *7. Сабота* | **Изреки 3,13** | *Бог е мој извор на мудроста* |

### РАДУВАЈТЕ СЕ СО ЦЕЛАТА ПРИРОДА

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Мудри изреки 3,17.18** | *Неговата мудрост носи задоволство* |
| *9. Понеделник* | **Псалм 96,11.12** | *Радувајте се со целата природа* |
| *10. Вторник* | **Псалм 92,4.5** | *Природата е создадена да ми донесе радост* |
| *11. Среда* | **Малахија 3,12** | *Убавините на Земјата* |
| *12. Четврток* | **Псалм 65,8.9** | *Природата е послушна на Неговата волја* |
| *13. Петок* | **Псалм 19,4.5** | *Сонцето на правдата го осветлува мојот ден* |
| *14. Сабота* | **Проповедник 11,7** | *Светлината на Неговиот Дух го осветлува светот* |

### РАБОТАТА Е БЛАГОСЛОВ ЗА ЧОВЕКОТ

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Јов 39,22.24** | *Радувајте се во Божјата сила* |
| *16. Понеделник* | **Проповедник 5,18** | *Бидете среќни кога извршувате корисна работа* |
| *17. Вторник* | **Проповедник 5,19** | *Работата е благослов за човекот* |
| *18. Среда* | **5. Мојсеева 30,9** | *Бог ги дава плодовите на нашиот труд* |
| *19. Четврток* | **Проповедник 3,22** | *Добро извршената должност носи радост* |
| *20. Петок* | **5. Мојсеева 12,18** | *Верни во секој детаљ* |
| *21. Сабота* | **Исаија 9,3** | *Пронајдете ја радоста во жетвата* |

### БОГ ОБЕЗБЕДУВА ХРАНА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Псалм 128,2** | *Поднесување на животните товари* |
| *23. Понеделник* | **1. Мојсеева 2,9** | *Бог обезбедува храна* |
| *34. Вторник* | **Проповедник 9,7** | *Треба да уживаме во храната* |
| *25. Среда* | **Исаија 33,16** | *Животните потреби се исполнети* |
| *26. Четврток* | **Псалм 104,14** | *Бог ги користи елементите на природата за да даде храна* |
| *27. Петок* | **1. Царевите 4,20** | *Израел се радувал на плодовите од Ханан* |
| *28. Сабота* | **Естира 9,22** | *Израел се учел на радостите на гостопримството* |

### БОГ ГИ ИСПОЛНУВА ВЕТУВАЊАТА АКО СОРАБОТУВАМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **Дела 2,46.47** | *Обратените се радувале на лебот на животот* |
| *30. Понеделник* | **Псалм 16,6** | *Со радост сеќавајте се на светлите мигови во животот* |
| *31. Вторник* | **Изреки 10,28** | *Господовото доаѓање е моја надеж* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| **3.** | 7-9 |
| | |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| 7. | 20-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-30 |
| **10.** | 31-33 |
| | |
| 11. | 34-36 |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| 14. | 43-46 |
| 15. | 47-50 |
| 16. | 2. Мојс. 1-3 |
| **17.** | 4-6 |
| | |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| **24.** | 27-29 |
| | |
| 25. | 30-31 |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| 28. | 38-40 |
| 29. | 1-4 |
| 30. | 5-7 |
| **31.** | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 11-13 |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| 4. | 20-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| | |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| **14.** | 27-29 |
| | |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| **21.** | 14-16 |
| | |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| **28.** | И. Навин 1-3 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 5-9 |
| 2. | 10-13 |
| 3. | 14-17 |
| 4. | 18-21 |
| 5. | 22-24 |
| 6. | Судии 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| | |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-12 |
| 10. | 13-15 |
| 11. | 16-18 |
| 12. | 19-21 |
| 13. | За Рута 1 и 2 |
| **14.** | 3 и 4 |
| | |
| 15. | 1. Сам. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-17 |
| 20. | 18-20 |
| **21.** | 21-23 |
| | |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-31 |
| 24. | 2. Сам. 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-11 |
| 27. | 12-14 |
| **28.** | 15-17 |
| | |
| 29. | 18-20 |
| 30. | 21-24 |
| 31. | 1. Цар. 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
**3.** Псалм 3
4. Псалм 4
5. Псалм 5
6. Псалм 6
7. Псалм 7
8. Псалм 8
9. Псалм 9
**10.** Псалм 10
11. Псалм 11
12. Псалм 12
13. Псалм 13
14. Псалм 14
15. Псалм 15
16. Псалм 16
**17.** Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
22. Псалм 20
23. Псалм 21
**24.** Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
27. Псалм 24
28. Псалм 25
29. Псалм 26
30. Псалм 27
**31.** Псалм 28

## *Февруари*

1. Псалм 29
2. Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
6. Псалм 33
**7.** Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
**14.** Псалм 39
15. Псалм 40
16. Псалм 41
17. Псалм 42
18. Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
**21.** Псалм 45
22. Псалм 46
23. Псалм 47
24. Псалм 48
25. Псалм 49
26. Псалм 50,1-5
27. Псалм 50,16-23
**28.** Псалм 51- 52

## *Март*

1. Псалм 53
2. Псалм 54
3. Псалм 55
4. Псалм 56
5. Псалм 57
6. Псалм 58
**7.** Псалм 59
8. Псалм 60
9. Псалм 61
10. Псалм 62
11. Псалм 63
12. Псалм 64
13. Псалм 65
**14.** Псалм 66
15. Псалм 67
16. Псалм 68
17 Псалм 69 ,1-16
18. Псалм 69,17-36
19. Псалм 70
20. Псалм 71,1-15
**21.** Псалм 71,15-24
22. Псалм 72
23. Псалм 73,1-15
24. Псалм 73,16-28
25. Псалм 74
26. Псалм 75
27. Псалм 76
**28.** Псалм 77
29. Псалм 78 ,1-14
30. Псалм 78,15-28
31. Псалм 78,29-42

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2026 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Колешино | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Стар Дојран | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Куманово | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 | 16:46 |
| Неготино | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Струмица | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Кочани | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:35 | 16:43 |
| Велес | 16:15 | 16:22 | 16:29 | 16:38 | 16:46 |
| Кавадарци | 16:15 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Дебар | 16:20 | 16:27 | 16:35 | 16:43 | 16:52 |
| Скопје | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 | 16:47 |
| Битола | 16:19 | 16:25 | 16:33 | 16:41 | 16:50 |
| Кичево | 16:19 | 16:25 | 16:33 | 16:41 | 16:50 |
| Лаки | 16:11 | 16:18 | 16:25 | 16:34 | 16:43 |
| Чифлик | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Штип | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Тетово | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:40 | 16:49 |
| Јегуновце | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Росоман | 16:15 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Гевгелија | 16:14 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Свети Николе | 16:14 | 16:20 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Делчево | 16:10 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Валандово | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:44 |
| Охрид | 16:21 | 16:27 | 16:35 | 16:43 | 16:52 |
| Радовиш | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Прилеп | 16:17 | 16:24 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |

*Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО
ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **6.** | **13.** | **20.** | **27.** |
| **ФЕВРУАРИ 2026** | | | | |
| Виница | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Колешино | 16:52 | 17:01 | 17:09 | 17:18 |
| Стар Дојран | 16:53 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Куманово | 16:55 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Неготино | 16:55 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Струмица | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Кочани | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Велес | 16:55 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Кавадарци | 16:55 | 17:04 | 17:12 | 17:21 |
| Дебар | 17:01 | 17:10 | 17:18 | 17:27 |
| Скопје | 16:56 | 17:05 | 17:14 | 17:22 |
| Битола | 16:58 | 17:07 | 17:16 | 17:24 |
| Кичево | 16:59 | 17:08 | 17:16 | 17:25 |
| Лаки | 16:52 | 17:00 | 17:09 | 17:18 |
| Чифлик | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Штип | 16:54 | 17:02 | 17:11 | 17:20 |
| Тетово | 16:58 | 17:07 | 17:16 | 17:24 |
| Јегуновце | 16:57 | 17:06 | 17:15 | 17:24 |
| Росоман | 16:55 | 17:04 | 17:12 | 17:21 |
| Гевгелија | 16:54 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Свети Николе | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:21 |
| Делчево | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:17 |
| Валандово | 16:53 | 17:02 | 17:10 | 17:19 |
| Охрид | 17:00 | 17:09 | 17:18 | 17:26 |
| Радовиш | 16:53 | 17:02 | 17:10 | 17:19 |
| Прилеп | 16:57 | 17:06 | 17:14 | 17:23 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | **6.** | **13.** | **20.** | **27.** |
| **Виница** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |
| **Колешино** | **17:26** | **17:34** | **17:41** | **17:49** |
| **Стар Дојран** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Куманово** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:54** |
| **Неготино** | **17:29** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Струмица** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Кочани** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** |
| **Велес** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:53** |
| **Кавадарци** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:52** |
| **Дебар** | **17:35** | **17:43** | **17:51** | **17:58** |
| **Скопје** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:55** |
| **Битола** | **17:32** | **17:40** | **17:47** | **17:55** |
| **Кичево** | **17:33** | **17:41** | **17:49** | **17:56** |
| **Лаки** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Чифлик** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:51** |
| **Штип** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Тетово** | **17:33** | **17:41** | **17:49** | **17:57** |
| **Јегуновце** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:56** |
| **Росоман** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Гевгелија** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |
| **Свети Николе** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Делчево** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Валандово** | **17:27** | **17:35** | **17:42** | **17:50** |
| **Охрид** | **17:34** | **17:42** | **17:49** | **17:57** |
| **Радовиш** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |
| **Прилеп** | **17:31** | **17:39** | **17:46** | **17:54** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).